# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 31 мај 2004 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љупчо Јордановкси, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господо пратеници,

Ја отворам Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Кенан Хасипи, Трифун Костовски, Зоран Шапуриќ, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Есад Рахиќ, Слободан Чашуле и Теута Арифи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека на седницата се присутни мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија и членовите на Владата на Република Македонија. Мандаторот и предложените кандидати за состав на Владата на Република Македонија.

Предлагам Предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставм на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 65 пратеници, 55 гласале за предлогот, 1 воздржам, против нема.

Во салата се присутни 69 пратеници.

Констатирам  дека Предлогот е усвоен.

За седницата го предлагам следниот дневен ред.

1. Избор на Влада на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници, 60 гласале за, 3 воздржани и против нема.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на Првата точка од дневниот ред - **Избор на Влада на Република Македонија.**

Предлогот за состав на Владата и Програмата Ви се доставени.

Експозе по повод изборот на Владата и за основните елементи на Програмата на Владата ќе поднесе мандаторот, г-динот Хари Костов.

Го повикувам г-динот Хари Костов даземе збор.

ХАРИ КОСТОВ:

Почитуван претседателе на Собраието на Република Македонија, почитуван претседателе на Република Македонија, почитувани пратеници,

Денес пред вас се наоѓа Предлогот за избор на Владата на Република Македонија и основите на Програмата за работа на Владата во преостанатиот период од нејзиниот законски утврден мандат. Изборот на оваа Влада се случува во еден специфичен период за Република Македонија. Имено поради авионската несреќа и трагичната смрт на претседателот Борис Трајковски во државата се одржаа предвремени претседателски избори, во кои граѓаните на Република Македонија избраа нов перетседател на државата, досегашниот Премиер, што по автоматизам повлече и оставка на досегашната Влада и потреба  предлагање и избор на нова Влада на Република Македонија.

Како што можете да видите и од самиот предлог во составот на Владата не се предвидуваат некои поголеми промени. Всушност, освен мантаторот и предлгот за нов Претседател на Владата на Република Македонија и новиот Министер за внатрешни работи, други измени и нема. И покрај тоа што во јавноста можеби постоеја и поинакви оценки и очекувања, би сакал да ја искористам оваа можност накратко да го образложам ваквиот предлог. Причините се:

Прво, и покрај тоа што можеби единствено идниот претседател на Владата е без книшка за соодветна партиска припадност, сепак Владата на Република Македонија е политичка Влада составена од министри , претставници на определени политички партии кои ја сочинуваат Владината коалиција. Заради настанатата состојба во Република Македонија после трагичната смрт на Претседателто Борис Трајковски и вонредните претседателски избори и мој став и став на политичките партии кои ја сочинуваат Владината коалиција и со кои извршив соодветни консултации, беше дека Република Македонија изгуби значително време во спроведувањето на активностите за реализација на стратешките приоритети и дека токму за тоа треба што поскоро да се заврши процесот на конституирање на Владата на Република Македонија, како би можела таа да се врати на извршувањето на своите секојдневни обврски со полн капацитет и легитимитет. Отворањето на прашањето за евентуални кадровски промени во Владата на Република Македонија во овој момент, ќе значеше и потреба од дополнителни консултации со политичките партии кои ја сочинуваат Владата, дополнителни преговори и можни ресорски и кадровски комбинаторики, а на крајот и губење на драгоцено време во функционирањето на Владата, време кое Република Македонија едноставно го нема на претек.

Второ и покрај можеби присутните поинакви оцени, сепак мислам дека постојниот кадровски состав на Владата на Република Македонија во изминатата еднаипол година од своето функционирање покажа во основа задоволителни резултати, особено ако се имаат предвид наследените состојби во парламентарнит еизбори во 2002 година. И верувајте, ова не го зборував само заради тоа што и јас учествував во досегашниот состав на Владата, како министер за внатрешни работи, туку заради тоа што навистина мислам дека објективните оценки треба да бидат во таа насока. Впрочем, зарем некој може да оспори дека од еден период во кој Република Македонија се наоѓаше на работ на една по широка граѓанска војна, со опасност од уште поголеми разрушувања и уште поголем број жртви, се врати на еден, би рекол нормален колосек во кој повеќе кај граѓаните не е основната загриженост за тоа дали Македонија ќе опстане како самостојна, суверена, мултиетничка и безбедна држава, туку нивната основна грижа е економскиот просперитет, вработувањето, животниот стандард и намалувањето на

сиромаштијата. Во Република Македонија веќе носителите на власта и на јавните функции не се во исто време и носители на појавите на организираниот криминал и корупција, туку напротив низ соодветни постапки тие ја сносат својата лична одговорност и се санкционираат. Во Република Македонија пвоеќе не се измислуваат некакви “филмови” како да и се “доближиме” на Меѓународната заедница, туку напротив со промените кои се случија и се случуваат во државата, Република Македонија се повеќе се посочува како пример на успешно надминвуање на конфликните состојби и изградба на мултиетничко општество и се поддржува во нејзината реформска ориентација која во догледно време и со завршување на домашните задачи, секако дека ќе доведе до исполнувањето на нејзините анбиции да стане земја членка на Евроатланското семејство.

Впрочем, иако, ако така можам да кажам на “домашен терен”, постои определено незадоволство, апатија, очекување на спектакуларни краткорочни резултати кои можеби произлегуваат и од големите очекувања од парламентарнит еизбори во 2002 година и од некои лесно искажани предизборни ветувања, сепак факт е дека реформските процеси и активности во изминатиот период од мандатот на Владата на Република Македонија добиваат позитивни меѓународни оценки. Оценките од последните извештаи на Европската Унија, на НАРО, на Стате Департмент-от, па дури и на Амнестс Интернатионал и на Фреедом Хоусе, зборуваат дека во Република Македонија состојбите се подобруваат, дека реформските процеси се одвиваат во правилна насока, но дека истовремено ни престојат уште многу обврски и задачи кои треба да ги завршиме на патот кон евро-атланските интеграции.

Заради претходно изнесеното, јас верувам дека предложениот кадровски состав на Владата на Република Македонија може да продолжи на реформски пат, со уште поголем ентузијазам и работливост. Предлагање на скоро идентичен состав на Владата, не значи дека занемаруваме и некои оправдани критики за некои сегменти од достгашното работење на Владата. Напротив. Но сепак пред секој од нас, почнувајќи од Претседателот на Владата и секој поединечен министер, е пред се личната одговорност за своето работење. Можам да ви ветам законско, чесно и поштено, одговорно и транспарентно работење на секој член на Владата, а секој кој што неможе да се препознае во овие критериуми , подобро и да не се нафаќа на функцијата за која што е

предложен. Вмешаноста во афери и скандали, компромитацијата на министрите и нивните заменици, повлекува со себе оставки и разрешувања. Владата ќе работи јавно, нема да има тајни договори, ќе нема тајни мисии, ќе нема задржување на лошите и непријатни вести, ќе нема лажни надежи и ветувања. Владата нема да биде дежурен пожарникар, кој со палијативни и волунтаристички одлуки ќе гасне дневни пожари. Но, нема ниту да се затвори во канцеларии затрупани со хартии, оптоварени со чиновнички менталитет. Претседателот и министрите нема да бидат заробеници само на подготовки на закони и информации, бидејќи само на тој начин не се решаваат работите во државата. Владата ќе работи креативно, ќе продолжи да гради амбиент и реформски курс и нема да се стеснува да бара поддршка за решавање на проблемите кои самата не ќе може да ги реши.

Затоа, почитувани пратеници, јас денес пред Вас ја барам и Вашата поддршка и Вашата доверба во составот на Владата кој што ви го предлагам.

Почиитувани пратеници,

Би сакал накратко да се задржам на едно прашање кое можеби не е доволно акцентирано во Програмата за работа што ја доставив до Собранието на Република Македонија, но без чие правилно решавање, негување и јакнење, не можеме да зборуваме за мир, стабилност и безбедност во Република Македонија, не можеме да зборуваме за владеење на правото, за економски развој, вработување, намалување на сиромаштијата, не можеме да зборуваме за европски перспективи. Тоа е прашањето на меѓуетничките односи.

Сметам дека само јакнењето и унапредувањето на меѓуетничките односи, на меѓуетничката доверба и вистинскиот и траен соживот, етничката и религиската толеранција и почитувањето на човековите права и слободи се вистинскиот пат кон траен мир и политичка стабилност. Со Охридскиот рамковен договор, со неговите основни принципи и права и обврски, со Уставните амандмани и законските решенија кои од него произлегоа, тој пат е трасиран. Само по тој пат, целосно и безусловно се отфрла употребата на насилство за остварување на политички цели и се промовираат мирни политички решенија, само по тој пат се гарантира неповредливоста и сочувувањето на суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија и нејзиниот

унитарен карактер и непостоењето на територијални решенија за етничките прашања само по тој пат мултиетничкиот карактер на македонското општество ќе се сочува и ќе најде свој одраз во јавниот живот. И, на крајот, како што многу пати беше укажано до сега, само тој пат е патот кон евроатланските интеграции. Сеуште присутните идеи кај некои промотори за поделба на Република Македонија, за градење на ѕидови, за размена на територии и население, не само што нема да не водат на патот кон Европа, туку ќе не остави како “последно гето” на Балканот, кое што никој нема да го сака во свое друштво.

Сметам дека најголемиот дел од овој пат трасиран со Охридскиот рамковен договор, уставните амандмани и законските прописи кои од него произлегоа, веќе го изодевме. Минатата недела, на една од многубројните средби што досега ги имав со роднините на киднапираните и исчезнатите лица од 2001 година, кога беа презентирани некои од последните сознанија и фотодокументација, еден од роднините од албанско етничко потекло, ми рече (ако можам да парафразирам): “Министре, ние веруваме во Вас, веруваме во напорите на Министрерството за внатрешни работи, веруваме дека институциите на системот ќе направат се што е во нивна моќ да се обезбедат соодветни информации и докази за судбината на нашите најблиски и затоа сме спремни на секаква соработка што тие институции ќе ја побараат од нас.” Ваквите изјави, почитувани пратеници и довербата која се гради кон институциите на системот, и тоа токму кон тие институции кои во 2001 година беа предмет на најжестоки напади, се доказ дека сме на вистинскиот пат. Но, тој пат треба и да го завршиме, да го одржуваме.

Почитувани пратеници,

Дозволете ми во продолжение накратко да се осврнам на некои приоритетни цели и активности на Владата на Република Македонија во наредиот период. Тие се содржани и во Програмата што ја доставив до Собранието на Република Македонија, но би сакал да ја искористам оваа прилика накратко да ги елаборирам и заради пошироката јавност и заради граѓаните на Република Македонија. Притоа, како што веќе истакнав, тие треба да се разлгедуваат како континуитет и комплементарни со приоритените цели и предвидените мерки и активности содржани во Програмата за работа на Владата на Република Македонија од 2002 до 2006 година. Исто така, сакам да нагласам дека

редоследното подредување на приоритетните цели и активности не значи и нивно рангирање според важноста, туку, токму напротив, на нив повеќе треба да се гледа како на меѓусебно заеднички поврзани цели и активности, чие остварување ќе води и кон остварување на главната стратешка цел, а тоа е идното членство на Република Македонија во Европската Унија НАТО.

Почитувани пратеници,

Заради состојбите за кои понапред говорев, Владата на Република Македонија ќе ги превземе сите потребни мерки и активности за целосно и доследно исполнување и довршување на сите права и обврски од Уставните амандмани и законските прописи кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор. Под тоа, го подразбирам процесот на децентрализација, процесот на соодветна и правична застапеност, употребата на јазиците, употребата на симболите за изразување на идентитетот со почитување на меѓународните правила и стандарди, довршување на процесот на враќање на внатрешно раселените лица со почитување на принципот на доброволност и др. Притоа, ќе се превземат такви практични мерки и активности кои ќе придонесат Уставните амандмани и законските прописи да не се сведуваат само “на хартија”, туку да имаат и свое практично оживотворување и примена во секојдневниот живот.

Набргу по конституирањето на Владата во текот на месец јуни, до Собранието на Република Македонија ќе биде доставен за конечно усвојување Законот за територијалната организација на општините во Република Македонија и пакетот дополнителни закони со кои се регулира процесот на децентрализација и финансирање на новите функции на локалната самоуправа во државата, а кои треба да придонесат за остварување и приближување на власта кон граѓаните и кон нивните секојдневни потреби. И покрај определени спротивставени дискусии кои се одвиваа во јавноста, во локални рамки, па и во самото Собрание на Република Македонија, сепак неспорен е фактот дека досегашната територијална организација на општините во државата, со преголемиот број општини и начинот на нивното финансирање, неможе да опстане. Впрочем, токму заради нивната финансиска немоќ, во праксата се почести се случаите да ни се јавуваат се поголем број општини кои неможат да ги извршуваат ниту своите основни досегашни функции, односно т.н. “банкротирани општини”.

Почитувани пратеници, неефикасните и долги судски постапки се очигледен факт со кој се согласуваат и граѓаните на Република Македонија, самите вработени во судството, правните експерти, адвокатите, стопанствениците, банките и другите институции. Впрочем, најголемиот број забелешки од меѓународните институции во изминатиот период се однесуваат токму на функционирањето на правосудниот систем во државата, неговата спорост и неефикасност, и потребата од негово темелно и итно реформирање. Секако дека еден од основните проблеми се токму некои решенија од постојната законска регулатива, која придонесува за долготрајни и неефикасни судски постапки.

Затоа, Владата на Република Македонија, најдоцна за три месеци од своите конституирање, ќе изготви соодветна стратегија за реформи во судството. При подготвување на стратегијата ќе се користат досегашното искуство и знаење на државната администрација, на самите судии, правните експерти, но и соодветна експерткс и техничка помош од меѓународната заедница. Стратегијата за реформи ќе ги опфати и прашањата за организационата поставеност и надлежност на судовите, начинот на изборот на судската власт кој треба да обезбеди поголема самостојност, независност и намалување на политичкото влијание врз судството, прашањето на доставата и промени во законската регулатива која треба да доведе до брзи и ефикасни судски постапки и до владеење на правото на законите во Република Македонија.

Владата на Република Македонија ќе ги предложи и ќе ги интензивира активностите во борбата против организираниот криминал и корупцијата, коисеуште претставуваат значителен проблем во државата. Иако на почетокот на оваа перманента активност на Владата на Република Македонија пред една и пол година, можеби имаше определени сомневања и поплаки за наводна селективност и кампањски пристап, сепак мислам покажавме дека тоа не е случајно. Доколку навистина се работеше за “селективност” и наводен “партиски реваншизам”, а не за покренати обвиненија со валидни докази и аргументи, тогаш како наеднаш ни се случува во судските постапки некои од носителите на значајни јавни функции сега да се бранат единствено со молчење, а не со контрааргументи и докази, зашто често се случува недоаѓање или одлагање на судски рочишта, зашто ни се случуваат “храбри” пребегнувања од

Република Македонија, или зошто пак определени лица кои во време на своето министерување одлично разбираа и се служеа со македонскиот јазик, сега едноставно целосно го заборавија и ништо не разбираат. Истовремено, Владата на Република Македонија ќе работи и на подигнувањето на општествената свест и свеста на секој поединечен граѓанин за штетните последици од корупцијата и за изградба на морален систем на вредности, во кој корупцијата ќе биде високоризична и неисплатлива активност. Притоа, од посебно значење е и соработката на граѓаните, медиумите и јавноста со надлежните државни институции во спречувањето, откривањето и санкционирањето на корупцијата и елиминирање на досегашната пракса, воглавно само на јавно озборување за појавите на корупција, но истворемено и недоволна практична соработка со надлежните државни органи.

Почитувани пратеници,

Во делот на економските реформи, Владата на Република Македонија ќе настојува се повеќе да го промовира и зајакнува амбиентот на пазарниот начин на стопанисување и намалување на државниот интервенционизам. Со своето работење и со своите мерки Владата на Република Македонија ќе настојува да ја сведе својата улога на таа што навистина и припаѓа на државата во пазарна економија, а тоа е да ги регулира општите услови за стопанисување и да создаде позитивен макроекономски амбиент, еднакви за сите учесници на пазарот. Во оваа прилика, би сакал да го цитирам мислењето на еден млад професор по економски науки, чие мислење и работа особено ги ценам. Во една своја колумна, опишувајќи ја улогата и местото на Владата во пазарно стопанство, тој напиша: “Во Република Македонија сеуште имаме сосема погрешно мислење за улогата и местото на Владата во стопанството”. Во пазарните стопанства, кон кои и ние тежнееме, улогата на државата се сведува само на регулирање на општите услови за стопанисување. За жал, кај нас сеуште се очекува Владата да биде таа и која произведува, и која купува и продава, и која известува. Време е да сфатиме дека улогата на Владата во стопанствто, е еднаква на онаа улога која Фудбалската федерација на Македонија ја има во фудбалот во Македонија, а тоа е дека ФФМ само ги пропишува правилата на игра и организацијата на шампионатот, а на теренот играат фудбалскит клубови, а не ФФМ. Аналогно на тоа и државата само треба да ги пропишува општите

услови за стопанисување, а конкретната стопанска активност треба да ја реализираат самите претпријатија.

Во една ваква политика која ќе настојува да ја спроведува Владата приватниот сектор ќе треа да биде тој кој што се' повеќе ќе ја превземе улогата на основниот носител на развојот и динамизирање на стопанската активност, освојувањето на нови пазари, извозот, вработувањето, подигање на животниот стандард и намалување на сиромаштијата, а не како што беше досегашната пракса голем дел од стопанската активност на самите претпријатија да зависи од обемот на јавните работи и јавните набавки на државата. Затоа во иднина кога пред Владата ќе се собираат и протестираат на пример, млекопроизводителите, нека се сетат дека Владата не е таа која купува и продава млеко, туку дека тоа треба да го правата претпријатија преработувачи на млеко за потребите на домашниот и странскиот пазар. Исто така, кога се собираат и протестираат вработени од фирми загубари барајќи неисплатени плати, со оправдување дека “тие можат добро и профитабилно да работат само да им пуштат струја и вода која цела годиан не ја платиле”, нека се сетат дека Владата не исплаќа неисплатени плати и не плаќа струја и вода за други, туку дека самите претпријатија ќе работат успешно и профитабилно само доколку нивниот приход ги покрива и платите и водата и струјата.

Во рамките на ваквите определби, Владата ќе настојува да го намали учеството на јавната потрошувачка во општествениот производ, да обезбеди натамошно растоварување на стопанството, со што на приватниот сектор би му останале повеќе средства за финансирање на сопствениот развој и за развојот на државата во целина.

Владата е свесна дека невработеноста и сиромаштијата се најголемите проблеми на граѓаните на Република Македонија. На сите ни е совршено јасно дека без богати граѓани нема богата држава, или поточно со сиромашни граѓани ќе имаме сиромашна држава. А каде што има сиромаштија, нема демократија, нема економија, нема развој, таму важат елементарните правила на природата - борба за опстанок. Во сиромашни држави цветаат организираниот криминал, корупцијата, сивата економија. Затоа, еден од приоритетите на државата ќе биде и подобрување на живеењето на нејзините граѓани. Тоа не успеавме да го оствариме во болната и мачна транзиција, која сите се согласуваме предолго трае. Сепак, спектакуларни резултати неможе да се очекуваат на

краток рок. Предуслов за позитивни резултати во овој момент се спроведувњето на неопходните структурни реформи, кои досега многу често се одложуваа. Од тие причини, Владата на Република Македонија ќе настојува да склучи подолгорочен аранжман со меѓународните финансиски институции, во кој приоритет нема да биде сасмо одржувањето на макроекономската стабилност, ниското ниво на инфлација и стабилниот девезен курс на денарот, туку и спроведувањето на неопходните структурни реформи во стопанството на Република Македонија.

Препознатливите општи услови за стопанисување, макроекономската стабилност, натамошното подобрување на политичко безбедносната состојба на државата, владеењето на правото и гарантирањето на сопственичките права, заедно со промоцијата на можностите за инвестирање во Република Македонија, ќе создадат и поповолни услови за привлекување на реномирани странски инвеститори во државата.

Почитувани пратеници,

Како што истакнав и претходно, само истовремено работење на остварувањето на претходно изнесените приоритетни цели, ќе не водат кон приближување и остварување на главната стратешка цел на Република Македонија - нејзиното идно итегрирање во Европската унија и НАТО. Прифаќањето на апликацијата на Република Македонија за членство во Европската унија и нејзиното проследување во процедура на надлежните тела на Унијата е позитивен чекор и соодвезтно признание за работењето на Владата на Република Македонија  во изминатиот период од својот мандат.

Владата ќе понуди квалитетен и компетентен одговор на сите прашања кои ќе ги добиеме од Европската унија. Сите механизми на Владата и на државата ќе мора уште поагилно да се покренат за да се даде вистински прецизен и реален одговор на неколку илјади прашања, од чија оценка ќе зависи дали Република Македонија ќе го добие статусот на земја кандидат за членство во Унијата.

Владата на Република Македонија ќе заврши со подготовката на Националната стратегија за членство во Европската унија, но истовремено ќе се ангажира и за подготовка на стратешки планови и политики кои ќе треба дас се активираат истиот ден откако ќе го добиеме статусот на земји кандидат за членство во Унијата. Изградбата на таа стратегија и политики ќе биде најсериозната и најзначајната работа што треба да ја

завршиме пред периодот на почетокот на прилагодувањето кон Европската унија. За таа цел ќе го користиме целокупниот домашен потенцијал, но и искуството и експерти од земји кои станаа членки на Унијата или пак се поблиску од нас до неа. Сосема е сигурно дека повеќе влади и институции ќе работат врз нивната реализација во периодот на прилагудување, кој може са трае 10 - 15 години, или само 5 - 6 години, или пак никогаш да не заврши. Се зависи од нас, од нашата подготвеност да бидеме ефикасни и да го одработиме тоа што пред нас го направиле повеќе земји канидати за членство, а сега веќе редовни партнери и рамноправни членки на Европската унија.

Доколку оваа Влада успее да ги зацрта темелните правци, тогаш сите други влади кои ќе дојдат по нас, без оглед на која политичка определба припаѓаат, ќе може да ја остварат стратешката цел на Република Македонија. Тоа значи дека заслугите за влез во Европската унија и НАТО, не припаѓаат на една влада, на една партија, на една политичка ориентација туку за тоа одамна е постигнат консензус. Успесите во тој правец ќе припаѓаат подеднакво на сите граѓани на Република Македонија.

Почитувани пратеници,

Република Македонија географски и политички припаѓа на Европа. Тоа е факт. Како што е голема вистина и фактот дека економски заостануваме повеќе децении и дека членството во Европската унија не е подарок. Тоа треба да се обработи. Пред нас е долг и напорен пат, на кој најголем дел од активностите се всушност “домашна задача” на Владата на Република Македонија, но и на стопанските субјекти и на секој граѓанин на државата, на јавноста, на медиумите, за создавање на нова европска свест која ќе ги разбере сите предности од членството во Унијата и зошто е важно да се биде дел од европското семејство, но истовремено ќе ги разбере и сите обврски и одговорности кои произлегуваат од тоа членство, а кои не се мали.

Дозволете ми, почитувани пратеници, на крајот да завршам со цитат на еден познат светски политичар и државник. Во една прилика, пред неколку децении, во својот пригоден говор истакна: “Не прашувајте само што може државата да направи за Вас. Прашајте се што можете Вие да направите за Вашата држава”.

Граѓаните на Република Македонија многу пати досега многу направија за својата држава. Но јас верувам дека и во наредниот период, на тешкиот и напорен пат на

Република Македонија кон евроатланските интеграции, нема да го заборават и често ќе си го поставуваат тоа прашање.

Благодарам.

(Аплауз).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Коце Трајановски, барате стенографски белешки?

Повелете, имате збор процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Не прејудицирајте друг пат што барам збор процедурално, мислам дека не е в ред. Можеби нешто друго ќе побарам.

Мислам дека после вака емотивен говор редно е или ние како пратеничка група бараме да се симне стенограмот и откако ќе го добиеме еден час пауза за да го разгледаме, бидејќи имаше многу работи кои се навистина интересни.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Еден час пауза и молам стенограмот да се симне.

(Пауза од 10,35 до 11,50 часот).

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Илија Србиновски, а нека се подготви пратеникот Љубисав Иванов Ѕинго.

Бидејќи пратеникот Србиновски не е тука, повелете господине Иванов, а по него е господинот Марјан Ѓорчев.

Само да ве известам дека паузата за ручек ќе биде од 14,00 до 15,00 часот.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Почитуван претседателе, другарки и другари, почитувани министри, почитуван претседател на идната Влада,

Некако гледам нема еуфорија, нема радост, не гледам насмевки, расположение. Што е оваа работа? Избирањето на Владата секој пат е празник за секоја држава, за секој Парламент. Навистина сакам да создадам една опуштена атмосфера тука.

Би почнал од онаму каде што кажа идниот претседател: да се извинам, рече, дека немам партиска книшка. Вината е на Социјалистичката партија. Тоа е најстарата партија во државата, повеќе од 100 години. Ја создале големи великани, како што се Гоце Делчев, Даме Груев и да не ги набројувам, тоа е една плејада на луѓе. Еве, и јас сум таму. Социјалистичката партија во овој изминат период даде доста министри, заменици министри, помошници, имавме гувернер на Народната банка, кој 7 години беше гувернер, кој ја сотре инфлацијата во државата и ја сведе на подносливи проценти, од 2 до 3%, го стабилизира девизниот курс на денарот и го оформи банкарскиот систем. Еве, како што гледате, ние имаме кадри и за во Владата, а и ако погледнете пошироко сите министри потекнуваат од Социјалистичкиот сојуз. Според тоа, тоа е гаранција дека ќе имаме квалитетна Влада, ама доколку ја спроведува програмата на Социјалистичката партија, а јас сум убеден дека тоа ќе го прави.

Другарки и другари,

Толку малку за да се отпуштите и да ве видам насмеани.

Ние сме трета генерација во оваа даржава. Првата генерација беше онаа која херојски се бореше да ја создаде државата. Храбро, неприкосновено, револуционарна, напредна и многу од таа генерација ги дадоа своите животи. Втората генерација беше таа која ја градеше оваа држава, која ги постави правните темели на државата, која изгради огромна инфраструктура, која така речи ќе ги преобрази нашите градови, се дигнаа огромни градови со едно ново руво, ја изгради индустријата, земјоделството, туризмот, градежништвото, целокупната економија во државата. И ние како трета генерација, за жал, сме генерација на кризи, на длабоки кризи во кои ја доведовме таа истата држава, економска, финансиска, социјална, општествена, политичка криза. Затоа сме должни како генерација, и оваа Влада која е производ на таа генерација, да ги промени негативните текови во државта и тоа упорно, мудро, креативно, чесно и доследно.

Уште на почетокот ќе кажам дека на нас малку ни се подотворија вратите кон Европската Унија. Меѓутоа, оваа Влада не треба да лицитира, те ќе влеземе за 5 години, те за 10, те за 15 години. Оваа Влада треба да ја направи климата не која година ќе влеземе, туку да работиме. Многу да работиме, тешко и упорно да работиме. Ние не треба да ги очекуваме прашањата, две, три, три и пол, четири илјади кои ќе дојдат, туку тие прашања се познати. Ако бидат три илјади, две и пол илјади се познати, петсто можеби ќе бидат нови. Ние не треба да ги очекуваме нив, туку треба во пресрет на нив да ги разрешуваме проблемите и прашањата да ги примат позитивниот тек и позитивните решенија. Решението на тие прашања, крајните резултати се кај нас, кај нас граѓаните на Македонија. Оваа Влада, знаејќи ги тие прашања, не треба да чека туку веднаш треба да пристапи кон нивните финални разрешувања. Тие прашања беа истите за една Словенија и за една Хрватска и за една Словачка и не знам уште за кои држави, кои сега влегоа како десет држави во Европската унија, и само ако ги достигнеме квалитетите кои ги бара Европската унија на сите овие планови кои ја предизвикаа оваа длабока и долга криза, тогаш не треба ние да вршиме притисок да не примат во Европската унија, таа ќе не покани.

Според тоа, на оваа Влада сега и претстои една жестока битка по оние елементи и по оние прашања каде практично не го положивме испитот. Ако е отворена борбата против криминалот, таа мора да се заврши и тоа многу енергично. Тука треба да им дадеме поддршка на оние министри кои веќе ја започнаа таа војна. Криминалот е многу организиран. Тој е многу жилав, не само кај нас, туку во целата наша околина што не опкружува. Тој е моќен, тој има и финансиска и политичка и секаква сила. Според тоа, за таа битка треба голем консензус.

Јас зборував пред две години за дванаесет точки по кои треба да се направи консензус. Сега кога аплицираме во Европската унија и кога министрите ги отворија вратите, веднаш ни рекоа дека треба и позицијата и опозицијата по овие главни прашања да има консензус и јас потполно се согласувам дотолку повеќе што десет години за тоа зборувам. Според тоа, исти се нашите интереси, дали сме позиција или опозиција, интересите наши се да ја извлечеме Македонија од оваа длабока криза во која се

наоѓаме. Нема друг интерес. Државата мораме да ја спасиме и да ја дигнеме таа држава која што ја имаме.

Ако судството не ни е како што треба, за тоа сме ние виновни тука, ние го партизиравме судството. Ние направивме такви решенија во кои судовите и судството е зависно од оној кој што е на власт. Сега мора искрено и отворено - и со внимание го слушав идниот претседател кој на тој проблем му дава големо значење - мораме да избереме решенија такви кои ги избрал светот, а единствено се спротивставував кога го донесувавме Уставот, да немаме Републички судски совет кој секој пат ќе биде партизиран и кој ќе го упропасти судството. И се покажа тоа. Според тоа, сега решенијата мора да бидат да имаме такви тела - од секогаш сум мислел дека та треба да биде еснафот во судството - такви решенија кои ќе го исклучат влијанието на партиите кои се на власт. Денес сте вие, утре сум јас, задутре некој друг ќе биде и ако продолжиме така со таа традиција која ја имавме, практично сами себе ќе се давиме, сами себе ќе се залажуваме. Ама како што гледате, веќе му дојде крај на една таква состојба. Според тоа, кога ќе се градат таквите решенија, а мора многу брзо тоа да го направиме, тогаш треба да вградиме решенија кои се ефикасни и кои навистина ќе го направат тоа судство потполно независно. Тоа е наш голем проблем.

Трета работа кои стои пред оваа Влада, по мое длабоко убедување е прашањето на името. Не може некој субјект да постои а да нема име и презиме. Тука мислам дека Министерството за надворешни работи ќе треба да вложи поголеми напори, не ние да седиме на некои преговори таму во Обединетите нации, да се троши време итн, туку треба да преминеме во една офанзива. Повеќе од 100 држави не признаа со нашето уставно име, треба да продолжиме уште стотина да не признаат така, или уште колку има членки на Обединетите нации. А тоа можеме да го направиме. Ние како да не се бориме за една таква состојба. Како да застанавме во еден период, како да мирувавме, како да не работевме на тој проблем.

Според тоа, тоа може да биде една од причините да имаме тешкотии во влегувањето во Европската унија, а сега веќе зависи решението од нас. Светот веќе не поддржува во тој поглед. Најмногу што и ние ја направивме големата грешка кога беше приемот во Обединетите нации со некоја додавка, што е недозволено тоа да го направат

Обединетите нации, затоа што 1948 година Меѓународниот суд има донесено одлука да не се условува ниедна држава со некоја додавка или други услови и дека мора да се прими онака како што сака државата. Ние тогаш тоа не го знаевме. Не сакам да зборувам зошто тоа не го знаевме, кој е виновен и зошто, тоа го испуштивме итн, и од тоа нема никаква корист, меѓутоа, треба експертите по меѓународно право, Министерството за надворешни работи да се ангажира и ние мораме на тој проблем да му ставиме крај, особено имајќи предвид дека и самата Грција е свесна дека таквата состојба правно е нехумана, нечовечно итн, која таа ја бара.

Петта работа: ние мора да ја решиме границата со Косово и тоа многу брзо. Тука мора да се вклучат и албанските партии, особено оние кои се во Владата и мене многу ме охрабри изјавата на министерот за одбрана Влада Бучковски пред некој ден и треба да го разрешиме тоа прашање, кое исто прашање ќе го добиеме од Европската унија.

Сега најголемиот проблем и единствениот проблем кој ги решава сите проблеми, тоа е нашата економска состојба. Сите овие проблеми можат многу брзо да се разрешат, особено оние проблеми каде постои добра волја и каде ние како Парламент треба да учествуваме, тие може брзо да се разрешат. Проблемот на економијата е многу сложен, многу ни забега тој проблем, навлеговме во длабока криза. Тука Владата, имајќи предвид дека доаѓа и човек кој е од сферата на финансиите, треба да ги насочи своите најголеми напори. Кој е проблемот воопшто во економијата. Големиот пад на производството, огромното затворање на индустриски капацитети, уништеното земјоделство, големите проблеми со невработеноста, бедата, сиромаштијата. Во една таква ситуација, добро што го кажа идниот претседател на нашата Влада дека Владата се повеќе ќе ги отвори условите на пазарна економија и дека се помалку ќе се меша Владата во стопанството. Тоа би било се вред кога ние би имале веќе организирано стопанство. Меѓутоа, Владата денес е и главен налогодавец и главен финансиер. Единствено каде што има пари, тоа е во Владата. Единствено каде што се полни нешто, тоа е буџетот. Се исцрпува економијата на тој начин и во фирмите, со исклучок на неколку кои имаат монопол, фирмите кои се бават со производство немаат пари, исцрпени се. Огромни се оптоварувањата. Ако најгоречкиот проблем е во невработеноста и ако е проблемот најголем затоа што имаме голема сиромаштија и беда, тогаш веднаш треба да

направиме програми како тоа да го решаваме, како тоа да го решаваме краткорочно. Треба да имаме долгорочни програми, но како тоа да го решаваме краткорочно.

Значи, да ги ублажиме состојбите. Во кои области, на пример можеме ние да вработиме доста луѓе. Тоа е земјоделието кое сега е отворено за вработување на многу луѓе и за отворање на работни места и за производство на производи што можат да се пласираат на домашниот пазар и да одат надвор и тоа е лесната индустрија за која што зборувам неколку години. Земјоделието било и ќе остане број 1 за секоја нација што има можности да го развива. Првата револуција Америка ја направи во земјоделието, втората во индустријата. Земјите за кои што зборуваме од далечниот исток прво го решија прашањето на храната и го развија земјоделието комплетно со сите дејности, гранки и услови што ги дава. Другарки и другари, не случајно поставив повеќе прашања. Имаме ли ние стратегија во земјоделието. Не случајно сакав да ја поттикнам Владата и Министерстсвото да изгради општа стратегија во земјоделието, а потоа стратегија и за поедини регионална стератегија, реонска стратегија, стратегија за решавање на наводнувањето. Во општата стратегија треба да се покаже што е најважно стратешки да се развива. Каде се нашите големи можности? Можеме ли ние да го запреме овој огромен увоз на прехранбени производи. Преку 90% нашите супер маркети, маркети, продавници итн., се покриени со увозна стока и тоа за жал со неквалитетна увозна стока, и така Македонија со таква стока стана контејнер на развиениот свет, станавме место каде што доаѓа отпадот. А од друга страна извонредни природни услови за природна храна, за квалитетна храна, огромни простори незагадени итн., еколошки чисти. Јас знам, немојте да мислите дека незнам дека земјоделието во подолга стратегиска гледна точка не може да биде место каде што ние можеме да ја решавамем таа невработеност, ама во овој степен на развиеност, во овие односи на производни сили, тоа е голема наша шанса и можност, а ние и денот кога потполно ќе ги автоматизираме процесите во производството, во примарното, во секундарното производство, во агро индустријата итн., тогаш ќе можеме тој дел од вработени да го извлекуваме да оди во индустријата, да оди во другите делови кои се многу попродуктивни, а земјоделието ќе работи со 4 или 5% од населението ама ќе биде високо модернизирана и автоматизирано. Ако втората

област во која што имаме ние шанси голем број луѓе да вработиме, тоа ако е лесната индустрија, па ние треба да пристапиме сега тука кон разрешување на сите проблеми кои го оневозможуваат развојот на таа индустрија. Тоа е производството на текстилот, чевларската индустрија, намештај итн. Ние од индустријата за намештај, практично се што имавме и големи капацитети и средни и мали, се се затворија. Текстилната индустрија ја имаме само на оној дел што значи лон работи, а таа сеуште во светот не е автоматизирана и не е доведена до тој степен да може да се произведува во високоразвиените земји поради високите лични доходи. И тука треба со ред мерки, тука треба да одигра улога и Министерството за финансии кое што голем дел од таа индустирја треба да ја ослободи од многу придонеси, од многу давачки итн., за да ја зголемиме моќта на таа индустрија и за да се зголемат и личните доходи. А исто така да обезбедиме, за тоа ќе зборувам малку повеќе, да обезбедиме квалитетни средства за инвестирање и огромните празни хали и огромната неквалификувана работна сила да ја ангажираме во таа индустрија. Дотолку повеќе побрзо таму треба да дејствуваме, затоа што Кина веќе влегува од Нова година во Светската трговска организација со текстилот и ќе има голема конкуренција. Според тоа, зошто ние да не направиме такви решенија за година дена и нешто повеќе преку 100 илјади луѓе да не ангажираме и вработиме. Тука треба само практични потези, практични решенија и треба да се сака, да се сака, да се знае, да се умее и да се вклучи умот. Ние се претворивме во некои кавги, расправии, докажувања итн., а не работиме на тие решенија. Напоредно со тоа ние треба да ја развиваме и останатата дејност и да развиваме високи технологии и да спречуваме од надвор да ни оневозможуваат да ги развиваме тие високи технологии. Ние мораме да го ставиме на прв план нашиот интерес, се да подредиме на нашите економски интереси како што тоа го подредил светот. И сите војни и некогаш и сега, се е во интерес, економски интерес и на големите сили и помалите сили итн. Според тоа, ние мораме да го наметнеме прашањето на економијата број 1. Имаме ние и други проблеми, еве тука зборуваше идниот претседател и за меѓунационалните односи и за Охридскиот договор итн., сето тоа треба да се решава во тек и за сето тоа треба да се ангажираат одредени луѓе и министерства, но кај нас број 1 за сите граѓани на Македнија и Македонци,

Албанци, Турци, и Власи и сите број 1 е прашањето на животот, на стандардот, на вработувањето, на отстранувањето на сиромаштијата итн.

За да се створи амбиентот на инвестирања, на инвестициони циклуси, мора да се обезбедат и средства. Средства има во државата, тие средства не се пласираат во производство. И пласманот и таму каде што се врши, тој е практично со такви камати под кои се пласираат средствата со 11,12, 13, 14, 15, 18% нема рентабилно производство. Тоа ни највисоките технологии не издржуваат такви камати. И како ние ќе можеме да бидеме конкурентни на светскиот пазар, а зборуваме дека треба да имаме слободен пазар во Македонија. Како можеме да се конкурираме кога тие користат средства со камати од 3-4%, а нашите 20%. За тоа Владата не со декрет, не со закон, меѓутоа со ред мерки мора да ја собори каматата и во договор со Народна Банка, мислам дека тука Народната банка не одигра позитивна улога. И со самото купување на благајнички записи и хартиите од вредност кои се реализираа со високи камати, таа овозможи каматната политика да остане и понатаму висока. Имаше тенденција на некои падови, меѓутоа тоа се толку минимални и беззначајни кои немаат ефект. Ние треба да образложиме, а располагаме со огромен потенцијал. Да не објаснувам кој е тој потенцијал, јасно ви е на вас тука, вие сите се бавите со финансии, економија, ама тој потенцијал банките го пласираат таму каде што имаат сигурност каде што можат да ги повратат парите. Според тоа, сигурноста треба да ја обезбеди Владата од една страна со хипотекарното право, со залогот, со други ефикасни средства, а во исто време заедно со Народната банка да создаде такви услови каматите практично да паѓаат. Владата преку благајничките записи, преку продажбата на хартиите од вредност да ги смалува каматите. Постојат и други форми и методи. Ако имаме ние доволно, сега ако ги активираме тие средства во правец на инвестирање во индустријата и тоа за еден солиден временски период на враЌање со ниски камати, ќе почнат луѓето нагло да ја развиваат индустријата и земјоделието и сите дејности. Оној што ќе одлучи да земе и да гради преработувачки капацитет со камата од 11,12%, тој однапред планира тие пари да не ги врати и не ги враќа. И не може да ги врати. Според тоа сами себе се лажеме и затоа немаме ефект. Тука е полето на кое што оваа Влада треба да го положи испитот.

Јас би сакал ние после две години да констатираме дека оваа Влада направила големи помаци напред и дека оваа Влада практично почнала да ја извлекува Македонија од оваа голема криза. Оваа криза ја направивме ние самите. Меѓутоа, со обемна помош и на некои други. Јас за тоа сум зборувал и сега ќе кажам, таа обемна помош дојде од некои соседни земји со блокадата на Македонија од страна на Грција и ние мораме тоа да го пресметаме колку не кошта како Македонија. А тоа што Грција блокираше од јужниот дел, тоа не беше само нејзина работа, учествуваа и други и тука ја носи вината и ЕУ. А ние мораме таа сметка да ја изнесеме, ние мораме да ги направиме рачуните. Мораме и ние, тие кога ни ставаат тука на маса сметки, и ние да им ставиме од другата страна. Санкциите спрема Југосалвија исто така се тие кои ни нанесоа огромни штети затоа што и ние бевме на тој начин санкционирани. Според тоа, другарки и другари, ние со тој свет мораме не да го подвиваме грбот и само да климаме со главите и добро рече Хари Костов дека ние ќе изградиме еден самостоен однос спрема тој свет, исто така, да ги изнесеме и нивните големи доприноси на нашиве состојби. Да не зборувам и за војната во Југославија која целата се прели преку Македонија и која исто така во тој период рапидно го оштети ова стопанство кое немаше пролаз спрема запад. Според тоа мислам дека треба да се формираат едни тимови кои тимови ќе работат на овој проблем и ние да кажеме дека не сме само ние тие кои што практично сме ја довеле Македонија до оваква состојба.

На крајот да кажам дека ми е задоволство што ние веќе започнавме еден процес , процес што значи да се работи на приближување кон ЕУ. Меѓутоа, сакам во исто време да укажам на опасностите ние да не се занесеме сега и само зборуваме за тоа.Тој процес ќе биде долг и не треба да ја трошиме енергијата на тоа и да кажуваме дека еве и ние само што не сме влегле во ЕУ како што тоа го кажувавме 15 години, дека ние голем успех во тој поглед постигнавме со самата апликација со самото тоа што ќе ни се достават прашања, туку наша цел треба да биде тоа влегување во ЕУ, и тоа ќе остане и како крајна цел и можеби еден ден и нема да биде интересна таа ЕУ, можеби таа ќе изгледа после 10 - 15 години сосема различно од ова што е. И таму веќе се вози со различни брзини и таму ќе дојде до комплицирање на состојбите итн. Но, ние практично со самото решавање на нашите проблеми, нашиот развој со голема динамика на тој развој што ќе го

обезбедиме, со решавање на невработеноста со елиминирање на сиромаштијата, на бедата итн., јас ви тврдам и завршувам со тоа, дека ЕУ ќе не покани нас да влеземе таму, ако утре сме богати, ако утре сме демократи, ако утре владее овде мир итн.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани дами и господа кандидати за министер, претседател и министри во Владата на Република Македонија.

Јас во моето обраќање најнапред би сакал да укажам на тоа какви цели би требало пред себе да постави секоја македонска влада вклучително и денешната која што е предмет на расправата на парламентот на Република Македонија дококлу сака да чекори по патот на правдата и прогресот и на македонската држава и на македонскиот народ. Најнапред Владата мора да биде одговорна и да биде Влада сервис на народот доколку сака да биде државничка и да биде витална компонента на остварувањето и на економскиот и на граѓанскиот развој на македонското општество. Владата мора да ја почитува и да ја афирмира и да ја заштитува истовремено сопственоста пред се приватната сопственост која што е модус ивенди на макдонскиот капеталистички производен однос. Доколку тоа не го прави, тогаш настануваат сите проблеми понатаму кои што се реперкуираат и во политиката и во социјалниот живот и во сето она што претставува надградба во Република Македонија. Понатаму, Владата мора да се залага да ги афирмира принципите на поделба на власта на извршна, парламентарна и судска. На таков начин да создаде контролни точки и механизми со кои што самата себе си ќе се контролира зошто во спротивно може да се случи граѓаните да бидат исплашени од власта, а не сме далеку од таква состојба во Република Македонија. Понатаму, Владата момра да практикува метдо кој што ќе биде континуитет на работењето на сите македонски влади со апсорбирање на доброто и исправање на грешките од претходните политички влади, или една експертска Влада која што беше во Република Македонија, но без тенденција дека ние сме добрите што лево, или десно во парламентот а другите пред нас, беа лошите, или пак во временско секцирање лошо било во Македонија во 1998 до

2002 година, а добро било 1992 до 1998 година, и добро е од 15 септември 2002 година. Таков приод дефинитивно не оди во прилог на методологија на работа која што значи успех, која што значи пак ќе кажам, почитување на она што значи правда и заложба за прогрес на сите граѓани на Република Македонија.

Целта на сите овие споменати точки, главни цели и методот на работа е да се обезбеди доверба на граѓаните во Македонискиот систем. Поистоветување на поединецот на секој македонец со државата, заложба сите млади да останат тука во Република Македонија . Заложба сите етнички заедници да се викаат македонци како државјани во Република Македонија и на таков начин ние можеме да кажеме дека донекаде ќе можеме да го оправдаме 8-ми септември 1991 година и сите наши стремежи за независна, суверена и самостојна Република Македонија .Тоа се целите и методите на работа, барем според мене, и тие треба да бидат применувани во секоја состојба во која се наоѓа Република Македонија , а каква е денешната состојба ќе говорам во следните неколку реченици.

Најнапред, за политичката димензија. Отсуство на демократија, страв на граѓаните, молк на медиумите, страв на новинарите, страв дури и на пратениците што седат во опозицијата од одредени дејствија на актуелната извршна власт. Таква политичка домензија на власта иницира стагнација и на граѓанското и на цивилното општество. Невладините организации, т.н. НЛО почнаа дури да навиваат за власта и да проектираат како треба да изгледаат одредени изборни резултати и сето тоа укажува дека имаме една тешка политичка состојба во Република Македонија , каде што од плурална демократска држава, државата има тенденција и чекори кон тоталитарно општество односон враќање на еден систем кој што беше напуштен во средината на 90-тите години.

Што уште отсуствува? Од државно покровителство капиталистички производен однос нужен е договор помеѓу капиталот и трудот Од почеткокот на функционирање на коалициониот договор помеѓу СДСМ, ЛДП и ДУИ од практикувањето на политичката власт и Владата која што досега беше , отсуствува таков договор. Јас лично немам никакви сознанија за било каков договор меѓу синдикатот, претставникот на трудот, помеѓу Комората, претставникот на капиталот и Владата, претставникот на државата во она што треба да биде државно покровителство, во давање раката и давање точни

смерници за развојот и соработката помеѓу капиталот и трудот во Република Македонија . Без таков договор и со отсуство на конкретни смерници и насоки како треба да се движи капиталот и трудот во Република Македонија , во отсуство на Пазар на капиталот, во отсуство на Пазар на труд во Република Македонија , резултатите се такви какви што ги имаме во економијата. Настрана што сеуште не сме ја дефинирале улогата на државата. Која е улогата на државата во земјите на транзиција. Дали државата треба да биде апсулутен нем свидетел на тоа што се случува и да почитува еден концепт на либерална економија или пак државата во ерата на глобализација треба да се грижи за процесите на јакнењето на домашното производство, на домашните стопански субјекти и на домашниот национален македонски производ.

Околу безбедноста, точно пред пет дена во “Дневник” имаше информација на страница четири дека во Мала Речица не смее да се излегува после 17,00 часот. 30 убиства , а уште може да додадеме дали некој во Македонија знае дека било кој даночен инспектор, некој шумар или земјоделски инспектор се качи на падините на Шар Планина да го провери шумскиот фонд, да ги провери земјоделските парцели и да провери на каков начин функционира правната држава во Република Македонија и како се почитува редот и законитоста на сите делови на Република Македонија како цела територија. Тоа е доволен показател за нејзината состојба и сум убеден дека во изминатите 10, па и 20 години, да речеме во Танушевци или во Малино Мало - Прес ниту даночен инспектор, ниту шумарски инспектор или некој земјоделски инспектор стапна на таа територија, да не говороиме можеби за припадниците на Министерството за внатрешни работи, кои одвреме навреме се пријавувале таму. Јас Веќе говорев од овој Парламент дек алуѓето во одделни делови на Македонија дури и не препознаваат кој е главен град на Република Македонија , дека тоа е Скопје, затоа што во едно друго време, во еден друг систем тие се движеле преку други координати и нивните патишта ги носеле на друго место. Токму затоа велам дека безбедносната ситуација е очајна, затоа што ништо не направивме. Тие граѓани на Република Македонија да се почувствуваат дека се македонци, државјани со етничка припадност од онаа етничка заедница од каде што потекнуваат.

Економската ситуација, апсолутна дезорјентација во економијата, со резултати најеклатантно изразени преку овие податоци. Зголемување на надворешниот долг за

една ипол година на 1,8 милијарди долари, над 200 милиони долари зголемување над 18 месеци надворешен долг. Тоа го оставаме на идните генерации кои што треба да го платат. Ако на 1,01,2003 година имавме 340 илјади невработени, сега имаме некаде близу 400 илјади невработени, не се знае точно бројката, но чинам дека бројката од 60 илјади невработени за 18 месеци премногу добро ја илустрира економската политика на сегашната Влада и дава сигнали како треба новата Влада во иднина да работи.

Согласно Извештајот на УНТАТ број 1 од 2003 година сиромаштијата во Република Македонија изнесува 25% или над 500 илјади граѓани имаат приходи под 150 денари месечно. Тоа е показател за економската состојба во Република Македонија . Минатата година, 2003-та година го завршивме со негатива во надворешно трговскиот биланс со дефицит со една милијарда долари, а во првите три месеци имаме дефицит од 250 милиони долари, што ќе рече дека се држиме со темпото на негативниот од' во перманентен дефицит, во перманетно негативно салдо и во трговскиот биланс а и во платниот биланс. При тоа, неможе да се даде оправдување само во периодот 1998- 2002 година, затоа што Законот за 25-те загубари и 120-те претпријатија кои што излегоја од тој закон кој беше во 1995 година, затоа што во 1998 година на 6.04. беше утврден редоследот на 12-те претпријатија од министерот за финансии Тахи Фити на Владата на Република Македонија во политичка конфигурација, каде што СДСМ беше водечки фактор и тогаш 12-те загубари од кои што некои се решија, некои се затворија, но сеуште се рак рана на македонската економија, бидејќи штедилницата ТАТ, ЛАВЦИ и други штедилници беа во период од 1992 до 1998 година и затоа што многу неразрешени афери исто така беа од тоа време, се согласувам самокритично дека во дел од 1998 - 2002 година и одредени дејствија придонесоа да се влоши економската состојба. Но, неможеме цело време да бараме оправдување дека она што го затекнавме ни овозможи да имаме вакви економски резултати. Јас пак ќе кажам ако не ги гледаме работите во континуитет, ако заборавиме колку пати го чистевме билансот на Стопанска банка, го чистевме два пати од прилика околу 500 милиони евра, а го чистевме и во 1995 година и во 1999 година и дека тие 500 милиони евра ги плаќа македонскиот граѓанин, токму заради таквиот наш однос во економијата , во политиката, тогаш ќе ни стане јасно дека треба вината да ја бараме во нашата трајна определба за економски концепт кој што

значи развој, перспектива, можности за Македонија, а не само повторување на фразите за макроекономска staболност, стабилен денар, назадување, невработеност, сиромаштија и беда на македонските граѓани. Едноставно, економската ситуација не е последица на политички концепт. Економската ситуација е последица на економски концепт, на концепт кој што преферираше едно такво сидро, брза приватизација, ограничени плати на вработените во јавната администрација и она што ќе рече цврст курс на денарот према еврото. Таков концепт не доведе до тука. Колку беа министри за финансии, сите го практикуваа тој концепт и сите ја упропастија Република Македонија, сите ја донесоа до овој момент, каде што на прсти можеме да избориме колку големи системи имаме во Република Македонија кои што работат, а без голем систем нема развој. Без голем систем нема ни држава. Не може Македонија да биде нешто различно од светот, каде што сите други држави околу нас и помалите држави, Србија и Црна Гора, Бугарија, Грција, Словенија, Хрватска, никој не ги затвори големите системи што и не работат. Ние Железара во 1995 година, ја азатворивме по препорака од светска банка, па после пак ја отворивме. Прво, требаше да отпуштиме 12 иљјади работници, за да сега работат 3000 работници. При тоа, нормално, општествениот капитал кој што беше огромен да се прелие во приватни раце по цени по кои можеме да дискутираме и тука има многу процеси за тоа дали се работи односон во процесот на приватизација некој намерно или ненамерно го врзува капиталот, но факт е дека општествениот капитал во Република Македонија се обезвредни така како што се обезвредни со еден концепт кој што беше донесен со Законот за трансформација на општествениот капитал во 1993 година и со Законот за траннсформација на земјоделски задруги во 1996 година. Тоа се факти, тоа се законски акти кои што важат и ден денес и согласно кои се одвиваше процесот на приватизација. За жал, тие закони не овозможија да се утврди методологија, да се прецени социјалистичката вредност на сопственото богатсво. Во проценките се тргна така како што се тргна и 1994, 1995 и 1996 година, па до денеска одиме така како што одиме, но факт е дека тие закони овозможија таков економски амбиент каков што денеска имаме и како што состојбата ни е.

Рак раната на македонската економија, сепак, не е законот за општествена трансформација, туку е монетарната политика во 1992 и 1993 година. Тогаш, со акт на

Народната банка на Македонија се направија такви дисторзии во монетарниот сектор кога каматната стапка изнесуваше во 1992 година над 1000% а во 1993 година над 600% на годишно ниво. Кажете ми кои стопански субјекти може во таков амбиент да работат. Кој е тој профит што може да се оствари во Република Македонија вие да заработите на еден денар, илјада денари капитал. Тогаш пропаднаа и сите претпријатија. Тие што користеа средства од поранешниот Југословенски ФНП и РФНП како Скопска пивара да речеме, која што зема од едно загребско претпријатие во тој момент пари , па никогаш не ги врати или ги врати така како што ги врати, или пак Жито лукс кој што зема во 1992 година пет милиони долари од Комерциона банка па до 1997 година плати 52 милиони долари и остана должен уште 20 милиони долари на Комерцијална банка. Кажете ми кој е тој економски потенцијал во Жито лукс или во друго претпријатие што може таа камата на камата од месец во месец, од година во година да ја плати. Тоа е рак раната на македонската економија. Тоа до денес никој не го разреши, ниту пак од експозето на она што господинот мандатар на Владата, кандидат за премиер Хари Костов го изнесе во своето експозе. Едноставно, ако не се разреши тој проблем, ако не се исчистат тие биланси на банките без ризик изложеноста на банките да се загрози и да се намалат тие камати на реално ниво, на она што претставува реална камантна стапка, која што во тој момент важела согласно инфлацијата или била компатибилна со движењето, бидејќи кај нас вредноста на денарот се формира согласно вредноста на стоките, согласно продуктивноста, економичноста и рентабилноста на македонскиот каптиал, тогаш ќе можеше да се дојде до ситуација која што ќе беше различна. Но, бидејќи кај нас во Македонија само министрите за финансии  беа релевантни за водењето на економската политика, а ниту еден министер од реалниот економски сектор не учествуваше во таа економска политика и преговорите со ММФ и Светската банка или пак нивните забелшки беа , така да кажам, или избегнувани или прифаќани со тешки корекции, Македонија се јанде во оваа ситуација во која што е.  Не е се во Македонија финасии. Во Македонија има реален економски сектор, во Македонија има живот. Во Македонија има труд, има течење на капитал, има социјална димензија, едноставно, само финансискиот аспект на Македонската држава не дноведе до тоа ние да имаме такви дисторзии и во политиката и во економијата и во социјалата. Кршењето на човековите

права и граѓански слободи. Констатација и од Хелсиншкиот Комитет и од ОБСЕ, злоуптреба на притворот, злоупотреба на член 292 од Законот за трговски друштва. Се донесе еден закон , јас дискутирав за тој член каде што работничкото самоуправување го направивме, го трансформиравме во работничко акционерство. Директорот не може, бидејќи акцијата има двојство, таа има сопственичко право и има право на управување. Со тој член што го изменивме подоцна под диригенство на Светската банка го вративме назад тука во Парламентот, ние сме виновни парламентарците и јас гласав против и што направивме. Чуварите или хигиеничарката неможе да ги даде акциите на директорот, туку може да ги даде на другиот чувар или на другиот нејзин колега. Тоа беше тешка деструкција и беше само со една намера да се кршат човекови права и граѓански слободи на граѓани кои во даден момент биле на директорски позиции, а случајно припаѓалел на друга политичка опција кои се сега и сменети, да речеме директорот на “Благој Ѓорев”. Во саекој случај тоа се состојбите во кои според мене се релевантни за Македонија како држава денес.

На крај , каква Влада добиваме од она што го имавме од експозето на мандаторот и што можеме да очекуваме последните 18 месеци, затоа што 2006 година не ја сметам за година до која што може нешто да се постигне и таа ќе биде година за подготовка за избори. Значи од 1 јуни 2004 до 31.12. 2005 година Владата ќе има малку време тоа што го зацрта како нејзини приоритети да ги исполни. Најнапред , барем за мене, ова не претставува нова левица, не се следат патиштата на Тони Блер и на Шредер со вистинските социјалдемократски јаки партии во Европа, едноставно она што беше дадено како понуда претставува социјал-демократска македонска левица која што во својата верзија не се променила ниту за имлиметар од тоа што барем јас во политиката го следма од 1992 година, а тоа е да не се носат политички одлуки. Да се носат политички одлуки експос, одкога ќе се случи дејствието или одкога ќе настане ситуацијата. За разлика од она што, да речеме, ако се следеше говпорот на Блер на неговата инаугурација говореше за тоа кои се приоритетите на новата левица во Европа, за што сметам дека и Македонската левица треба да поведе сметка.

Вториот момент е концепцискиот јаз. Ако се сметше дека коалицијата помеѓу СДСМ, ЛДП и ДУИ ќе биде интегративен фактор за македонското општество, сеуште сум

на мнение дека јазикот на политичката дмеократија што го избра СДСМ во моментот на потпишување на Рамковниот договор и коалицијата со ДУИ како експонент на едно радикално, би рекол, движење со нерегуларни вооружени формации во текот на 2001 година, не придонесува за интегративноста на македонското општество. Значи има концепциски јаз кој што се претвора во материјален јаз. Тој јаз настана кога министерот за внатрешни работи г-динот Хари Костов не можеше да отиде на едно место каде што беа паднати бранители на државата Република Македонија и мораше да преговара со локалните власти да појде таму со подсредство на Меѓународната заедница. Тоа е доказ дека тие не се интегративен фактор како коалиција. Министерот за внатрешни работи не треба да моли , туку тој наредува. Во таа насока мислам дека тој концепциски јаз ќе продолжи и тоа е нешто што е вон нас, но и вон салата на овој Парламент и ние колку и да сакаме , не ќе можеме да го надминеме . Можеби ќе треба време, години, децении, но во секој случај тоа сега стои како такво и ќе ја посметува работата на сегашната Влада.

Околу децентрализацијата на Македонија како приоритет на новата Влада. Најнапред, околу централизацијата. Дали на претседателските избори во Република Македонија ние видовме било каде истакнато македонско знаме на териториите на Тетово, Гостивар, Дебар, и селата под Шара. Дали во овие 18 месеци досегашната Македонска Влада донесе некаков предлог за грб на Македонија. Дали во преговорите како коалициони партнери размислуваа за тоа дека националните симболи мора да бидат, прво, етаблирани на национално ниво, на државно ниво, па дури потоа да се оди на она што претставува почитување , се разбира, нужно на сите етнички заедници во Република Македонија . Но, факт е дека сеуште ние за да имаме свест за јака демократија, мораме да имаме јака и стабилна унитарна држава по принципот на мнозински демократии во Европа, па одтука да тргнеме да ја децентрализираме Македонија и да одиме во насока која што ќе значи афирмација на вредностите на локалното население, афирмација на вредностите на цели региони, кои што ќе овозможат иразвој на државата Македонија во целина. Но, вака кога ние сеуште го немаме постигнато единството, кога сеуште имаме раселени лица, кога законите кои што ги носиме сега, како данок за имот или данок на добивка и кои што беа предлагани тука во прва фаза , се уште се само декларативна определба. Ви гарантирам проектот за

децентрализација ќе биде успешен само по етничка основа, нема да биде успешен по економска основа.

Ако вие, во данокот на имот не предвидите стапка во која што најбогатите ќе плаќаат најмногу, ако не овозможите реални приливи во буџетот, не само симболични 1% да одат во локалната заедница, тогаш децентрализацијата нема да биде можна и моја препорака до Владата е навистина на поинаков начин да пристапи кон денцентрализацијата. Не со една милијарда денари, тоа треба да се почне со многу повеќе, со пет-шест пати повеќе да дојдеме до реален фактор што ќе значи вистинска децентрализација и почитување низ економските премиси и на политичките премиси и на државноста на Република Македонија. Во спротивно, мислам тоа нема да биде реализирано.

Во делот на надворешната политика, сугестија од еден пратеник од опозиција е конечно да се отворат картите и да не зборуваме цело време тука во наводници, во загради, туку да збориме тоа што е реално. А, реално е дека Република Македонија, правото да се нарекува со своето суверено уставно име мора да го реши во преговори со Република Грција. Така е напишано во Спогодбата што е потпишана при нашето пристапување во ОН под кратенката Поранешна Југословенска Република Македонија. Значи, било какви ексиважи и прикажувања грешни состојби пред македонскиот граѓанин, едноставно ние мора, бидејќи така пишува, ние мора да преговараме со Грција и да изнајдеме модус како да го решиме проблемот со името. Некој тогаш згрешил. Не е важно кој згрешил. Но, ние згрешивме сите, како македонци. Ние се обврзавме со тешкото бреме, а тоа историјата ќе го каже, да преговараме со грците како ќе се вика нашата држава. Секое измислување од таа теза, на пример ако не примат САД ќе се сменело нешто во ОН? Ништо нема да се смени. Затоа што таму пишува, во таа Спогодба дека ако Република Македонија  го разреши својот спор со Република Грција, тогаш ќе се викаме така како што ќе оцениме заедно со нашиот сосед како треба да се викаме. Тоа е вистинската позиција што треба секоја влада, вклучително и оваа да ја има пред себе. Да не се залажуваме, да не гаиме лажни илузии дека ние ќе успееме ако не признае под уставно име Србија и Црна Гора или ако не признае не знам кој дека така ќе успееме да го решиме проблемот со името.

Проблемот со името не е само проблем со името. Проблемот со името е и проблем со грбот, е проблем со знамето, тоа се проблеми на националните симболи и ние мора да ги етаблираме на ниво на почитување во сите образовни институции, со пеење на македонската химна во нижото образование, со истакнување на македонското знаме во сите училишта и тогаш ќе бидеме држава. Тогаш ќе бидеме држава по теркот на тоа што сакаме да бидеме членка на ЕУ.

И на крајот, за економските реформи. Уште еднаш, лично јас се залагав за таа концепција дека улогата на државата треба да биде многу сигнификантна, особено ако се знае дека чекориме кон Европската унија и дека улогата на државата во одделни сегменти: земјоделство, екологија, е пресудна. Таму, државата интервенира страотно, со огромни средства, со 40-50 милијарди евра. Сите европски земји ги ползуваат тие бенефити. Би било навистина неодржливо Република Македонија да се оглуши од тоа и повторно да оди по патот на либерална економија, особено во делот на земјоделството, во делот на екологијата и да правиме експерименти од типот - не е важно што 50 години немаме водостопанска основа и не е важно што имавме Фонд за води, што имавме Водостопанска агенција во Министерството за земјоделие. Сега, ако реши Владата водите ќе ги префрлиме во екологијата, тоа не е можно, едноставно. Има некои принципи, има некои причинско-последични односи што диктираат каква треба да биде организацијата на Владата. Од таму, уште еднаш апелирам да се респектира улогата на државата, согласно европските стандарди, принципите на Светската трговска организација и тоа што значи чекорење по патот на правдата и прогресот.

И на крајот, јас ќе гласам против оваа Влада, затоа што сум убеден дека, после тоа што го искажав, а така и мислам, дека не ќе може да ги постигне очекуваните цели за кои што јас се залагам и дека македонскиот народ ќе знае добро да ги оцени постигнувањата во овој период. При што, морам да кажам, немојте толку да се плашите од јака опозиција, бидејќи македонскиот народ не гласа за опозиција. Ја казнува позицијата.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Ѓорчев.

Една мала забелешка.

Јас мислам сепак да се задржиме во нашите дискусии во поглед на експозето, Програмата и предложените решенија за министри, бидејќи никој од министриве не е без минато, затоа што под ризик да добијам уште една интерпелација, можам да констатирам дека ние слушавме три мандаторски експозеа до сега. Затоа ве молам...

(Реакции во салата).

Има начини како да нашите размислувања преку закони и законски форми ги кажеме и имплементираме. Јас само сугерирам да дискутираме за Програмата и за личностите што се предложени. Тоа се дел од предлогот, од оваа точка, за претстојните решенија.

Повелете господине Абдулаќим Адеми имате три минути реплика.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Ви благодарам господине претседателе.

За жал, од претходниот говорник слушнавме едно политичко предавање. Јас би ги разбрал советите доколку доаѓаат од една личност која не учествувала никогаш во ниту една влада. Но, кога овие работи ги слушаш од еден бивш министер не знаеш како да ги именуваш освен како една демагогија.

Се спомнува дека секоја влада ќе ги подобри грешките на минатите влади. Токму ние, како коалиција, наследивме многу проблеми. Подобривме многу ваши грешки. И, на почетокот спомнавте, се додека сите етнички заедници не се именуваат македонци, значи овде нема да има развој или мир.

Токму Уставот од 1991 година беше генератор на кризи и таа ги исклучуваше сите народи како составен дел на оваа држава. Кога сега имаме нов Устав што треба да го почитуваме и кога пораките од ЕУ доаѓаат за имплементација на Охридскиот договор и почитување на културните и етничките разлики, вие размислувате поинаку. Ова ќе биде еден апсурд, според мене.

Спомнувате финансиски органи, кои немаат пристап во Тануша или Малина. Господине Ѓорчев што вие како бивш министер сте направиле за тоа подрачје или вие како Влада сте направиле за тоа подрачје? Колку претпријатија сте отвориле на тоа подрачје па да барате финансиските органи да одат да прибираат данок во тој регион?

Тие луѓе се соочуваат со глад, немаат леб да јадат. Додека вие велите дека органите немаат пристап за да оданочуваат?! Би било добро данокот да се прибере таму каде што е инвестирано. Или, привелегираните претпријатија, во прв ред, да ги плаќаат обврските на државата, да ја плаќаат електричната енергија и тн.

Исто така, вие признавте во вашата дискусија уште еден факт, дека сите министри за финансии придонеле или воопшто не придонеле за надминување на финансиската состојба, а кај вас е денеска тој претседател на вашата партија. Значи, бившиот министер.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Ѓорчев, имате една минута, повелете.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Би сакал да потенцирам уште еднаш.

Се работи за чувство на припадност на државата Република Македонија. Сите граѓани на Република Македонија се државјани на Република Македонија. Потоа се македонци, албанци, турци, срби, бошњаци, роми, простете ако негого заборавив. Едноставно, се работи за почитување на државата Македонија, сето тоа што е со самите амандмани е во ред, јас тоа го почитувам, меѓутоа кај мене е примарно да се знае дека сите сме државјани на Република Македонија и јас на тоа алудирав во моето обраќање.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Агим Џелили дали барате реплика или збор?

Повелете.

Само, да потсетам за правилата, бидејќи вебте пријавен претходно, првата реплика откако ќе почне нема пријавување за реплики.

Повелете, имате три минути.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван колега, зборувате за страв од власта, односно од Владата, тргнувајќи од граѓаните, функционерите, дури до пратениците.

Вие како да имате страв од една правна држава, бидејќи сте учени во анаргија. Практицирањето на власта од ваша страна беше тесно семејно -партиски интерес, така што и Интерпол имаше потешкотии. Ве мола, немојте да роните крокодилски солзи колку селото е убаво, бидејќи самото тоа е убаво. А, доколку вие само заради маркетин, тогаш би било добро вие да направите такви работи во вашата партија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Слушајте, секому ќе земам збор ако спомнува партиски проблеми, внатрепартиски проблеми. Тоа да биде јасно. Ќе му земам збор и нема да му дадам збор. Ако имате реплика, правете реплика на она што е кажано.

Повелете господине Ѓорчев имате една минута.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Јас не живеев во анархија никогаш, живеев од 4.11.1956 година во Социјалистичка Република Македонија. Сега живеам во Република Македонија, во правен поредок каде што се почитува редот и законитоста и така ќе почитувам и понатаму.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Крстевски, а потоа нека се подготви пратеникот Илјаз Халими.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Почитуван кандидат за претседател на Владата на Република Македонија, почитувани кандидати за министри во Владата, почитувани колеги пратеници,

Еве, денеска сме во една процедура, согласно нашиот Устав и позитивен Закон за избор на Влада, после една долго-мачна и несакана атмосфера што се наметна, да речам, во Република Македонија  со несреќата што го задеси поранешниот претседател на Република Македонија господинот Борис Трајковски и неговите соработници. Од тука, прво на што сакам да укажам е дека таа околност треба да јаземеме како несакана а не на неа, на одреден начин, да градиме нешто што во нормални држави кога ќе се случи, прво се прашува за моралниот дигнитет на некого во Владата бидејќи околностите се такви да и кога не се сака да се случи, се понесува одговорност.

Второ, овој амбиент во кој бираме Влада, всушност не враќа можебни на почетокот на 1991 година, кога исто така, избравме премиер кој не беше припадник на некоја од политичките партии кои го сочинуваа тогашното Собрание. И, навистина, ова ќе биде една нова пракса на која ќе видиме како ќе се развиваат односите, бидејќи во западните демократии тој образец постои само кога има некои вонредни политички околности и се надвор од парламентарниот образец, бидејќи вообичаено, лидери на најголеми политички партии кои што освоиле власт, стануваат премиери. Тоа може да биде и добро, може да биде и лошо, но според тоа што целокупната Влада, освен новиот министер за внатрешни работи, останува во истиот состав, само покажува дека мандатарот ниту можел со своја глава да размислува ниту можел да има иницијатива околу ова прашање. Од тука, се поставува прашањето како понатаму ќе делува ако на одреден начин ги помрси меѓукоалиционите договори во владеачкото мнозинство?

Од тука, ова експозе што можам да кажам дека е чекор поголем од тоа на претходниот пермиер, што беше само страна ипол, не удостои само со страна ипол и се обрати при избор на Владата е нешто повеќе, но далеку од амбицијата низ експозето и таканаречената програма на идниот премиер да ни ги долови сите оние отворени прашања што денеска пред македонското општество стојат. Дури ме зачудува да цели области не се ниту спомнати во декларативна смисла, а камо ли да биде потенцирана некоја реформа, некоја заложба или некое ветување. Скоро да немаше таму ништо за надворешната политика на Република Македонија,  многу малку или само декларативно во делот на одбраната. Не се акцептира нашиот однос према прашањето во соседството, прашањето на Косово, нема таму ништо за образованието, нема ништо за културата. Едноставно експозе кое тешко може да побуди една компетентна расправа.

Она што мене посебно ме интересираше е каков е однсот на, сепак оваа Влада, старо-нова, меѓутоа со нов мандат, спрема нашите односи со ЕУ, бидејќи извештаите на ЕУ, Европската комисија укажуваат на системски слабости во Република Македонија, кои и покрај тоа што имавме промена на власта во 2002 година остануваат како најслаба кохезиона точка за нашето поблиско интегрирање во ЕУ. Таму е запишано дека имаме слаб капацитет на институциите, дека немаме реформи во администsрацијата, дека ни е бавно, споро и што уште не судството, дека криминалот и корупцијата не се запрени и

дека бизнис климата и економските реформи се далеку од тоа што земјите во транзиција веќе ги оствариле. Затоа и во Извештајот од март 2004 година на Европската комисија посочено е, побарано е Владата да направи краткорочна и долгорочна проекција за тоа како ќе ги надмине овие состојби за да процесот на интеграцијата ја зголеми динамиката.

Ние бевме сведоци дека, а тоа и го предвидовме, дека поднесувањето на Апликацијата ќе биде само еден важен чекорт во функционалното приближување кон ЕУ, но за домашни потреби тоа максимално се искористи во изминатите претседателски избори. И сега, ние навистина не гледаме од ова искажување на претседателот на идната Влада на Република Македонија дали се тие документи изработени, во која конотација ќе бидат забрзани реформите и како овој Парламент ќе ги добие во приоритет законите што значат зголемување на хармонизацијата и приближување на македонското законодвство со директивите и актите на ЕУ.

Отука, мислам дека Владата премногу тајминг си дава, поготово како што рече идниот премиер дека во наредните три месеци ќе бил изработен концепт за реформа на судството. Се поставува прашањето што истата таа Влада , две години наназад работела. Истите прашања може да се постават и за некои други области за кои очигледно реформи тешко ќе има. Едино на кој континуитет имам исклучително позитивно мислење, тоа е во активностите за наше приближување до НАТО. Јасно е дека тука врз основа на националната стратегија за наше приближување, динамиката на активностите во Министерството за одбрана се одвиваат по позитивно. Сигурно дека треба да се забрзаат за да ги достигнеме оние стандарди кои се неопходни, кои се врзани за нашата определба за професионана армија, за поинаков воен арсенал, за наше компатибилно приближување кон НАТО структурите и т.н. Мислам дека тоа е единствена светла точка на која можеме да се потпреме во континуитет на Владата која повторно ја бираме.

Би сакал малце да се осфрнам и на прашањата во делот на економијата. Латаргично и неубедително, со ни една нова политика, да речам не ни е овде претставено од новиот премиер, како ќе се решаваат прашањата врзани за состојбата во нашето стопанство. Мислам дека тоа е најголем хендикеп и ќе продолжи на оваа Влада,

бидејки само со политиката на рестриктивна монетарна стабилност, со макро-економската политика и со односите кои ние ги градиме со ММФ, многу, во наредните две години не можеме да очекуваме. Нашата економија има јасно детектирани проблеми. Прв и основен проблем е огромната невработеност за која видовме дека не може да се решава со законите од типот што претходни ги имавме и за кои треба еден сосема друг пристап на стратегија, врз основа на искуствата на некои други земји кои дошле во таква ситуација какв што сме ние денес и кои направиле успешни економски реформи. Со нашата стопанска не структуираност, со наследените капацитети кои се енергетски и суровински зависни, со се уште скапата работна рака во Република Македонија, тешко е да градиме концепт за нашата економија. Мислам дека во догледно време ако не направиме една таква пристапна стратегија како што имаше на пример Ирска во времето пред да го почне патот кон ЕУ, ние нема ништо да направиме. Затоа конплексноста на решавањето на тој проблем подразбираше овде да слушнеме од итниот премиер за каква тоа, да речеме даночна политика се залага оваа Влада, бидејки за да се отворат нови работни места основно е да се создадат многу подобриуслови во стопанството. Значи тоа што тука г-динот Иванов го зборуваше, да се ослободи капитал за да може нови иницијативи, нови работни места да се отворат.

Второ, подолго време во нашата инфра структура  не се инвестира. Испуштивме периоди кога нешто повеќе можевме да направиме на тој план. Ние овде не слушнавме на кои јавни сектори новата Влада ќе се посвети во следниот период. Ќе се гради ли нешто во Република Македонија. Предвидено ли е во  агендата на идната Влада некој пат да се изгради или само ќе ја држиме оваа ситуација во која постојано ќе обајснуваме дека некој голем бизнисмен од некоја голема земја дошол овде , сака да отвори ваков шопинг центар, таков шопинг центар и т.н. и притоа за своето присутво да ги искористи сите погодности што Владата ги дава, што значи дека Владата не е таа која не се вмешала во создавањето на некои деловни врски со бизнис релациите во Република Македонија.

Многу важно прашање е дали ние ќе се избориме за политика на субвенции во земјоделието. Видовме еден пропаднат проект за давање на земјоделско земјиште со кое се сакаше да се води некоај аграрна реформа од 50-тите години. Што со тој дел? Што со довршувањето на приватизацијата во земјоделието? Каков ќе биде нашиот однос во тој

правец, бидјеки полека ние ги губиме привилегиите што 2001 година ги стекнавме со потпишувањето на Спогодбата за асоцијација и стабилизација. Секоја година се намалува тој диспропорционален однос во царините и се повеќе се очекува од нас да ги затвориме отворените прашања за реформи во неколку клучни сектори, како што е челичната индустрија,како што е текстилната индустрија, виното. Каде е пристапната стратегија на оваа Влада, во тој дел, бидејки за две години Европа ќе ни ги затвори вратите, ако останеме на ова ниво со кое, на пример во металургијата, со повластена цена на струјата правиме метали, или пак не ги унапредвуаме еколошките стандарди поврзани со производството. Едноставно ќе бидеме исклучени. Овде не ги слушнавме тие основни правци на кои Владата ќе биде посветена во тој дел.

Не слушнавме што ќе прави Владата со приватизацијата на Електростопанство, дали ќе опстане, дали има динамика. Тоа е најклучното прашање. Сите денес разговараме за последиците од покачувањето на цената на телефонскиот импулс, меѓутоа, не разговараме и за тоа што исто така е многу важно, дали оваа Влада ќе остане на претходниот концепт околу приватизацијата на Електростопанство и како ќе ја води таа приватизација.

Да се надеваме дека со изборот на прв министер, на човек кој бил банкар, ги знае релациите за стопанството, само по себе ќе се наметне една друга приоритетна расправа во ова Собрание, ќе доминираат економските теми. Но, повторувам во ова експозе ги нема истите, не се потенцирани и се плашам дека анбиентот во кој во изминатата пола година работевме, ќе продолжи се заради тоа што односите во политичката смена на Република Македонија се тектонски пореметени и тие уште долго време ќе вршат притисок на состојбите во Макеоднија и ќе не одолговлекуваат и од реалните потреби да се разговара и да се решаваат економските проблеми.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитуван претседателе, почитувнаи колеги, почитувнаиминситри,

Со внимание го проследив експозето на мандаторот, г-динот Костов од кое излагање нешто посебно од понудената Програма, нема ништо ново. Значи станува збор за едно кратко резиме на таа програма.

Програмата што ја нуди г-динот Костов, и тој самиот признава дека не претставува некоја новина, бидјеки тоа е продолжение на работната програма на оваа Влада за периодот 2002-2006 година. Значи тоа е повеќе од сигурно, бидејки во оваа програма се продолжува да се нагласуваат предностите на работа на оваа Влада до крајот на својот мандат , значи до 2006 година, се разбира до колку не се случи нешто неочекувано во однос на оваа Влада.

Составот на досегашната Влада сведоци сме какви резултати постигна во секој сегмент од општествениот живот. Таа вети дека ќе се залага за приоритетите во државата, но во суштина не е така, бидејки состојбата во општеството во споредба со пред 15 септември 2002 година, е влошена. Тоа може да се видина секој чекор или сегмент на општествениот живот. Со други зборови овој состав на Владата има голем неуспех на сите аспекти и тоа политички, економски социјолошки, културни.

Тоа што е главно, политичката клима, за мене и за мојата партија, продолжува да биде тешка и неизменето. Охридскиот договор кој се дочека како еден акт кој ќе овозможи радикални измени за положбата на албанците, за жал не ги даде очекуваните резултати. Иако во програмата се вели дека ќе биде тоа од посебно значење за оваа Влада, за жал, можам да кажам дека во пракса не се спроведува. На секој начин се настојува Охридскиот договор да се заобиколи. Како по конкретен пример ќе ги спомнам проблемите за употребата на албанскиот јазик како втор службен јазик во Македонија. Тој во потребната форма не се спроведува, како во Парламентот така и во други институции во државата. Не сакам во детали да навлегувам и да зборувам колку албанскито јазик се употребува во овој Парламент каде имаме потешкотии во комуникацијата со службите. Исто така имаме и тешкотии кај граѓаните за употребата на албанскиот јазик во однос на институциите на оваа држава. Значи постои игнорирање на албанскиот јазик.

Оваа Влада во овој состав што се предлага е иста со досегашната Влада, соисклучок на еден нов премиер. За мене не е нов бидејки доаѓа од минатиот состав на

оваа Влада и еден министер за внатрешни работи кој доаѓа од Управата за безбедност и контраразузнавање.

Во однос на овој состав може да се каже дека и во иднина ќе продолжи истата песна како и во минатиот период. Не може да се очекува некојуспех од оваа Влада. Тоа го потврдуваат и луѓе од оваа Влада. По конкретно во една изјава на заменикот минситер, Џафери што денес имав можност да ја прочитам во весникот “Кохадиторе”, се вели дека и новата Влада ќе продолжи како и претходната Влада. Ако е така тогаш се поставува прашањето зошто оваа Влада се вика реконструирана и каде се гледа нејзината реконструкција.

Почитувани пратеници, ако оваа Влада размислува да направи измени, засновајки се на Охридскиот договор и Уставот, тие не можат да се направат со ова темпо на работа и начин на пристап на проблемите, како што беше до сега. Ние иако имаме Устав во кој се вклучени амандманите, во согласност со Охридскито договор, за жал се почитува на селективен начин или според посебни договори кои ги вршат партнерите на оваа коалиција. Дека не се спроведуваат законите и самиот Устав на начин како што треба, имаме многу примери. Многу е тешко кога го прекршуваш Уставот од една институција која е повикана да го спроведува Уставот.

Да не одиме подалеку и да ги анализираме другите закони кои не се од корист на албанците. Доволено е да го земеме последниот Закон за локални избори каде ќе видиме какво селективно спроведување на Уставот. Според овој Закон, албанскиот јазик иако е службен јазик на цела територија на Република Македонија, албанците не можат да го користат подеднакво. Така, во Градот Скопје албанците иако се помаку од 20%, тие имаат можност и право во гласачките ливчиња, името на предлагачот и името носителот на листата да го напишат и на албански јазик. Таа уставна и законска определба не важи и за албанците кои живеат под 20% и на другите територии во државата. Тоа е еден еклатантен пример како се прават атхок договори според моментот и случајот, на штета на употребата на албанскиот јазик. Уставот и законите или се спроведуваат или не се спроведуваат. Тука компромис нема. Не може посебно од Законот и Уставот да се спроведуваат други договорикои важат за оваа или друга етничка заедница, или за жителите на овој Град , или некој друг град. Само кај нас во Македонија се е можно. Вака

ако се работи не можеме да говориме за реформи во судството, ниту за функционирањето на правната држава. Не случајно поголемите забелеки од НАТО и ЕУ ги имаме во правец на овој сегмент, се разбира, во спроведувањето на Охридскито договор. Што е уште полошо продолжувате со старите навики, без да бидете свесни за штетата што се пави на демократските процеси воземјава. Значи самите го спречуваме процесот на вклучувањето на Република Македонија во ЕУ и НАТО.

Исто така, Законот за претседателските избори, во овие избори што ги имавме, повеќе ги заобиколија луѓето од оваа Владина коалиција . Тој закон не се почитуваше од институциите во оваа држава. Масовно се крадеа гласовите. Значи апсурдот е токму во тоа. Како што знаеме сите, во првиот круг на претседателските избори, за едниот кандидат на ПДП и ДУИ, според изборниот штаб на ДУИ има 137 иљади гласови, додека во вториот круг Црвенковкси  добива над 145 иљади гласови, како резултат, соопштени од оваа партија. Тоа говори за масовната кражба по 17,00 часот истиот ден, само за да не потфрлат изборите за претседател на државата, на г-динот Црвенковски.

Исто така за пропорционалната застапеност на албанците и на другите немакедонски заедници за ова се зборуваше и на почетокот на оваа Влада. Се рече дека Владата има изготвено национална програма за вклучување на 2400 албанци во државната администрација и јавните претпријатија и тоа за едн агодина, значи за 2003 година. Еве поминаа веќе две години, а од таа програма нема ништо. Оваа уставна определба не дека не се спроведува, туку имаме и враќање назад. Во повеќето случаи албанците се отстрануваат од работните места и се заменуваат со други.  Сега очекувам во име на рационализацијата во образованието, да останат стотици албанци како невработени. Тоа продолжува и во Агенцијата за санација на банките и други претпријатија каде жртви на овие реформи се воглавном албанците. Оваа тешка состојба ја имаме и во културата и во други сегменти кои се за зачувување и негување на нашиот идентитет. Албанците со 25% колку ги има во Република Македонија, за развојот на својата култура, од Буџетот на Република Македонија имаат само 2% од средствата. Тоа значи дека тие практично се наменети за да се акултурираат, а не да ја развиваат својата култура и другите национални поединости.

Институциите на државата поготово МВР и судството развиваат недоволни активности во борбата против корупцијата и организираниот криминал. Овие институции и оваа Влада се одговорни за негарантирање на правата и слободите на човекот. Нашите граѓани се убиваат секојдневно, а што е уште полошо страдаат малди. Овие убиства кои се вршат со разни мотиви, непосредно влијаат на безбедноста на граѓаните. Што е уште полошо убијците исчезнуваат на мистериозен начин. Како е можно на сред бел ден во комплексот Чаирчанка, минатата година, да се убијат 5 граѓани и убиецот за еден момент да исчезне, или убијците. Можеби биле повеќе убијци.

Нема две-три недели, а четворица млади граѓани од Тетово се убиваат, и нема ништо за нивниот убиец. Ова, за жал, остава простор за сомнеж дека во овие убиства има инволвирано луѓе од службите на оваа власт.

Станува збор во Програмата за преземањето на мерки за намалување на невработеноста, вака се кажа и пред една ипол година, но од оваа Влада бројот на невработените се зголеми, тој број постигна над 400.000 невработени. Со ова, се разбира, се зголемува и сиромаштијата. Ова е како последица на падот на индустрискиот производ во последните месеци 35% имаме пад и со зголемувањето на ДДВ од 5 на 18%, се зголемува цената на греење за 20,5%, на телефонските услуги 10%, лекарствата 6,7%, транспортните услуги 11,2% и тн. Оваа состојба неможе да се подобри со зголемувањето на надворешниот долг од над 30% и со многу мали инвестиции од надвор и без подобрување на политичката клима во земјава.

Се зборува за формирање на слободна зона во регионот на Полог, ова е сеуште како идеја, каде и албанците ќе имаат можност да го развиваат стопанството, но од друга страна се приватизираат објекти од државен капитал нетранспарентно без тендери од луѓе на СДСМ како и Гоговски, генералниот директор на Комбинатот “Тетекс”. Ова се случува во околината на Тетово и тоа во Тетовска банка, во Кладилницата на некогашниот ЗИК, Медицинска пластика, Претпријатие за осигурување “Вардар”, “Едко” и други претпријатија.

Досегашната Влада да преземеше нешто конкретно во намалувањето на невработеноста и во надминувањето на општата состојба која ја имаме сигурно ќе имавме подобрување и тоа ќе беше позитивен сигнал дека и во иднина ќе можеме да

очекуваме позитивни измени. Но, мерките што ги презеде Владата не ги даде очекуваните резултати кои беа разочарувачки.

Токму поради ова што го говорам и за други забелешки кои би ги спомнал, сигурно би ви одзел многу време, ми даваат за право да немам доверба во оваа Влада. Ова што го работите вие не е реконструкција на Влада, туку продолжување на старата Влада. Ако по парламентарните избори во 2002 година со формирањето на Владата имаше сомнежи во нејзината работа и во ветувањата што ги даде, сега тој сомнеж е уште поголем, бидејќи станува збор за една Влада како продолжение на претходната Влада каде претходно се знае колкав е капацитетот на оваа Влада за да го реализира тоа што го вети во својата Програма.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Блгодарам господине Халими.

Збор има пратеникот Јани Макрадули, а нека се подготви пратеникот Стојан Андов.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседетеле, господине мандатар, колешки и колеги пратеници,

Денес пред нас се наоѓа предлогот на мандатарот г-дин Хари Костов за состав на новата Влада на Република Македонија, тука да ја расчистиме дилемата дека не станува збор за реконструкција, нова Влада, како последица на настаните што се случија во Република Македониј и непотребно да не фрлиме некоја дилема во почетокот на расправата. Реков пред изборот на нова Влада и Програмата за работа на истата.

Внимателно го слушав експозето на господинот Костов, кое ќе се соглсаите најмалку беше емотивно, како што беше на почетокот, напротив полно со ентузијазам и со реформски задачи и обврски нагласувајќи ги приоритетите во работата на новата Влада и не мислам дека тука некој има дилема дали истите ги рефлектираат реалните потреби и заложби на нашата земја.

Приоритети:

Исполнување на обврските од Охридскиот договор

Пакетот закони за децентрализација

Реформи во судството

Продолжување на борбата против корупцијата и организираниот криминал

Динамизирање на стопанските активности

Активности за интегрирање во ЕУ и НАТО

Како што истакна самиот мандатар, треба да се разгледуваат како континуитет и комплементарност со приротетните цели и предвидените мерки и активности содржани во Програмата за работа на Владата на Република Македонија во периодот 2002-2006 година.

Дел од тие приоритети ги слушнавме и од многу претседатели на држави и институции во честитките за изборот на г-динот Бранко Црвенковски за претседател на Република Македонија. И како потврда за досегашниот успешен и вистински пат, но и како очекување тој пат да продолжи. Така во своите честитки за изборот, г-динот Романо Проди ќе ја истакне потребата за целосна имплементација на Охридскиот договор, а г-динот Џорџ Буш нужните реформи на патот кон евроатланските интеграции и задржување на новоизградените меѓуетнички односи.

Почитувани колешки и колеги пратеници,

Сега е 2004 та година. Ја живееме 13 тата година од нашата самостојност. Поминавме низ многу искушенија, тешки моменти и кризи. Граѓаните имаа можност да видат која Влада имаше сенс за тоа како се гради државата, чувство за носење на вистински одлуки и решеност за реформски потези.

Бидејќи се работи за старо-нов состав дозволете ми да апострофирам некои позитивни придобивки и активности од досегашните членови на Кабинетот.

На пример реформите во одбраната. А за степенот на напредок на реформите во одбраната, ќе Ве поштедам од моите ставови и коментари, а ќе Ве упатам на ставовите што од оваа собраниска говорница пред неколку дена ги даде генералниот секретар на НАТО, Јап де Хоп Шефер, ќе се сложите најрелеватниот за тоа:

(цитирам) „ Реформите на одбраната сеуште е една тема со која треба да се соочи секоја земја.

Дозволете ми да ја искористам оваа можност да и честитам на Владата за напредокот остварен во оваа област. Одлуката да се изврши стратешка ревизија на одбраната беше и сеуште е огромен чекор во вистинската насока. Јасно, преземањето на

ваквата ревизија и нејзиното добро изведување се две различни нешта. Но, можам да ви кажам дека сојузниците се импресионирани и со решителноста и со реализмот со кој е пристапено кон овој тежок процес”. (завршен цитат)

Станавме еден од потписниците на Јадранската повелба. Тоа се покажа како цврсто партнерство на нашата држава со САД, кое ни обезбедува целосна сигурност дека Р. Македонија во 2006 ќе биде поканета за пристапување во НАТО, за веќе во 2007–та да стане полноправен член на НАТО Алијансата. Ова е нешто на кое навистина напорно се работеше изминатава една ипол година, ова е нешто кое бара многу труд и пожртвуваност.

Очекувам Владата и новиот мандатар да истраат во напорите за продолжување на реформите, и да ја одведат Македонија во предворјето на НАТО, да станеме полноправен член, членство од кое позитивен ефект нема да има само оваа Влада или коалицијата во парламентарното мнозинство, туку сите граѓани на Република Македонија.

Можеби најсвежиот пример за успехот на реформите на претходната Влада е поднесувањето на нашата апликација за полноправно членство во Европската Унија. Бевме охрабрени, а најавите и натаму пристигнуваат за тоа дека Македонија како никогаш досега не била поблиску до ЕУ и реално може да се очекува да станеме кандидат за помалку од 1 година. Три години по внатрешните судири, Коалиционата Влада на ова парламентарно мнозинство, ја нормализира ситуацијата во државата и создаде консензус за сериозно зафаќање со процесот на интеграција во Европската Унија. На овој начин Владата испрати јасен сигнал и кон Европа и светот, но пред се кон граѓаните на Република Македонија дека сака да изгради нормална земја, за која конфликтите се минато, а балканските разлики ќе бидат предност, а не хендикеп.

А како потврда на сето ова, повторно ќе се повикам на оние кои се повикани или задолжени (како сакате) да го оценуваат нашиот напредок. Така високиот претставник ан ЕУ за надворешна и одбрамбена политика, г-дин Хавиер Солана, во интервју за „Утрински весник” и прилогот „Европа”, на 01.02.2004, ќе истакне:

“Ние сакаме вашата земја да стане членка на ЕУ, а сите нејзини жители граѓани на проширената ЕУ. Предизвикот, сега кога Вашата Влада одлучи да ја истера работата до крај, секако ќе биде да им се докаже на скептиците дека не се во право. Мислам дека

изминативе две години беа навистина неверојатни. Воениот конфликт е завршен и безбедносната ситуација е подобрена до таа мера што земјата сака да се збогува со меѓународното воено присуство на теренот. Одредбите од Охридскиот рамковен договор иако со задоцнување сепак се имплементираат. Овој многу позитивен развој на настаните е јасен сигнал дека политичкиот процес кој го креиравме во Охрид 2001, сепак, дејствува”.

Апликацијата значи токму тоа. Манифестација на желба и подготвеност за довршување на започнатите реформи и целосно прифаќање на стандардите за членство во ЕУ. Но, не заради Унијата, туку заради самите нас. Затоа да повторам, истрајувањето на овие реформи е императив за Владата и ова парламентарно мнозинство, со единствна цел: Македонија во ЕУ, во корист ниту на СДСМ или Коалицијата туку во интерес на сите граѓани на Република Македонија.

Колешки и колеги пратеници,

Република Македонија покажа дека има изградено одбранбен механизам т.е. имунитет кон негативните случувања и трендови од соседството. Тука, пред се, мислам на опасноста од прелевањето на дел од мартовската криза на Косово во Република Македонија, но и ширење на вирусот на “умор од избори” регистриран во нашето северно соседство.

И во однос на обете можеме слободно да констатираме дека Република Македонија не дозволи да биде вовлечена назад во балканската транзициона кал, од која со сопствени сили и напори, но и поддршка од меѓународните партнери, успеавме да се извлече.

Напротив, оваа коалиција, Владата и парламентарното мнозинство, во изминатите година и половина, потврдија дека се спремни и способни да ги превземат обврските што стојат на патот кон евроатланските интеграции.

И повторно, потврда за ова ќе ви дадам преку цитат од последниот извештај на “Фреедом хоусе” за 2004. Во делот на законодавството е потенциран позитивниот развој почитувањето на човековите права, посебно со Законот за државјанство и заштитата на правата на граѓаните пред државните институции. А стабилните институции кои гарантираат демократија, човекови права и почитување на заедниците се основни елементи од политичките услови кои треба да се исполнат на патот кон ЕУ.

Токму тој факт, ми дава за право да верувам дека приоритетите наведени во Програмата на новата Влада ќе можат да бидат остварени во интерес на сите граѓани на Република Македонија. И со ист ентузијазам ќе се работи на исполнување и на економските услови.

Ги нагласувам политичките и економските услови бидејќи со декларацијата и дефинирањето на принципите на Советот на Европа од Копенхаген се наведени токму политичките и економските услови заедно со хармонизација на законодавството како приоритетни области во кој што кандидат земјите кој инспирираат да бидат членки на Европската Унија, мора напорно да работат.

Вложувањето на сите расположливи ресурси во криерањето на услови за одржлив економски раст и создавање на нови работни места очекувано го зазема највисокото место во агендата на Владата. Трендот на економски раст во 2003 година, треба да биде продолжен и засилен во оваа и годините што ни претстојат. Иницијалниот пад на индустриското производство на почетокот од оваа година, што се должи, пред се, на преструктурирањето на дел од капацитетите, не се очекува да го загрози проектираниот пораст на БДП, но е обврска повеќе за новата Влада уште веднаш да се посвети на ова прашање.

Дополнително, најавениот нов инвестиционен циклус во јавниот сектор, треба да го поттикне и градежништвото и останатите поврзани стопански гранки во создавањето на основа за подолгорочно ангажирање на постојните и изградба на нови капацитети. На ова, се придодаваат и најавените инвестициони вложувања од странство за оваа година, пред се, во изградба на комерцијални објекти, кои ќе ја поттикнат трговијата и конкурентноста, но ќе придонесат и кон канализирање на сивата економија во легалните текови. Имено, искуствата од земјите во транзиција говорат дека со влезот на големите трговски куќи на пазарот, доаѓа до намалување на обемот на готови пари во оптек, што е предуслов за намалување на обемот на сивата економија и зголемен прилив на средствата во буџетската каса. Со тоа, државата би можела да си дозволи намалување на даночното оптоварување на домашната економија, што, повторно би делувало стимулирачки кон интензивирање на економската активност и отворање на нови работни места.

Истовремено, би посочил на неопходноста од искористување на поволниот момент од проширувањето на Европската Унија. Тука, се очекува зголемување на интересот на странските инвеститори од или присутни во новите земји членки, за трансфер на дел од својата економска активност во Република Македонија. Предноста на Република Македонија, покрај другото, се гледа токму во слободниот пристап на нејзините производи на пазарите надвор од Европската Унија, за кои земјите членки подлежат на, за нив неповолен, асиметричен или непостоечки преференцијален трговски режим.

Притоа, како препорака или охрабрување да се истрае во активностите и приоритетите кои беа забележани во експозето на мандатарот господинот Хари Костов, нека бидат тезите на еден ум кој во своето дело Владата уште во 1513 година ги напиша.

“Нема ништо што е потешко да се спроведе, нити нешто чии што успех е најнеизвесен, нити нешто што е најопасно да се раководи, отколку што воведување на нов поредок, бидејќи реформаторот има непријатели во сите оние кои имаат корист од стариот поредок, а само рамнодушни бранители во оние кои би имале корист од новиот поредок”.

Така во суштина борбата за одржлив развој во суштина е борба за нов начин на размислување при што како и секогаш треба да се води сметка за страничите напади и опструкција од различни групи. За да се излезе од таа борба како победник потребно е да се сочува бистра глава и од мноштвото предлози да се издвојат оние системски решенија кои ќе бидат применливи во суровата реалност.

Почитувани колешки и колеги пратеници,

Овде би сакал да истакнам и неколку заложби кои навидум можеби се од технолошка природа,можеби не се дел од Рамковниот договор, но дефинитивно се дел од прашалниците кои ќе дојдат од ЕУ. Тое се секторот на информатичко општество, а внатре во него пазарот на телекомуникации и електроенергетскиот сектор.

Да бидам искрен, за секторот телекомуникации зборував и при реконструкцијата на Владата во Ноември 2003. Владата мора да го започне процесот на создавање на услови за влегување на вториот фиксен телекомуникациски оператот во државата, како најдобар начин да се решат маките на граѓаните и компаниите не само со цената туку и

со сервисите кои се нудат. Секако претходено со нов Закон за телекомуникации кој ќе ги овозможи прептоставките за влегување на вториот фиксен оператор.

Второ, концептот на електронска влада. Концепт кој е многу повеќе од едноставна примена на нови технологии, туку во основа претпоставува фундаметнална трансформација на начинот на работата на Владата и начинот на размислување и делување на луѓето. Во обликување на своите потреби, патот кон електронска влада бара активно учество и лидерство од самиот премиер и Владата. Секоја одговорна и демократска влада, мора да се залага за поефикасна и потранспарентна работа на администрацијата, со услуги ориентирани кон корисниците, постигнување на стандарди на квалитетно живеење, економски и социјален развој. А тоа се само некои од придобивките кои по дефиниција ги нуди електронска влада.

Овој концепт неможе да се реализира без цврсто партнерство со приватниот сектор. Ја поздравувм заложбата од експозето за враќањето и доминантна улога на приватниот сектор во државата.

Трето, продолжување на интензивните активности во стопанисувањето со енергијата и енергетското поврзување, како модел на вкупна интеграција во регионот и ЕУ. Економскиот развој е нужно пратен од оддржлив енергетски развј, што воглавном подразбира енергетска ефикасност и искористување на обновливите извори на енергија. Поголемо внимание кон изградба на мали хидроцентрали и стопанисување со природен гас во земјата.

Давајќи поддршка на идниот премиер и неговиот кабинет во име на пратеничакта група на СДСМ, сакам да потенцирам уште нешто.

Господине мандатар или иден Премиер Вие, Вашиот кабинет и ние имаме обврска да го оправдаме ставот кој го искажа г-динот Крис Патен пред Германскиот Бундестаг, пред неполн месец дека „Република Македонија претсавува најголем успех на Европската надворешна политика во изминатите неколку години”.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Макрадули.

Бидејќи имаме уште 15 минути, а имате реплики, нека се пријават колегите за реплики.

Господинот Замир Дика е прв и со тоа завршуваме со пријавување на реплика. Имате 3 минути.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам господине претседател,

Во излагањето на претходниот говорник јас ги видов проценките на Владата врз кои таа ја гради својата политика за во иднина.

Жалам, почитуван колега, што во сите оние цитати што ги направивте ниеден не заслужува, ништо не кажавте, не дадовте внатрешна проценка, туку ги цитиравте само проценките кои доаѓаат од надвор, од надворешни фактори кои велат дека ние живееме во рај.

Да ве потсетам господине пратеник дека и пред 2001 година на сите овие меѓународни институции велеа дека во Македонија има добри меѓуетнички односи и економска стабилност и општествена стабилност, а се случи тоа што се случи.

Сакам да кажам дека не треба да градите виртуелна реалност, засновајте се врз сегашната реалност, а реалноста е дека со флагрантната кражба што се направи во текот на претседателските избори, посебно кај албанскиот електрорат самите албанци се незадоволни со имплементацијата на Рамковниот договор со економската ситуација, ниту македонците не се задоволни, а вие единствено се засновате врз оваа реална ситуација, вие ги цитирате странците кои велат дека ние сме живееле во Швајцарија. Независно од релевантноста на овој фактор јас мислам дека е погрешна основата врз која ја градите вашата политика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Макрадули, имате една минута, повелете.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господине Дика, не живееме во некоја виртуелна реалност, точно знаеме кој ги кршеше кутиите, кој со пиштоли се појавуваа на избирачките места. Тоа не само што го знаеме ние, тоа го знае цела Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски, имате три минути реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Ова мислам дека беше експозето на СДСМ, бидејќи мандаторот не е член на истиот. Го слушнав добро образложението од господинот Јани Макрадули и следи дообјаснување на усменото експозе, значи електронски влади, кој што кажал за нас, голем ентузијазам на Владата да ги решава сите проблеми. Би сакал да ве замолам една работа и вас и Владата, приоритетите еднаш да се завршат, да ги кажете луѓето, да почне да се размислува за она што значи економски просперитет, вработување и животен стандард и намалување на сиромаштијата. Лекции за овие работи можете да ни диктирате колку што сакате, колку сакате генерални секретари, колку сакате од Европската унија, што ќе ви кажат браво за ова, но заборавате да цитирате што кажаа за судството, истиот генерален секретар на НАТО. Да кажат дека сме први во сива економија во сите земји на Југоисточна Европа и тоа заборавате да го кажете. Сакате да кажете дека градежништвото што ќе го зголемиме во голема мерка, а од друга страна носите одлуки данокот на додадена вредност да се покачи од 5% на 18%. Како ќе се покачи градежништвото, го замревте оваа година. Значи, сите овие работи, ова што го кажувате, треба еднаш да знаеме што се приоритети, до кога можеме да ги завршиме и еднаш ова што им го ветивте на луѓето на 15 септември, да почнете да го исполнувате. Ветувањето не беше дека во 2007 година, како што кажувате дека ќе влеземе во НАТО, или за една година во Европската унија. Такви работи господине Макрадули немојте да ги кажувате, немате одговорност знам, но мислам дека и 2013 година ќе ни биде малку, со ваквиот начин на реформи и она што го направи Владата на Република Македонија во овие 18 месеци и што понатаму со истите луѓе очекуваме да направат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Макрадули, имате една минута.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Ќе се обидам накратко, иако како по обичај господинот Мавровски зборуваше за други теми, а не за реплика во поголем дел од дискусијата. Лошо е кога ние самите не си веруваме во себе, без разлика дали сме позиција или опозиција. Лошо е кога и пред граѓаните на Република Македонија демонтрираме дефешизам, нихелизам и ред други работи. Треба заеднички да работиме и позицијата и опозицијата при приставувањето кон НАТО и Европската унија да ни е приоритет да се радуваме и да работиме тоа да ни се случи час побрзо. За ставање сопки, за ставање спрепки мајстори сме. Тоа го знаеме, сме го научиле. 20 дена ќе дискутираме за незбитни теми, а кога ќе треба да се дојде до клучот, тогаш некој друг доцни, нешто друго нам ни смета. Ајде да ги оставиме тие маркетиншки работи, да се зафатиме со работите што се во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов, имате три минути.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Макрадули, ви благодарам што оваа мала книшка која се вика Устав на Република Македонија, всушност, само завзема место во библиотеките во земјите, затоа што јас живеам во илузија дека Република Македонија, тргнувајќи од историското, културно, духовно и државно наследство на македонскиот народ и тн. и она што го пишува во членовите 1 и 2 во основните одредби е грижа пред се на граѓаните на Република Македонија и институциите кои тие ги бираат, а еве вие успеавте да ни докажете дека всушност, ние сме биле резултат на успешната политика на Европската унија. Па благодарам, можеме да расправаме тоа да го регулираме со соодветен амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Жарко Караџоски, имате три минути.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, навистина среќна околност што ни беше поделен материјал, поточно она што се предвидува денеска да се изгласа, а среќна

околност е затоа што ако нешто не беше јасно да се види, тоа е дека мандатар предложен од господинот Бранко Црвенковски е Хари Костов. Инаку, да бидам искрен јас си помислив дека мандатар, односно нов мандатар е господинот Јани Макрадули. Тоа е таа среќна околност. Неговата дискусија што ја слушнав овде, не може никако да се оквалификува освен како експозе. А господинот Хари Костов пред да го даде експозето навистина требал или можел тоа да го стори, да го земе Јани Макрадули за советник, да знае како се поднесува експозе. Инаку, една работа е чудна. Чудно е како господинот Јани Макрадули како координатор на пратеничката група на СДСМ има дури и некои идентични погледи и ставови, дури исто како мандатарот, иако овој не е негов советник. Јас да ви кажам искрено да имаше можност господинот Бранко Црвенковски денеска да го слушнеше господинот Јани Макрадули, јас мислам дека ќе ја сменеше одлуката и најверојатно, предлог за мандатар ќе му беше господинот Јани Макрадули.

Инаку, господине Макрадули едно е сигурно. И вие и Хари Костов и цел СДСМ долго време статирате во ист филм, а тој филм може да се оквалификува како ужасно досаден.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Макрадули, имате една минута.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Добро, ние филмот упадот во Хотелот “Панорама” не можеме да го снимиме никако, тоа ви признавам, но можам да ви кажам дека СДСМ има идентични ставови со сите граѓани на Република Македонија што и мислат добро на Република Македонија. Ние партнерите ги бираме оние што и мислат добро на Република Македонија и граѓаните што живеат во неа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете последна пред пауза за реплика е госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе,

Да му напоменам само на почитуваниот колега и да му спомнам Гевгелија, можеби ќе му асоцира на нешто. Точно е дека ги рефлектира програмата што ја дава мандатарот Хари и ги детерминира социјалните состојби и проблеми, но јас навистина, никаде не

успеав да бидам почитуван колега некакви конкретни или прецизни заложби за спроведување ако се вратиме во месец ноември 2003 година, имавме годишен извештај илустриран, годишен извештај на Владата  во која го кажуваше истото тоа што господинот Хари Костов го предлага тука како мандатор. Денеска ако веќе оваа Влада толку се залага за економски просперитет и за се она што го навела во Програмата, тогаш барем малку поконкретно да ни ги дадете нивните сугестии, а не вака сувопарно и прецизно технички изведено, затоа што Владата досега беше техничка од кога настапува па до денес. Господинот Јани Макрадули спомна и реформи, ама ние ја слушнавме само реформата во одбрана. Слушнавме само цитати од генералниот секретар на НАТО, поздравни телеграми и честитки за господинот Црвенковски од Буш и она што највпечатливо во целата оваа работа е највисокото петто место за динамизирање на стопанските активности, структурните реформи, привлекување на странски инвестиции, намалување на невработеноста и сиромаштијата. Значи тоа високо петто место во Програмата на Владата доволно говори за заложбите на оваа Влада за борба против невработеноста и сиромаштијата, кои претставуваат најголеми проблеми на граѓаните во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута имате господине Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Во интерес на јавноста да кажам дека Гевгелија никако не ме поврзува со пратеничката Марија Којзеклиска, туку со Перо од Мрзенци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,оо часот)

Пратениците да влезат во салата, а и мандтарот исто така.

Продолжуваме со работа.

Реплика имаше пратеникот Блаже Стојановски.

Не е тука, избришете го.

Реплика имаше и пратеникот Ружди Матоши, не е тука, избришете го и него.

Господине Андов, имате збор, или сакате да го причекаме мандатарот.

Го молам мандатарот да влезе во салата.

Тука е Јани, на кого сакавте реплика. Јани Макрадули е тука, вие не дојдовте на време.

Второ, не знам зошто за реплика мандатарот би требало да биде тука.

Не мора, во Деловникот никаде не пишува дека мора да биде присутен. Тоа е ако побарате вие. Бидејќи господинот Стојан Андов побара.

Господине Хари Костов, ако ме слушате ве молам влезете, почнуваме со седница.

Господинот Хари Костов да дојде, бидејќи господинот Стојан Андов има настап и сака да биде чуен од мандатарот.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитуван претседателе, почитуван мандатар господин Костов, почитувани кандидати за министри, почитувани пратеници,

Без оглед на моменталното расположение во секоја земја кога се избира Влада, тоа е важен настан во државата и треба сите да вложиме напор да ја разјасниме ситуацијата во која Владата на Република Македонија ја бираме да видиме, да оцениме дали е тоа чекор напред, чекор назад, дали е тоа стоење во место во однос на претходната влада. Правилно да ги оцениме ставовите од програмата и од експозето на мандатарот, да се обидеме да дадеме некои сугестии, кои мислиме дека се корисни. При тоа, сеедно е дали оној кој ќе земе збор е од оние пратенички групи кои ја поддржуваат Владата на Република Македонија, или пак е од опозицијата, бидејќи на крајот на краиштата таа Влада што ќе биде денеска избрана, ќе ја остварува извршната власт во државата од периодот што претстои пред неа, а корист или штетата ќе биде заедничка на сите нас. А обврската е на секого од нас да се обидеме да има повеќе корист, ако може, помалку штета од работата на Владата.

Внимателно ја читав програмата на мандатарот и неговото експозе  и тој тука во експозето останал доследен на она што го зборуваше во Програмата, нешто малку ги проширил работите и додал некои работи на подруг начин, небитни за натамошната работа на Владата на Република Македонија. А останува и после експозето, т.е. после Програмата и после експозето едно важно прашање, дали нешто се менува со изборот на оваа Влада и на кој сектор работите ќе тргнат на подобро.

На крајот на краиштата, овој настан граѓаните го очекуваат и ги интересира само да видат дали навистина, може нешто подобро да се работи од досега, бидејќи огромно е незадоволството на граѓаните за тоа како е водена оваа земја и што е тоа што се случува во неа. Тука не е реторичко прашањето оваа Влада, сега нова Влада, дали е суштински нова, или е само формално нова Влада. Фромално е секако, нова Влада. По составот таа добива еден член, ккој не бил до сега член на Влада. Разбирам дека е тој господин не е член на партија. Тоа никаде не го сретнав во текстовите до сега, дали е и новиот министер за внатрешни работи, господинот Силјан Аврамовски член на партија или не е, бидејќи премиерот не е член на партија. Така изјавува и нема зошто да не му веруваме.

Друга новина во оваа Влада е што не е Бранко Црвенковски во Владата. Треба да видиме дали тоа нешто предизвикува ново во работата, во состојбите со Владата.

Што се однесува до некои потези што во меѓувреме Владата ги направи и верува во согласност  со новиот претседател кој сега е предложен на Владата, мандатарот, малку сум загрижен за начинот како ќе ја води Владата. Владата во меѓувреме одкога господинот Црвенковски не е претседател, направи два потега кои се за сериозно размислување.

Прво, навлезе во расправи во една институција како што е Заводот за статистика да ги исправува неговите податоци што мислам дека не незгоден преседан и не е убаво така и

Второ, ни предложи закон кој предвидува минимум излезеност кај локалните избори од 33%, што сметам дека исто така е на уштрб на демократскиот капацитет, демократските настројувања на Владата, нејзината рестриктивност во довербата спрема граѓаните и тн. Тие два потега би сакал претпоставувам дека се некој остаток од старата Влада, дека оваа Влада ќе настојува да биде многу поопуштена пред фактите и со поголем почит и спрема граѓаните и нивото право на глас, а тука еден друг потег исто така е значаен, верувам е во договор со мандатарот, што е повлечен Нацртот на законот за ракување со кризи.

Сметам дека тука е покажана една определба повеќе да се соработува со опозицијата и мислам дека може тоа да биде и некој знак за атмосферата во Владата. Јас би сакал така да биде.

Она што генерално не ми се допадна од ова експозе, тоа е еден впечаток што кандидатот за премиер господинот Костов не одбра една низа 3, 4, 5, 6, 7, 8 прашања кои имаат општ карактер и имаат општа важност за кои требаше по мое мислење да побара соработка со опозицијата, да побара и разбирање, да побара и поддршка од опозицијата, заради тоа што такви прашања кои ги имаме ние овде, потребен е консензус во нивното решавање, за да можеме тие прашања на подолг рок да најдеме форма, на подолг рок да добијат свое решение за да се олабават состојбите во државата и да се подобри статусот на државата кон меѓународната заедница.

Наместо така да постапи, тој изгледа ако не е член на ниедна партија, подлегна под атмосферата на меѓупартиски заострувања и препукувања и продолжи со натамошни спорења и оспорување на состојбите и на работата на Владата до 2002 година, иако тој самиот рече дека е член на Влада која година и пол работи. Ние ќе расправаме само за тоа што оваа Влада работи и сработила, за да можеме да видиме како понатаму, во која насока ќе одат работите.

При тоа, сакам да се осврнам на неколку важни прашања, или дел за оние прашања за кои е потребна и соработка со опозицијата и поддршка од опозицијата, господинот Крстевски ги наброја и јас нема да ги повторувам. А за еден дел што не спомна, сега ќе ви кажам. Ние всушност, околу две точки да кажам, треба да ги средиме така работите, која Влада да дојде да може да има поддршка од опозицијата во изнаоѓањето на решенија, макар да владите почесто да се менуваат, таа состојба на консензус околу тие две прашања, по мое мислење, би требало да ја негуваме како наш појдовен став на сите што се занимаваме со политика и имаме амбиции да влијаеме врз иднината на  оваа земја.

Првото прашање од таков карактер е Рамковниот договор. Рамковниот договор го трансформиравме во уставни амандмани, еве, донесуваме повеќе закони и она што очекував од премиерот сега е да даде точна проценка до каде сме сега во остварувањето на Рамковниот договор и кога досие ќе го затвориме. Да не ни се случи, после година,

две, пак да ни кажат чекајте сега и за придружување, стапување во полноправно членство во НАТО и напредување на статусот кон Европската унија, без кои не можеме да одиме натаму. Ниедна многу поголема земја не може да остане изолирано, како што е сега нашата земја. Ние сме изолирани и тоа не само во однос на визите, туку и трговскиот режим, иако мислиме дека многу сме постигнале, и во однос на расположението кон нас и како не третираат во приказите кога се прикажуваат земјите на запад итн.

Според тоа, тоа општо настојување и општа обврска да си го подобриме статусот како земја, како основа - морам да Ви кажам ако не ги поставиме тие две прашања на правилен начин, а второто прашње после ќе го кажам, и не ги решиме така да речам, да ги решиме со тоа што сите сме еднакви и единствени по тие две прашања,не ќе можеме да направиме чекор напред ни во економијата.

Второто прашање за кое мислам дека треба да имам многу појасна проценка се однесува на структурните реформи и општо реформите и развојот на земјата. Ако постојано имаме противречни оценки за Рамковниот договор и неговото остварување и ако имаме разни противречни оценки, или изостанува наше стратегиско определување, сосема јасно за реформите, и околу тоа да имаме консензус, нема да имаме битно зголемување ни на странските инвестиции, нема да имаме зголемување на економскиот раст, нема да имаме успешно решавање на невработеноста која е огромна, нема да имаме ни значително подобрувањ ена животниот стандард на луѓето, ниту на квалитетот на животот на луѓето.

Она што нам ни недостасува на секторот на реформите, јас мислам дека ќе се согласите сите дека ние имаме неуспех на реформите. Не зборувам за овие, односно ќе кажам за секторот на Армијата што се прави и сега што треба да се направи, но ние немаме успех во реформите и тоа од понеодамна. 1993 година е заземен еден поинаков став кој не даде резултати и не можеме да се одлепиме од тој став. Немаме сопствени сили. Ние досега не направивме - а по усвојувањето на Рамковниот договор и неговото евентуално довршување, нам ни е потребен еден стратегиски документ, повеќе отколку било кога досега, за да може и тој Рамковен договор да има позитивен уплив на нашиот економски развој. Таа уникатна состојба која е во Македонија, а велат е неприменлива за Косово, Летонија, Естонија, Литванија, ако не успееме изработувајќи стратешка

ориентација што сите ќе ја поддржиме да ја трансформираме во наша евентуална економска корист, во најмала рака да не ни биде голема економска штета, ние ќе тапкаме во место и натаму ќе пропаѓаме. Токму заради тоа што ние немаме стратегиски документ кој го имаат другите земји за реформите, ние немаме ни лидерство на реформите. Во сите земји каде се спроведуваат реформите, сепак, еден или еден тим има одредени овластувања да ги води работите. Начинот како ја формира Владата г. Костов - веројатно тој не можел поинаку да постапи - мене не ми дава убедување дека тој проблем наскоро можеме да го решиме. Едноставно за да не влезе во бескрајни пазарења со партиите кои се во Владата, овде кажува дека ја зема целата Влада така што само своето место кое го испразнува го пополнува со експерт кој професионално се развивал. Тој приод како приод мислам дека е оправдан, ама тоа значи само дека тој не ќе биде во состојба да го начне прашањето на концептот, на сопствениот уникатен приод кон реформите. Кога кај нас доаѓале реформите како притисок од ММФ и Светската банка, без самите да осознаеме и се определиме да ги правиме, постојано излегувале наопаку. Излегувале така што граѓаните, населението ќе ја плати цената на реформите, ама корист од тоа немало. Тоа е опасна работа, ќе го свртиме целиот народ против промените кои мораме да ги извршиме, не можеме да не ги извршиме. Ние сме скоро до таму дојдени. Овој очај кај народот и оваа рамнодушност која сега се чувствува таму е вкоренета.

Затоа, малку ми е непријатно што вака ќе стартува г. Костов на ова место, ама нека размисли добро во мандатот дали може да ја измени таа состојба. Помали земји со низок степен на развој, со изразени неусогласености и противречности, со многу ограничени ресурси, со ниска конкурентна способност на нивната економија паѓаат во ваква ситуација, како што сме ние сега што не може да се репродуцира сама без донации, грантови, без некои олеснителни околности итн, но тешко наоѓаат сила самите да излезат од тоа. Идниот премиер - несомнено дека ќе биде избран бидејќи имаат мнозинство - добро би било да подразмисли за некое присуство на меѓународната заедница, за начинот на присуството кое би ни помогнало, но не преку воени или полициски сили, не преку политички советници кои ќе ни кажуваат кого да апсиме итн, не преку продлабочување на меѓупартиските судири итн, но по други основи. Имено, да ни помогнат да го пробиеме маѓепсаниот круг на сиромаштијата, недостиг на развој,

недостаток на капитал, непристапност на капиталот, непривлечност на земјата, неспособност на нејзината конкуренција надвор итн. Бугарија која беше значително зад нас во реформите го избра т.н. валутен борд. Не мора да се отслика таа состојба, ама оти некој ни е потребен и треба да најдеме форма која е применлива на оваа наша уникатна состојба и таа форма да ја примениме, да не градиме брани и да не градиме илузии. Да не градиме брани кон таа меѓународна заедница, само да ги сакаме парите од неа без да има нејзино влијание во поттикнувањето на развојот на стопанството овде, и да не градиме илузии дека имаме сопствени сили, научници, стручњаци итн. Ако тоа го совладаме и ако за тоа најдеме решение, ако тргне кон нас, верувам дека сите други тензии ќе ги гледаме со сосема друга диоптрија и ќе ни значат нешто друго, односно ќе бидат од второстепено значење.

Зошто ова го зборувам? Кога се покрена прашањето на приватизацијата, јас имам еден став кој не беше уважен. Се уважи еден комплициран модел, кој нанесе многу големи штети овде. Тогаш ми одговараа луѓето дека има луѓе што ги знаат работите итн. Не само во приватизацијата, туку и во реформите имаме луѓе кои знаат некои работи, дури има луѓе што знаат повеќе работи. Но ве молам, тие се наши луѓе со никакво влијание надвор. Кој ќе им верува на нив дека тие точно го знаат и се во состојба тоа да го остварат. Затоа се потребни институции, форми, на кои им се верува дека овде е зрела состојбата за да тргне напред во економијата и да можеме да почнеме успешно да ги решаваме тие проблеми. Тука не треба многу да се размислува околу подложноста на меѓународната заедница, дури и на суверенитетот. Бугарија својот суверенитет сега многу подобро го остварува отколку пред тој валутен борд. Не сакам да сугерирам некоја дефинитивна форма, но дека сами само губиме време и не можеме да излеземе од овој маѓепсан круг е сигурно така и имајте храброст да чекорите напред, да направиме некој пробој од кој после ќе се види дека навистина има резултати.

Ова можеби не треба да му го кажувам на еден кандидат за премиер кој е од партија или застапува став на партија ако не од партија, со која сме политички ривал, јас сум во опозиција итн. Меѓутоа, морам да ви кажам дека многу време губиме околу тоа, ако можеме да не му кажеме или да го спречиме тој што е должен да работи, а потоа ќе се редиме, еднаш едниот ќе го спречува другиот, па кога другиот ќе дојде во позиција ќе

го спречува овој првиот. Таа работа така никаде не води. Многу време изгубивме. Според шансите што ги имавме и состојбата до која сме дојдени, ние сме сега најназад меѓу сите земји во Европа. Оние потчукнувања по рамо од овој или оној, не храбрат сепак нешто да направиме. Такви имаше 1999 и 2000 година, се зборуваше за лидери на реформите итн., ама не излегоа така работите.

Како што рече и г. Крстевски, мислам дека сме блиску да направиме некој подобар чекор кон НАТО со овие реформи што се во таа област. Меѓутоа, кога беше тука генералниот секретар на НАТО требало да се искористи - ак немавме Влада, Владата си постоеше, континуитет мора да има - треба да се обезбеди да бидеме спомнати во Инстанбул по име и презиме. Да бидеме спомнати со некои појасни насоки, обврски и задачи, ама да бидеме спомнати. Во тие кругови на меѓународната заедница, од кои на крајот на краиштата после произлегува што ќе се направи и каков ќе биде исходот, тие гледаат само во документи: како сте влегле, сте влегле, не сте влегле, на крајот на краиштата само тоа е важно. Тоа што ќе рече и ќе даде изјава овде, онде, тоа не е многу важно, тоа е тековно поттикнување.

Јас се согласувам дека не е лесно да се одлучи еден премиер кој е на половина од мандатот на Парламентот за ваква работа, особено ако се занесува со повеќе претпоставки, а неточни работи, што беа зборувани пред изборите дека оваа коалиција кога ќе дојде на власт веднаш ќе ја примени програмата која ја работеле 300 домашни и светски експерти. Јас мислам дека тој треба да биде свесен дека тоа беа лаги, нема врска и треба да промисли да не се влечка по такви фрлени срни по кои треба да трчаме, туку треба да се определи по овие прашања кои јас мислам дека тој ги има во главата. Ако ги нема во главата, штета за местото и за него, бидејќи ние мораме да направиме пробој, инаку нема излез.

Што се однесува до овие реформи кои тој ги најави, тој најави реформи во судството и рече дека ќе направи платформа за три месеци, така го разбрав, веројатно добро го разбрав. Не ми е многу јасно зошто му се потребни три месеци. Морам да ви кажам дека состојбата во судството секој кој оди на власт треба добро да ја знае. Тие требаше да имаат своја платформа за состојбата во судството и како да ја решава. Ако чекаа некој од надвор да им каже дека состојбата во судството е таква и таква и сега

треба да ја решавате, тоа не е добар метод, тоа значи само лош знак на реформите од страна на Костов, дека по сите прашања тој така ќе се поставува. Тоа е една инертна позиција, една позиција не многу јасна. Тука има една околност поради која јас го разбирам Костов. Точно е и тоа дека сегашните судии на сите нивоа се избрани фактички околу 80% од нив, кога оваа партија која е на власт, а тој не е член на таа партија, била на власт и бирала судии. Треба со нејзиниот проблем да се зафати што го наметнале. Тоа е така. Можете да проверите, можеби се работи за 75% или 85%, но тука е, околу 80%.

Според тоа, и тука ќе биде потребна консултација со опозицијата, соработка со опозицијата. Не треба никој да се занесува дека постојат реформи кои се од интерес само на оваа Влада или само на оваа владеачка партија или оваа коалиција. Реформите или се од интерес на сите граѓани или 99% од граѓаните или тие не се од корист на земјата. Затоа, по сите тие работи, пред да се излезе со офанзива во медиумите, пред да се изречат сите предупредувачки работи, бидејќи некој е против реформите ако има поинакво мислење за конкретните предлози итн., да се обават добри, искрени консултации и разговори со парламентарните партии, било да се од опозицијата или оние кои се во состав или се блиску до оние кои се сега на власт.

Ова се моите сугестии но и моите сугестии на новиот кандидат за премиер.

Сега сакам да Ви кажам како ќе се однесува нашата партија. Бидејќи господинот Костов, дали е принуден или самиот така сака, во целина ја зема Владата на Црвенковски, ние ќе гласаме против изборот на оваа Влада. Но ако од овие сугестии кои ги дадовме усвои и ако на таа основа почне да предлага мерки и закони, во целина таа Влада по тие прашања ќе ја поддржуваме.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Зиди Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван пртседател на Собрание, почитувани дами и господа, денес пред нас имаме предлог за нов состав на Влада кој што предлог во суштина не менува ништо,

односно се зборува за еден стар состав со нов мандатар кој што исто така бил член на старата Влада и според моето мислење неуспешна Влада досега. Кога сите граѓани на Република Македонија се надеваа дека нешто дефинитивно ќе се измени што се однесува на раководството на државата, односно ќе има измени во составот на Владата за подобрување на животниот стандард во државата, се случи спротивното, ништо од долгоочекуваните измени не се реализира. Беше потреба на времето граѓаните на Република Македонија за година ипол на владеење на коалицијата СДСМ ДУИ и граѓаните живеат во тешка сиромашна состојба, жалосни и невработени. За оваа жалосна состојба говорат цифрите кои што се високи. 600 илјади луѓе на праг на сиромаштија, 400 илјади невработени. Сите овие податоци покажуваат дека еден голем број на граѓани во државата не можат да обезбедат егзистенција за себе и за нивното семејство. Значи, оваа Влада не презела ништо барем да ја подобри оваа тешка социјална економска состојба, не направила потребни обиди да се рестартираат постоечките капацитети за работа, да не зборуваме за отворање на нови капацитети и да може да убеди некого дека навистина работите одат на добро и да поттикнат внатрешни и надворешни инвестиции. Основната причина која што Македонија ја става во позиција на најнепривлечна држава за надворешни инвестиции меѓу другото е и неодржливоста на политичката стабилност, нешто што видно влијае на ниското ниво на демократија во државата на функционирање на правната држава и економска стагнација. Повторно основен виновник за оваа ситуација секако е Владата која што не сака да има политичка стабилност, бидејќи го заобиколува Охридскиот договор или нема можност да го имплементира така како што е потпишано, бидејќи само вистинското имплементирање на Охридскиот договор гарантира соживот, толерантност, политичка стабилност и потоа и економски развој. Плодовите на Охридскиот договор и по година ипол за населението сеуште се недофатни, односно не влијаеле позитивно на нивното секојдневие. Конкретно нема никакво подобрување што се однесува на употребата на јазиците, односно на албанскиот јазик како втор службен јазик во Македонија. Иако во оваа насока има резултати, јас би ги замолил да ме убедат дека има такви. Нема никаков конкретен резултат што се однесува на подобрување односно на документите за патување, патните исправи, иако законот е донесен пред една година сеуште во државата не е издаден ниеден документ за патување на два јазика. Нема

никаков резултат кога е во прашање бројот на застапувањето на албанците во државните органи и наместо овој број да се зголемува, следи пад на овој број како резултат на реформите кои што се прават по јавните претпријатија, државни и во односните министерства.

Друго прашање кое што секогаш ги зголемувало притисоците и тензиите сеуште е нерешено, нерегулирано со закон, тоа е прашањето на употреба на националните симболи. Што се однесува на новата територијална поделба и на фискалната, ние исто така имаме забелешки дека оваа Влада доцни со донесување на законите кои што ја регулираат оваа област и дека истите во текот на првата фаза поминаа со многу забелешки и реакции од многу релевантни фактори во државата, дури и надворешни фактори мислат дека овие закони треба да претрпат измени. Од причина што со од овие закони и со оваа нова поделба се овозможува создавање на енклави и се дискриминираат албанците, посебно албанците во Скопје кои побараа во Градот Скоје да имаат урбана општина со мнозинство албанци, а тоа беше општина Кале, затоа што актуелниот предлог оневозможува албанскиот јазик да биде службен во градот Скопје. Значи, албанците во Градот Скопје нема да имаат право да го употребат албанскиот јазик.

Што се однсува на финансирање на општините, само еден процент од даноците кои досега се собрале во државната каса, одсега натаму ќе се собираат, ќе се прелеваат во општинските каси и со овој еден процент јас сум сигурен дека општините нема да имаат можност да го постигнат квалитетот на услугите и граѓаните да имаат корист од измената на овој закон. Значи, сите овие факти кои што ги споменав покажуваат јасно дека Македонија и по донесувањето на овие закони, значи Законот за децентрализација останува сеуште една од најцентрализираните држави во Европа и во светот.

Реформите во судството од сите извештаи на разните организации на релевантните меѓународни фактори, ако сакате и од последната средба што ја имавте со генералниот секретар на НАТО ви беа дадени сугестии дека во оваа насока не е напрвено ништо. Бидејќи година ипол министерот за правда го раководи овој ресор наместо да се занимава со овие реформи, тој се занимава со пратениците од опозицијата навредувајќи ги во текот на парламентарните седници и во последно време оди и

подалеку, почнал и да ги дисциплинира новинарите, посебно албанските новинари. Значи, еден министер којшто за година ипол ништо не презел за да имаме реформирано судство сега кажува дека ова можеби ќе го направи во иднина и затоа не води да се сомневаме дали ќе има успех, бидејќи досега не презел ништо во оваа насока.

Борбата против криминалот, организираниот криминал и корупцијата, овие појави се многу нагласени во Македонија и се еден од основните проблеми кои што требаше да ги реши оваа Влада, бидејќи едно од најголемите ветувања за 2001 година во текот на изборите беа токму борбата против организираниот криминал и корупцијата. Меѓутоа фактите говорат дека во Македонија сеуште имаме пораст на овие појави и Македонија се рангира 9 места погоре во листата на најкоруптирани држави во светот. Заштитата на правата и слободите на граѓаните, сите знаеме добро дека во оваа насока нема никаков прогрес. Ова го докажува и самиот извештај на народнот правобранител, Хелсиншкиот комитет и многу други меѓунаронди организации и самата изјава на министерот за внатрешни работи, сега мандатарот кој што во еден момент рече дека Македонија само малку ќе личи на полициска држава. Ова самото докажува дека ние уште ќе имаме присуство на една полициска држава од причина што се газат правата и слободите на граѓаните, имаме многу претставки во Комисијата за заштита на правата и слободите на граѓаните при Собранието на Република Македонија. Овие претставки се во однос на газење на слободите и правата на граѓаните. Јас мислам дека во оваа насока оваа Влада треба да преземе конкретни чекори. Значи, имаме тешка состојба и имаме Влада која досега не покажала резултати. Да се надеваме дека ќе покажат резултати од причина што, ако работите одат добро, тоа е во прилог на сите, бидејќи вие секогаш критиките од страна на опозицијата ги земате како многу трагични, дури одите и до таму што почнувате и да ги гоните, правејќи и конкретни чекори ги затворате, ги приведувате пратениците им овозможувате на бившите функционери и монтирате разни случаи итн.

Што се однесува на тоа дека некои поранешни функционери и бегаат на одговорноста иако некогаш тие добро се служат со македонскиот јазик, а сега го заборавиле македонскиот јазик, како што рече мандатарот, тоа не е вистина. Мандатарот треба да знае многу добро, а и сите вие и цела македонска јавност дека Македонија по

2001 година не е таа која беше пред 2001 година. Сега, секој граѓанин има право, посебно тие што се над 20% да го употребат нивниот мајчин јазик и во текот на судските седници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Претходно би сакал да замолам ако е тоа случајно, пратеникот од поубавиот пол кој што пријави друг пратеник кој што не е присутен тука, да го одјави, бидејќи само присутните пратеници можат да се пријавуваат сами.

За реплика се јави г-динот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе,

Ќе реплицирам само во делот на излагањето околу реформите на судството. Имено, последните два дискутанти незнам од кој аспект, дали од експозето на премиерот извлекоа еден погрешен заклучок па кажаа дека Владата во овој перод не започнала со реформите, или истите треба да чекаат да поминат три месеци, или 100 дена за да почнат со реформите. Јас би кажал дека тоа апсолутно не држи, а не држи од следните причини. Само ова Собрание усвои повеќе паќет на закони и проекти кои се однесуваат на реформите на судството. Па би сакал ценетиот колега и претходникот, а и сите вас да ве потсетам за следните веќе усвоени закони како што се: Законот за државни службеници, закон за судскиот буџет. А имено со донесување на овој закон се зајакна и независноста на судството преку редефинирањето на системот за негово финансирање, понатаму, законот за договорен залог, законот за амнестија на воените обврзници за одбегнување на воената обврска кој опфати 12.500 граѓани, потоа еден многу битен закон, а тоа е Законот за измена на кривичниот законик и тоа во неговиот член 396 кој се однесува за недозволена трговија со оружје. Посебно би го истакнал и Законот за ратификација на вториот дополнителен протокол на Европската конвенција за меѓународна правна помош во кривичната материја на Советот на Европа. А од проектите кои веќе се започнати и реализирани, морам посебно да ги истакнам, тоа е проектот за адаптација, санација и реконструкција на правосудните органи на Република Македонија, проектот за интегриран правосуден информациски систем во чии рамки е изготвена и софтверска апликација за судството во Република Македонија, но и она што

посебно би сакал да нагласам, тоа е дека со Владата на САД и нашата Влада се постигна договор за спроведување на проект за модернизација на судството во Република Македонија. Сакам да истакнам и со тоа би завршил во делот на репликата, дека реформите во правосудството ќе следат и понатаму, но со уште позабрзан чекор.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Г-дине Томиќ, мојата заедничка констатација е на сите и на граѓаните е дека има реакции во оваа насока и ако судството во Македонија се идентификува со долги судски процеси, неефикасност, политизација, партизација итн. Така што сето ова, цела оваа констатација е и од релевантни меѓународни фактори и од граѓаните и од самиот мандатар, вие не можете да ги демантирате од причина што фактите говорат дека ситуацијата е ваква .

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Јас во првиот дел не го слушнав излагањето на г-динот Зиди Џелили, меѓутоа во она што успеав да го следам, тој говореше за децентрализацијата. Тука можам со сигурност да му кажам дека тие имаа прилика тоа да го направат во претходниот состав, меѓутоа, еве сега оваа Влада тоа го работи и тоа доста интензивно. Меѓутоа, јас и во говорот кога беше по однос на децентрализацијата реков дека ние треба сепак да одиме претпазливо за да не ни се случи проблемот кој се случи во Маџарска, дел од ингеренциите кои беа пренесени на локално ниво, сега се случи сега пак да ги враќаат на централно ниво. Значи, оваа влада, и претходната и оваа Влада сега тоа забрзано ќе го работат и ќе работат во тој правец, така што и тоа го покажавме.

Корупцијата, борбата со искоренување на ккорупцијата и борбата против криминалот, и колегата Зиди тоа добро го знае, бидејќи од друга страна колку и оваа Влада успешно се бори со борбата против корупција, одредени структури тоа уште посилно го стимулираат од друга страна критики не прима ни претходната ни оваа влада. Напротив, и претходната и оваа Влада ги примаат критиките, меѓутоа оние кои држат, кои се на место. Од тие причини не гледам дека оваа Влада, или претходната Влада не трпат критики.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Што се однесува на децентализацијата, тоа е еден од условите кои Македонија треба да ги исполни за да бидат тие стандарди и да создаде подобри услови  за живот и подобар квалитет на услугите за граѓаните . Значи, еден од условите  Македонија да се интегрира во ЕУ и во другите меѓународни органи е децентрализацијата. И, ние кога велиме дека децентарлизацијата е бледа и само еден процент од даноците кои досега се собирале од страна на државата, во иднина ќе се собираат во општинските каси, мислиме дека е малку и токму ова е една пречка од која што во иднина општините ќе немаат поголем пораст и треба да се постигне услуга на ниво за да можат граѓаните  да ја почувствуваат таа добра услуга, бидејќи граѓаните досега немале прилика услугите, или квалитетот нивен да биде во прилог на граѓаните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Кратко ќе реплицирам на г-динот Зиди Џелили. Мислам дека направи лапсус во дискусијата и сега ја повтори според мене таа невистина во однос на финансирањето на единиците на локална самоуправа. Треба да знаеме дека законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа е во прва фаза и не е донесен и не можеме да пласираме  информации дали еден посто ќе бидат или 3% , незнам на што мислеше. Но, сепак тој закон дава голема самостојност во собирањето на давачките од страна на граѓаните на територијата на локалната самоуправа. Според тоа да се каже еден посто, незнам на што мислеше дали на ДДВ, дали на персоналниот данок. Но, тоа не е вистина. Вистината е дека Законот е во прва фаза, ќе дојде втора фаза, ќе видиме како ќе изгледа и какво ќе биде  зафаќањето, односно делбата на средствата на централно ниво што ќе се собираат.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Г-дине Славе Арсовски, знам дека законите се во прва фаза и сег набрзо треба да дојдат повторно во парламентот. Меѓутоа, 3% од персоналните даноци 3,5% колку што беше и 1% од ДДВ, двата овие се 1% од државниот данок што одсега ќе им се нуди на

општините покрај другите даноци кои што ние добро знаеме кои се, меѓутоа со големи потешкотии општините тие видови на даноци ги собирале досега. Така што, ако вие мислите дека ќе има измени, тогаш тоа Ќе биде во прилог на општините и во прилог на граѓаните. Меѓутоа, од сето тоа што јас сум постигнал да го разберам и од тоа што кажал министерот за локална самоуправа, дека нема да има големи измени во оваа насока. Јас реков, нема да има измени бидејќи забелешките и сугестиите биле доволни од страна на пратениците, од страна на општините и многу други релевантни фактори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Хисни Шаќири.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Почитуван претседателе, почитуван г-дине мандатар, почитувани членови на Владата , членови во оставка на Владата, почитувани пратеници,

Денес пред нас добивме еден материја кој што ни го понуди новиот мандатар на Владата, со оглед на фактот дека секогаш кога се бира нова Влада, треба да ни се достави програмата, Експозето на мандатпорот, на кандидатот за премиер и токму тоа го имаме пред нас. Околу тоа можеме да дебатираме и да ги отвориме прашањата од интерес за граѓаните. Јас ќе се обидам да имаме што пореален пристап на овие проблеми околу кои дебатираме денес.

Знаеме дека околностите се тие кои ја импонираа потребата да се бира нова Влада и да имаме нов мандатар и тоа беше последица на трагичната смрт на претседателот на државата Господинот Борис Трајковски. Имавме претседателски избори, сега со самиот факт со досегашниот премиер кој ја вршеше оваа финкција и ја превзема во многу тешки моменти да ја води Владата , имајќи ја предвид годината 2002 тој стана премиер веднаш после парламентарните избори и Владата се соочи со еден многу тежок предизвик . Резултатите кои таа Влада ги постигна не треба да се заборават, со самиот факт дека беа донесени многу значајни закони за граѓаните на Република Македонија на ниво на стабилизација во поранешните кризни региони имавме многу порелаксирана состојба и тоа е реалност. Можеби некој нема да се согласи ,меѓутоа, секогаш треба да го искажеме тоа што е постигнато и тоа што треба да се направи да се продолжи по тој пат. Длабоко сум уверен дека Владата која ние сега ќе ја избереме ќе и биде полесно одколку на

претходната . Со самиот факт дека според мене веќе трасиран еден пат врз кој треба да оди оваа Влада и да ги комплетира одредени работи кои претходната Влада ги остави незавршени. Јас потенцирав две рабори кои се многу значајни на ниво на стабилноста каде е постигнат резултат и тоа донесени се одредени закони, кои директно биле поврзани со интересите на граѓаните на Република Македонија , но треба во овој момент уште еднаш да се истакне.

Сакам да му честитам на досегашниот состав на Владата и за Законот кој беше усвоен околу официјализирањето на Тетовскиот универзитет. Тоа беше многу значајно прашање и беше потребна голема храброст од страна на таа Влада за да се стави крај на еден проблем. Проблем, кој се одовлекуваше 10 години и никогаш не се најдоа сили да се изнајде заеднички јазик за да се затвори тоа прашање. Токму тоа прашање беше затворено во тој состав и тие успеси треба постојано да ги истакнуваме, затоа што има уште многу работи кои треба да се направат. Се согласувам и верувам дека со една заедничка работа и ангажирање на сите структури и институции на оваа држава верувам дека ќе успееме да ги решиме и да ги постигнеме нашите цели кои се цели на граѓаните на Република Македонија .

Во овој момент сакам да му кажам на мандаторот дека сум оптимист и дека овој состав ќе постигне уште поголеми резултати. Ова, г-дине Костов, го велам затоа што сите граѓани на Република Македонија посакуваат уште поголеми разултати и очекуваат од вас. Бидете уверени во тоа. Мислам дека оваа должност која ја преземате, не би сакал да навлезам во професионалните способности, затоа што јас не сум економист, меѓутоа, пред се секој кога ќе се нафати на вакви функции треба да се ослободи од одредени дилеми. Треба да има што по реален пристап во однос на проблемите со кои ќе се соочи и со кои се соочува Македонија и треба да има храброст. Во експозето е Програмата која ја поднесовте. Ние може да говориме многу, меѓутоа, пред се, мојата констатација е дека и Програмата, а и експозето беа на ниво. Немаше претерување, немаше еуфорија, затоа што ние на Балканот како народи секогаш не уништувале еуфориите и секогаш тоа што го говориме го изјавуваме многу често и го заборавам. За менеќе беше најголем успех доколку ова што е тука искажано да се реализира. Можеби очекувам да се постигне до најголемо можно ниво. Имам предвид дека сте мандатар и составот на министрите е ист,

длабоко сум уверен и не се двоумам да кажам, можеби сите министри не ги покажале истите резултати, меѓутоа, има и министри кои искажале извонредни резултати. Тоа треба да се презентира како модел и треба тоа постојано да се има предвид. Така, чекор по чекор на сите тие членови на Владата за кои се констатира дека не покажале резултати, да се заземат, да се ангажираат повеќе околу реализацијата на нивните задачи и обврски.

Уште еднаш потенцирам граѓаните се надеваат многу од вас и имаат голема надеж во целиот ваш кабинет. Затоа , мислам дека треба да се зафатите со голема сериозност. Имате истакнато во вашата програма некои прашања кои што се многу значајни. Ги имате спомнато прашањата, најсуштествените прашања, како што е Рамковниот договор, кој што е навистина едно суштествено прашање за самата Влада или за сите граѓани на Република Македонија . Но, би рекол претставува и фундамент на севкупната политика на Република Македонија . Можеби некој ќе рече дека многу големи зборувам кажувам, но мислам дека овој Рамковен договор треба да се заокружи во однос на прашањата поврзани со донесувањето на законите. Вие истакнувате дека сите измени што се направени во Уставот дека сами по себе налагаат Владата и Парламентот да се движат во насока на реализација на тие измени на Уставот и да ги усвојат тие закони кои што ги отсликуваат измените кои се направени во Уставот во согласност со Рамковниот договор. Мислам дека во оваа насока треба да одиме со забрзан чекор и дека е тоа заенички интерес. Процесот на претставеноста и застапеноста на албанците во институциите на оваа држава кој што претставува еден комплексен процес и кој што го нема посакуваниот динамизам и динамика, меѓутоа, сепак мислам дека треба да продолжи движењето во таа насока. Ова претставува голема надеж кога и најобичниот граѓанин гледа дека работите се поместуваат во оваа насока и во однос на сите други прашања поврзани со Рамковниот договор.

Се потенцираа и други прашања кои директно се поврзани со демократските процеси во оваа земја. Тука е и прашањето на децентрализацијата. Тоа е еден исклучително значаен процес од кој ќе зависи севкупниот развој на демократијата во Македонија. Тешко е секој да го разбере тоа, затоа што во дебатата при првата фаза ние веќе забележавме дека територијална поделба заснована врз одредени параметри и

според индивидуални мислења, мислам дека треба да се растовариме од одредени прашања кои претставувале голема пречка на демократските процеси во Македонија и кои можеби биле голема пречка и за економските реформи, за кои ќе говорам понатаму.

Јас имам желба во оваа насока ние да се движиме без двоумење и сите тие закони да ги донесеме што е можно поскоро. Но, пред се, би сакал оваа Влада која ќе го добие мандатот да се сконцентрира и да даде поголем професионален придонес кон прашањето на финансирањето на општините. Тоа е прашање кое ќе претставува јаболко на раздорот во функционирањето на овој пакет на закони кои ќе ги донесеме. Целата територијална организација мислам дека е прашање кое пратениците сигурно ќе го искажат своето мислење и не би сакал да навлезам во детали, но во оваа насока би сакал да кажам дека сигурно Владата има експерти од економската област и дека околу ова прашање треба да се сконцентрираат повеќе околу прашањето на финансирањето на општините, за да немаме проблеми, затоа што знаеме дека сме земја со многу низок економски развој. До колку, дозволиме преку усвојување на  еден закон да создадеме една конфузна состојба или тешка состојба околу функционирањето на локалната самоуправа, тогаш сигурно и позитивните и негативните оценки ќе одат на сметка на овој владин состав.

Што се однесува до реформите, посебно одредени реформи кои сакале ние или не тие се инпонирани од меѓународниот фактор и од други институции и од НАТО. Се спомнуваат реформите во одбраната, полицијата и реформите во судството. Ние треба да се сконцентрираме и на економските реформи. Вистина е дека  за да се движиме со поголем интензитет кон интеграцијата неопходни се овие реформи.

Вие г-дине мандатар, во вашиот кабинет треба да се сконцентрирате на економските прашања, затоа што економските реформи и економскиот развој кој што ќе го почувствува и најобичниот граѓанин, а ќе го види и меѓународниот фактор ќе претставува многу позначаен чекор во насока на Европската интеграција, одколку реформите единствено во овие три сектори. Вистина е дека судството е третата власт и дека со тоа можеби тоа прашање порано требаше да се соочиме , за жал, ние сме го направиле тоа и сега имаме ситуација каква што имаме. Верувам дека сите овие прашања со кои што ќе треба да се ангажира Владата дека Владата ќе состави една

листа на приоритети и дека ќе се сконцентрира најмногу на економските проблеми. Вистина е дека не може да имаме економски развој без странски инвестиции. Странските инвестиции се условуваат со една севкупна политичка стабилизација во Македонија. Сега за сега со овој соодност на сили ние ја немаме . Многу често ние како Парламент оставаме една темна слика околу некои дебати. Оставаме темна слика пред Меѓународната заедница. Секој граѓанин на Македонија, независно од етничката припадност или верската припадност сега се соочува со една тешка економска состојба. Социјалните проблеми се во кулминација . Таа програма која ја има подготвено Владата од 2002 до 2006 треба апсолутно да се направат и да се преземат конкретни чекори и да се види дека сме ангажирани за постигнување на конкретни резултати, затоа што нема друг излез. Верувам дека еден од најсилните адути ќе биде и кој ќе ни помогне во интегрирачките процеси, ќе биде токму тоа. Јас знам дека реформите се болни и во одредени претпријатија се прогласуваат технолошки вишоци, а и понатаму ќе има такви ситуации. Но, Владата треба да тргне од поедноставното. Во математиката постои една метода кога се решаваат математичките проблеми секогаш се оди од поедноставното и се оди кон покомплексното, што е поапстрактно за човекот. Но, ние до колку имаме цел Македонија да ја видиме како некои други развиени земји, тогаш и тоа ќе го постигнеме. Мислам дека треба да стартуваме со помали проекти, со поедноставни програми, а знам дека Македонија има и основа и традиција, што денес е малку заборавена, а тоа е развојот на земјоделството. Што се однесува до тутуно производството јас досега немам забележано некоја стратешка политика околу тоа производство. Тоа производство традиционално било многу значајно. Овие прашања можеби изгледаат ситни и можеби Владата која денес или утре ќе го земе мандатот, можеби ќе мислите дека нема време да се занимава со тие прашања, меѓутоа, јас мислам дека тоа се мали прашања со голема тежина и дека е потребно да се сконцентрираме на нив. Длабоко сум уверен дека тоа ќе го направи г-динот Костов со неговиот кабинет и дека ќе се сконцентрира на најфундаменталните, најзначајните прашања за сите граѓани на Република Македонија , затоа што тоа го кажа и во неговото излагање. Богати граѓани, богата држава, јас би рекол. Имајќи го предвид интересот на граѓаните, тогаш ќе го имаме предви и интересот кој е поврзан со интегрирачките процеси, а не може да се оди во насока на

интегрирачките процеси па се заборави интересот на граѓаните. До колку паралелно се водат овие две работи, тогаш постојано ќе ја имаме подршката од меѓународниот фактор. Длабоко сум убеден дека до колку Македонија се движи во овие рамки, на овој пат, многу поскоро ќе постигне да стане и членка на НАТО и членка на ЕУ. Но, потребна е посилна економија. Да почнеме сега да не одолговлекуваме, затоа што секое одолговлекување скапо ќе не чини.

Ви благодарам, ве поздравувам, ќе гласаме за оваа Влада , затоа што таа е Влада на коалиција и ќе дадеме силна подршка , но бараме и резултати.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Макрадули процедурално.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе,

Согласно Деловникот за работа на ова Собрание член 64 став 4 предлагам да ја продолжиме работата на оваа седница после 17 часот, бидејќи се очигледни заложбите на сите пратеници да што побрзо Владата почне да работи, да профункционира и затоа го давам овој предлог, согласно Деловникот на ова Собрание.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го ставам на гласање предлогот да се работи после 17,00 часот.

(Реакција од пратениците од опозицијата дека нема поддршка од 10 пратенииици).

Претпоставувам дека има.

(Пратениците од позицијата креваат рака, а пратениците од опозицијата реагираат и бараат образложение на предлогот за продолжување на работата на Собранието).

Образложи, а и не мора да образложи. Според Деловникот нема потреба од образложение.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 55 за, 1 возджан и 2 против.

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници.

Во салата се присутни 65 пратеници, значи одлуката е донесена.

Бидејќи не е побарано времето до кога, значи претседателот ќе одлучи кога ќе ја прекине седницата.

Сега има збор Борис Кондарко, а нека се подготви пратеникот Жарко Караџоски.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, членови на Владата,

Измина година и половина од формирањето на Владата на СДС, ЛДП и ДУИ. Денешниот избор на нова Влада на Република Македонија, поради избор на досегашниот премиер за претседател на Република Македонија е повод да се направи аналза за работата на Владата, за состојбите во Република Македонија, за приоритетите, предизвиците, обврските што ги имаме како држава, за очекувањата од новата Влада.

Во јавноста постојат одредени мислења, коментари и оценки за тоа. Исто така, добро се познати и објективните услови и состојби во кои работи Владата на Република Македонија и проблемите со кои таа реално се соочува.

Имајќи ги во предвид сите околности што постојат во Република Македонија и, секако, истовремено одредени слабости и пропусти кои објективно се воочени и кои не треба да се премолчат, сметам дека генералната оценка и впечатокот за работата на Владата и на оваа коалиција е позитивен, односно дека оваа власт е многу подобра од претходната. А, генералната слика и правецот по кој што се движи Република Македонија се вистински и сигурни. Ние не ветувавме нереални работи. Велевме и тоа го направивме дека ќе бидеме подобри. Ние не се споредуваме со полошите од нас, бидејќи така никогаш нема да бидеме подобри.

Впрочем, најголем доказ и потврда за ваквата констатација е резултатот и разликата на претседателските избори што, само по себе говори дека најголем дел од граѓаните на Република Македонија му дадоа огромна поддршка и доверба на Бранко Црвенковски, а токму тој е личноста што до сега ја водеше Владата на Република Македонија. Се разбира, овој факт воопшто не смее да релаксира. Туку напротив, обврзува да работиме подобро и повеќе, да работиме во интерес на Република Македонија и на сите нејзини граѓани. Но, сепак тоа охрабрува, бидејќи е потврда дека оваа Влада ја води Република Македонија во вистинска насока, потврда за исправноста

на нејзината политика, политика што очекуваме да ја продолжи и Владата што ќе ја изובереме денес.

Почитувани пратеници,

Оваа Влада ќе го продолжи, доврши во целост спроведувањето на обврските од Рамковниот договор. Меѓутоа, напоредно со тоа и уште од сега се поставува и работи на други цели. Ние не смееме да се задоволиме и да останеме единствено со успешното спроведување на Рамковниот договор. Република Македонија има и други приоритети. Република Македонија и сите ние заедно мораме да одиме понатаму, да одиме подалеку, да одиме напред. Не чека многу работа. И тоа не само Владата туку и сите нас заедно. Оваа Влада ќе ги спроведе реформите цврсто и доследно, со сите ризици. Знаеме дека ќе биде тешко. Кажуваме дека ќе биде тешко. Ќе доаѓаат моменти на многу критики но нема да има ниту разочарување ниту колебање, ниту отстапување.

Најлесно е да се откажеме кога е тешко и многумина тоа до сега го сториле кога е тешко. Многу од критичарите кои никогаш не презеле одговорност и обврски, па да почувствуваат што е тешко, велат требало вака, велат требало онака. Но, ние не велиме ништо. Ние работиме напорно, граѓаните да ги почувствуваат резултатите и да ја почувствуваат разликата за да на сите нас ни биде подобро. Тоа ќе биде нашиот одговор. А, факт е дека денеска во Република Македонија се говори за многу понормални, посекојдневни работи, се говори за економија, а не за омраза и оружје, се говори за НАТО и ЕУ а не за поделби и преселби.

Почитувани,

На Република Македонија и треба влада и луѓе кои нема да бегаат од тешкотиите, од проблемите и реформите. Знаеме дека сите декларативно се за реформи. Но, дали сите знаат што се реформи? Мораме да сфатиме дека не може пасивно да се однесуваме кон нашата држава, Република Македонија. Убаво е кога треба да се ползува некое право. Меѓутоа на сите ни паѓа тешко, кога исто и ни пречи кога треба да ги исполнуваме нашите обврски кон државата.

На Република Македонија и треба влада што ќе не однесе во Европа. Оваа влада успешно го води овој назначаен пат за сите нас. Имаме успешна апликација за ЕУ, исклучително сме почитувани и вреднувани во светот, ние сме држава - позитивен

пример за решавање на проблемите и предводник на процесите за соработка во регионот. А, тоа, секако никој не ни го подарил. Тоа не го измисливме ние. Тоа е резултат и заслуга прво на работата на владата, потоа на сите граѓани и нивната поддршка, се разбира еден дел и на опозицијата.

Го чувме пред некој ден претставникот на Министерството за одбрана на САД. Го чувме, го видовме Извештајот на Амнести Интернешенел. Го слушнавме Шефер од оваа парламентарна говорница.  Почитувани пратеници, Република Македонија е пред вратите на НАТО.

Секако, владата ја очекува спроведување и на неколку крупни програмски приоритети и проекти. После Рамковниот договор што е при крај, на ред е тоа што сите заедно и подеднакво не засега, она од што се живее и она што ќе не направи сите побогати, а помалку зависни од политиката. Тоа е економијата, стопанскиот развој, инвестициите, вработувањата, ЕУ и НАТО.

Секако, неизбежно дека тука е и судството, како приоритет за темелно реформирање што ќе оди дури до промена на Уставот. Од реформите во судството се плашат оние поединци и суети  кои стравуваат од своите позиции или кои не се способни да се прилагодат на реформите. Такви, нам ни ни требаат.

Независната судска власт е значајна за остварување на владеење на правото, почитувањето и спроведувањето на законите, правната сигурност и заштита на граѓаните но и за економскиот развој и странските инвестиции што бараат гаранции и правна држава. Сите овие приоритети се цели на Владата. Бараат многу напор, но и политичка волја од сите нас. Дури, би рекол дека ова се толкув важни работи за Република Македонија што бараат висок степен на единство на сите политички фактори, но и сета останата научна, стручна и друга јавност.

Поради значајноста на овие проекти за Република Македонија  и поради нивната обемност и сложеност на некој начин, во наводници или метафорично нам дури ни е потребен и еден друг вид на рамковен договор за заедничко обединување околу овие стратешки интереси на Република Македонија. Со тоа ќе дадеме поддршка и да и помогнеме на тој начин на оваа Влада. И тоа за доброто, за подобриот живот на сите нас во Република Македонија. Не можеме во иднина за работи од државен интерес да се

гледаме еден на друг како позиција и опозиција или пак како македонци и албанци. И, не смееме да губиме време и енергија, туку треба да и помогнеме на Владата. Таа влада, како политичка, сепак е наша Влада, Влада на Република Македонија, што треба да овозможи подобар живот за сите и за оние што се нејзини противници.

Јас не очекувам и дека со гласањето за избор на оваа Влада овде во Парламентот опозицијата ќе го притисне зеленото копче. Но, ја повикувам да работиме заедно со Владата на проектот на европска и побогата Македонија. Нас сега ни треба, повеќе од кога и да е, заедничко интегрирање во Европа. А, верувајте, секогаш ќе има време и за дневна политика и за натпревар со политичките ривари.

На крајот, едно е односот на опозицијата во политичките пресметки со Владата, а сосема е друго како тој однос на опозицијата се одразува на граѓаните и на интересите на Република Македонија. Не е во интерес на Република Македонија  и на нејзините граѓани, а подобро ќе биде и за опозицијата да не им се празни клупите во Собранието, да не тропаат по нив, да не прават трошоци за одложување на седници, туку на друг начин, демократски, преку силината на аргументите да ги искажат разликите и несогласувањата што многу често можат да бидат вистински коректив за Владата. Дури на тој начин може да и помогнете на Владата. Затоа што сите заедно и позицијата и опозицијата сме обврзани пред граѓаните да работиме за Република Македонија, а резултатите ќе ги почувствуваат граѓаните. А, секако, силите ги одмеривме на избори, како што е ред.

Од сите погоре наведени причини сметам дека цврсто треба да се поддржи оваа Влада, нејзината политика, нејзината програма и нејзиниот мандатор.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов, имате три минути реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам.

Почитуваниот колега Кондарко многу зборуваше, но можеше многу кратко да ја образложи својата политичка порака во стилот  “ние ја градиме пругата, пругата не гради нас”. Излезе дека овде сите се дружиме, сите и помагаме на Владата, а во што не ми е јасно. Ниту некој проект е завршен од Владата, а го имавме оној за борба против

сиромаштијата, олицетворен во таканаречениот Бранков закон, но баш би сакал почитуваниот колега денеска да отиде во Велес, во Фабриката за шински возила “Колска” втор пат денеска ја спомнувам, повторно штрајкуваат затоа што од минатата година немаат примено плата. Или да им помогне, управо да го прочита на железничката станица во Велес каде што исто така продолжува штрајкот на вработените во “Колска”.

Јас не знам дали господинот Кондарко се обидува нешто да ни порача или се обидуваше во навистина аматерски, апологетски стил да докаже колку Владата во минатиот период била квалитетна. Гледаме колку била Владата квалитетна, затоа после две години не успеа ни мандатот да го заврши до крај, а што се однесува до луѓето кои се откажуваат, па ние што туку избравме гувернер на Народна банка. Вие така го нарекувавте овде во Собранието, пратениците од СДС.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута господине Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Господине Трендафилов, јас, во мојот настап упатив повик за заедничка работа, за интересите и доброто на граѓаните на Република Македонија. Очигледно вие не ја разбравте поракава и не очекував од вас лично да ја разберете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Потоа иде господинот Мавровски Спиро, а после господинот Блаже Стојановски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Господинот Кондарко во своето излагање кажа “не ветувавме нереални работи”. Сега дали го прочита експозето на мандаторот на Владата каде што се вели - на домашен терен постои определено незадоволство, апатија, очекување на спектакуларни краткорочни резултати кои можеби произлегуваат и од големите очекувања од парламентарните избори во 2002 година и од некои лесно искажани предизборни ветувања.

Сега господине Кондарко не можам да разберам дали е ова ваше, ова е на мандатарот, не се имате слушнато, нешто не е во ред. Затоа, она што го ветувавте во 2002 година, го нема тој што ги предлагаше тие активности.

Ова сега што го имаме како нов мандатор, додуше ништо не ветува во експозето, ветува само ентузијазам и работа. Ама таква работа видовме до сега. Кажувате дека колебање и разочарување нема. Се што ветивте ништо не остваривте. Така што воопшто нема ни разочарување. Кажувате дека сме пред вратите на НАТО, само не ни кажувате колку врати има и колку пати ќе добиваме сигнали. И индијанци да бевме еден ден ќе завршеа сигналите.

Понатаму, да не се секирате многу за опозицијата. Координаторот ви кажа зошто сте тука. Владата носи закони, вие гласате на зеленото копче како позиција, а ние ќе ги изнесуваме аргументите и понатаму. Но, колку јавноста ќе може да ги слушне, тоа е работа за оние што не бирале и не избрале да бидеме во овој парламентарен дом.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали имате контрареплика? (Немате).

Повелете господине Стојановски Блаже, имате право на три минути реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Господинот Кондарко многу јасно кажа дека е воа старо-нова Влада, дека тоа е Влада на континуитет на првата и втората реконструирана Влада на Бранко Црвенковски што беше политичка и составена од истите политички партии СДСМ, ДУИ и ЛДП. Затоа, оваа Влада треба да каже пред се со што мислат да го исполнат она што го ветуваа пред граѓаните и за што добија мандат од граѓаните.

Велите дека не сте ветувале нереални работи. Ако не се нереални за оваа и за претходните влади, тогаш требаше да ги остварите овие ветувања до сега или еден добар дел од нив. Само да ве потсетам што ветувавте, ова се изводи од вашата Програма:

- СДС нема да дозволи вработување на блиски роднини на избраните функционери во институциите на јавниот сектор

- СДС ќе обезбеди целосна транспарентност во јавните набавки што ги прави државата како најголем потрошувач, купувач и најсигурен плаќач на производи и услуги и создавање услови за судска заштита на оштетените фирми

- не уништување, туку побрз развој на индустријата и на рударството

- тутунот ќе стане нашето жолто злато, еден од најсилните девизни извори на нашава земја, за чија цел СДСМ ќе обезбеди стабилен и сигурен откуп на тутунот по поволна цена

- ќе се утврдат производите и намените во кои ќе интервенира државата со дирекни плаќања на производителите

- ќе се дефинира политиката на цени во земјоделското производство и мерките за зголемување на продуктивноста

- ќе се отвори централен пазар за земјоделски производи и собирни центри, со што ќе се намалат сегашните проблеми со откупот, пласманот и наплатата на реалзираните земјоделски производи

- ќе се создадат услови за окрупнување на земјоделските површини во индивидуалниот сектор, со цел да се создаде современ, пазарно ориентиран приватен сектор, според моделот на ЕУ

- ќе го вратиме угледот на градежниците и владеењето на правото во сферата на урбанизмот

- промена на Уставот со цел да им се оневозможи на политичите партии и на нивните раководства да влијаат врз изборот на судиите по критериумот на политичка подобност и лојалност

- редовно снабдување на населението и здравствените установи со лекови, опрема и потрошен медицински материјал на начин што стриктно ќе ја почитува законската регулатива за регистрација, увоз, дистрибуција и контрола на квалитетот

- подигање на квалитетот на болничките услуги преку реорганизација на работата на болниците, бесплатни услуги од основниот пакет на стоматолошката превентива, ослободување од партиципација во основниот пакет на здравствените услуги за одредени категории на лица.

Ова колку да ве потсетам што се имавте запишано во вашата Програма за што добивте мандат од граѓаните на Република Македонија. Меѓутоа што остваривте од овие ваши реални, како што велите ветувања, најдобро знаат македонските граѓани, особено раселените лица, невработените, младите брачни...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За тоа господине Стојановски немате време.

Благодарам.

Една минута контрареплика има господинот Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Па добро, јас помислив на момент дека господинот Стојановски на момент се внел во улогата на мандатар, па ни чита овде експозе. Меѓутоа, добро е што чита од нашата Програма, можеби нешто и ќе научи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски имате збор, а после нека се подготви...

(Пратеници се јавуваат за реплика).

Вие се јавивте господине Матоши откако почна господинот Трендафилов со реплика.

(Пратениците упорно бараат реплика).

Правилата се такви. Вие се јавивте откако почнаа репликите. Има врска, затоа што е тоа реплика на реплика. Јавете се на време. Пред да почне било која реплика, јавете се. Вие ќе слушнете што ќе се одговори на репликата и се пријавувате после тоа.

(Гласна реакција од пратениците).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван мандатар, колеги пратеници,

Долго време сакам да ве потсетам, иако бев јас можеби релативно млад тогаш, има овде некои што повеќе памтат. Имаше една реченица која многу често ја повторувавме додека бевме младинци. Таа реченица гласеше “и по Тито, Тито”. Помина

тоа време и по Тито нас ни се случи Бранко, ама не дека немаме Тито. Имаме и ние Тито, ама ни се случи Бранко. Долго време во Република Македонија беше и по Бранко, Бранко, ама и сега е и по Бранко , Бранко. Денес и Бранко, Бранко, ама може конкретно да се каже и по Бранко Хари. Зошто сега ова го велам? Мислам дека оваа реченица многу кажува. Зошто велам и по Бранко, Бранко?

Почитувани колеги пратеници, г-динот Бранко Црвенковкси не ја напушти функцијата премиер. Тој сеуште е премиер во Владата на Република Македонија, само што од сега натаму ќе настапува преку продолжената рака која се вика Хари Костов. Мене навистина ми е криво и ми е жал зошто една таква улога почитуваниот мандатар ја прифати. Некој ќе рече, г-дине Караџоски измислуваш. Не измислувам колеги пратеници затоа што навистина во тоа што го зборувам има логика. Знаете, да добиете можност да бидете мандатар, десет дена да глумите како правите разговори, преговори, договори, десет дена да кажувате дека денес ги имам разговорите со СДСМ, утре ги имам со ДУИ, задутре со ЛДП. Можеби и со ВМРО-ДПМНЕ. На крајот на краиштата , да го објавите составот во кој ќе забележите дека само едно единствено место е сменето и тоа со знак прашалник, местото Министерство за внатрешни работи. Дали сите вие верувате дека денес ние имаме нов минстер за внатрешни работи кој го предлага г-динот Хари Костов. Јас ви тврдам дека нов е само мандаторот. Не премиерот. Мандаторот. Премиерот е ист. Република Македонија нема претседател на државата, има лице Бранко Црвенковски, но премиер и понатаму е Бранко Црвенковски. И г-дине Макрадули лидер на СДСМ е сеуште Бранко Црвенковски. Ова е вистината и ќе видиме, времето ќе покаже. Еве зошто?

Се поставува прашањето, зошто г-динот Црвенковски се одлучи за г-динот Хари Костов. Овде никој не го постави тоа прашање, а сите дискутирате експозе, експозе. Јас почитувани пратеници, денес кога слушнав од овие колеги овде што ги изрецитираа сите експозеа, да бев Бранко Црвенковски, навистина ќе знаев на кој да го дадам мандатот . Но едно сигурно ќе знаев, на Хари Костов немаше да му го дадам, бидејки најслабо експозе имаше тој. Завидно експозе имаше Јани Макрадули. Тек да го слушнете Владо Бучковски, тоа би било експозе на ниво. Сега некој пак ќе каже зошто го спомнувам Владо Бучковски.

Логика е, почитувани пратеници, во сите овие 13-14 години, владите во Република Македонија, освен онаа на г-динот Кљусев биле политички влади. И кога се зборува за политичка Влада, олицетворение на политичката влада е токму премиерот. Јас, да бидам искрен, вас ви се чудам, на СДСМ што седите овде незнам во колку редови, како со таква леснотија прифативте премиер да ви биде непартиска личност, а имате три потпретседатели и четири кандидати за претседател на СДСМ. Не го сметам Хари Костов.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски Деловникот ми наложува да ве опоменам, да се движите за темата на дневен ред.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Па тоа е темата. Цело време зборувам за мандаторот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувате и за СДСМ. Јас забранувам , било кој да зборува, и за вас, и за вашите проблеми, бидејки тоа не е предмет на расправа.

Продолжете за темата.

Интересно беше, заврши интересното. Повелете дискутирајте за темата.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе зборувам зошто е предложен мандаторот заедно со Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да. Само СДСМ оставете го настрана.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, СДСМ не го спомнувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако веќе толку многу го спомнувате Бранко Црвенковски немојте негов стил на говор, со прашања , сами да поставувате прашања и да одговарате.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Нешто научивме и од него претседателе.

Не знам зошто ме прекинувате. Јас не гледамкаде избегав од темата. Ако некој се држеше за темата, тоа бев токму јас. После ќе појдам персонално за секој од

предложените. Добро, СДСМ не ја спомнувам. Ќе зборувам, мнозинство од пратеничка група.

Од вашето експозе г-дине мандатар каде штокажавте дека единствена успешна реформа, така јас ја преведувам, во нашата односно вашата Влада, иаме во Министерството за одбрана. Плус тој човек е и потпретседател таму каде што е, не сакам да кажам, ме опоменаа. Сега која е логиката, а за разлика од Министерството за одбрана кое, навистина, мораме да го признаеме тоа, покрај сите овие пофалби што ги кажаа овде сите еминентни стручњаци, за кои Јани Макрадули овде ни читаше реферати, Министерството за внатрешни работи, јас незнам со што заслужи да добие такво признание, министерот за внатрешни работи сега да ја заслужи функцијата мандатор, односо премиер. Некој ќе рече па безбедносната состојба е многу подобрена. Да., меѓутоа кога станува збор за апсење на членови на ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, каде е онаа друга безбедносна состојба , за тоа отом потом ќе кажам кога ќе дојдеме до тој дел. Значи нема логика. Затоа ја кажав онаа првата реченица. Значи има логика кога велам дека премиер и понатаму на оваа Влада ќе биде Бранко Црвенковски.

Сега, во овие десет дена, колку беше од 21 до 31, претходни консултации и договори, незнам зошто ви беа потребни г-дине мандатор десет дена да ја составите Владата. Таа беше составена. За да се одлучите кој ќе ставите министер за внатрешни работи и тоа беше одлучено. Па вие сте министер за внатрешни работи и понатаму. Затоа што се става човек за кој нема да кажам ништо, човекот според сите биографски податоци што ги имаме, апсолутно си е докажан во службата. За тоа нема воопшто да разговараме, ниту за негокако личност. Меѓутоа, овие денови слушам, беше доста експлатирано, од ког апочна во Република Македонија и зошто, да речеме , вие како мандатор се определивте за министер на внатрешни работи да земете личност која е по стручност докажан човек кој цел работен век го момина во МВР, наспроти тоа кога еден подолг период, секогаш сме имале политички министри, на ресори, вклучително и МВР, а сега одеднаш даваме ресор . Можеби е така најисправно. Меѓутоа сега тоа прв пат го правиме, даваме на некој стручњак, кој е докажан стручњак, кој има напредок во кариерата и тоа е неспорно. Меѓутоа голема дилема е. Значи,прво не е политичка личност, значи цивилна, а второ не е ни , како што кажавте член на некоја политичка

партија. Поточно, заедно со вас, не партиски определен. Како тргнало, во следната реконструкција сигурно дека ќе имаме уште најмалку два, добро нека се три, непартиски опредлени личности. На крајот на краиштата тоа е добро. Не знам кои би биле тие три. Јас можам да ви сугерирам еден, ако ме прашате. Значи тоа е кога зборуваме за тој дел. Јас затоа велам дека во оваа Влада министер за внатрешни работи и понатаму ќе биде г-динот Хари Костов, со оглед да нема да биде премиер односно ќе ја брка таа работа според некоја друга палка. Тоа е мое размислување, не мора да е точно. Ќе видиме.

Сега да се вратиме повторно на тоа како ја составивме Владата.

За време на изборите , почитувани колеги слушавме многу варијанти. Слушнавме многу комбинаротики. Ние како опозиција, нормално не интересирало, бидјеки изборите секогаш не се добиваат од аспект на тоа колку партиите ќе успеат сами да ги донесат гласовите, туку многу е битно и кој каква коалиција и која коалиција ќе подржи. Се изнаслушавме како ДУИ излезе јавнопа кажа на својот партиски состанок дека ќе го подржи кандидатот Бранко Црвенковски, па после слушнавме дека заради тоа некој им ветил дека  ќе имаат министер за одбрана. Потоа слушнавме дека се типува на МВР. Потоа слунавме дека се типува на Министерство за финансии, па слушнавме уште многу работи. Но, да ги задржиме овие три. Потоа отпаднаа тие коминаротики, влегоа други и на крајто денес доаѓаме со предлог, потполно идентичен на претходниот.

Сега јас би ги прашал овде колегите од ДУИ зошто ги полнеа  кутиите? Што им требаше да ги полнат кутиите. На крајто на краиштата што добија со тоа. Сепак некоја цена треба да има. Да се полнат кутии толку масовно, тие си знаат најдобро, а знаат сигурнои колегит еод ДПА, а да не добијат баш ништо.  Сега тука е Хари Костов, ќе каже доста им е и заменичко место. Веројатно ќе добијат во оној втор ешалон, а можеби и трет, и тоа им е многу, некој државен секретар, некој потсекретар и т.н. Но, виси тоа прашање од аспект на тоа зошто се полнеа кутиите, а да немаме никаква удел во  таа цела работа.

Инаку почитуванмандатор, почитувани колеги пратеници, јас како претставник на опозицијата на ВМРО-ДПМНЕ, во некој случај односо во еден дел сум и задоволен затоа што денес имаме избор на Влада. Сега ќе ви објаснам и зошто. Секоја опозиција па и ВМРО-ДПМНЕ, како опозиција има една единствена цел, а тоа е да ја собори Владата,

особено онаа Влада која лошо работи. Јас морам да признам дека ние во тоа успеаваме. Значи ја турнавме Владата на Бранако Црвенковски, формално, и ние денес имаме нова Влада. Сега, ако е тоа аргумент за опозицијата, еве го кажувам, значи успеавме и тоа без да побараме интерпелација, без да побараме доверба . Тоа го направивме на многу по демократски начин. Ние како опозиција, на некој  начин се отарасивме од Бранко Црвенквоски, велам формално. Меѓутоа и вие како позиција се отарасивте од Бранко Црвенковски и тоа се надевам дека ќе престојува уште извесен период, меѓутоа, сепак се отарасивте, до колку, нели, Хари Костов продолжи да работи сам. Но, ако гоземеме искуството на некои други, политички партии, би ви сугерирал дека не е така лесно.

Би се навратил пак на првата реченица, да не ја повторувам, сите добро ја запамтивте.

Мандаторот во неговото експозе кажа дека оваа Влада односно овој претходен состав имал свои мани, но не биле толку големи. Но се надевам дека ќе продолжи сега во иднина, нели, се добро да ви тргне.

Јас сакам да ве потсетам и вас и макеоднската јавност што се , покрај овие славопојки и фалби  што ги слушнавме од колегите од позицијата, што се друго направивте. Значи што се направи и што не направи.

Прво, почитувани колеги незнам дали слушате вести, веројатно слушате и читате весници и ако тоа го правите, освен што се занимавате што се случува во некои политички партии, следете овие четири месеци што се случува во економијата во Република Македонија. Еве Заводот за статистика постојано излегува со податоци, пад на индустриското производство, пад на индустриското производство, па пак пад на индустриското производство и пак пад на индустриското производство, за сите четири месеци од 2004 година, споредбено со претходната, па слушнавме јануари 40%, февруари 30%, и незнам колку, март блиску 40%, па одеднаш 20% и тоа било добро. На крајпт на краиштата го смаливме не е повеќе 40%, сега е 20%. Но претходнопак слушнавме како претставниците на власта водеа полемики со Заводот за статистика да не кажува такви шпекулации кога тоа не е точно, затоа што економијата во Република Македонија , не треба да ни се кажува со бројки дали паѓа илине паѓа. Секојжив може да

ја види. Секој може да почувствува на сопствена кожа. И бидејки народот наш во Република Македонија си живее многу добро, значи овие бројки што некој ги кажува, се навистина измислица.

Јас очекував дека на мандаторот во својата програма , ако така може да се нарече, на три или четири листа, како приоритет број еден ќе му биде економската програма. Но за жал приоритет број еден е Рамковниот договор на кој веќе и името ми се згади да госпомнувам, само Рамковен договор секој ден, а кој леб не дава на народот, туку само политички проблеми, политички договори, политички права и што се друго, меѓутоа далеку од она , народот да го почувствува дека со тоа нешто се направи во Република Македонија, особено не на економски план. Тоа, почитуван мандатор јас очекував да ви биде прва цел во вашата програма. Меѓутоа таа е некаде петта точка, значи претпоследна. Ако прочитаме пак што е во програмата напишано, реченици кои ни се познати уште од којзнае кога, уште кога учев пазарна економија, политичка економија, развој на стопанството преку развој на приватна иницијатива,намалување на државната иницијатива, што ти јас знам,прикаски колку сакате, а всушност ништо не се случува, ништо немаме.

Почитуван мандатор јас би сакал да ви кажам, она што го слушнав и прочитав во средствата за информирање, ога сме пак кај таа приватна иницијатива, кога сме пак кај она државата да го ослободи стопанството во тој дел, во приватниот дел, приватна иницијатива и така натака.

Повеќе од 20% од АД во Република Македонија немаат никаква економска активност во последните две години. Или, од вкупно 780 АД дури 163 престанале да работат. Ова е сериозен показател за влошената економска состојба. Само една споредба, европскиот стандард за банкрот фирми изнесува од 6 до 8% а кај нас е 20%. Сега вие се чудите од каде овие показатели за пад на индустриското производство. Токму од тука. Кога зборувам АД, мислам на оние поголеми претпријатија, не мислам на претпријатија со еден вработен или еден претседател еден основач, туку станува збор за АД. Тоа е во оној дел каде зборувам за 163 претпријатија кои немаат никаква активност. Ниту работат, ниту земаат плата, а каква им се состојбата на оние субјекти кои едвај земаат плата, доцнат по неколку месеци, нивната перспектива е далеку од розова и се

вкупно тоа се одразува и на животниот стандард и на она што секојдневнио го чувствува секој граѓанин на Република Македонија, а од друга стана немаме поконкиретни мерки ниту видов во Програмата дека со некои конкретни мерки оваа Влада мислам на новата ќе превземе нешто во тој чекор освен дека ќе настојува, познати зборови, ќе настојува, ќе разговараме, подолгорочен аранжман со ММФ, тоа е нешто што кажува како перспектива, но тоа не значи ништо. Ќе настојува е идно време.

Деновиве го слушнавте пресот на ВМРО-ДПМНЕ каде се изнесе показател дека и планиранот пораст од 4% нема да биде остварен. Како тргнало со падот на индустриското производство тој раст од предвидени 4% проектирани во Буџетот нема да се оствари, тие што знаат повеќе математика од мене им е многу јасно дури и бројката од 2,5% е многу оптимистичка.

Тоа е почитуван мандатор кога зборуваме за некакви параметри кои покажуваат каква ни е состојбата во економијата и покажуваат дека и оваа Влада, јас лично не очекувам ништо подобро да го направи затоа што го задржавте истиот состав.

Значи, за да се каже дека оваа Влада ќе биде пореформски определена од претходната, требаше сами да воспостават реформи во составот на Владата за да видиме дека со некој нов состав можеме да дојдеме до подобри резултати. Инаку, вие спомнавте некои фудбалски термини, јас ќе ви спомнам исто фудбалски термини за подобро да се разбереме.

Вие господине мандатор ми наликувате на Реал-Мадрид фудбалски клуб кој има добар тим, но губи и сега што да правиме или ќе ги смениме играчите и ќе донесеме помлади но подобри или ќе си одиме во секојдневен пораз, но завршивме на 4 место и догодина ќе играме во квалификација иако се викаме Реал Мадрид.

Една друга работа, во времето почитуван мандатор кога ве назначуваа по 15 септември 2002 година, историскиот датум на 1 ноември тогаш забележав како е можно, мене лично не ми влегуваше во здрав разум, банкар да биде министер за внатрешни работи. Читајќи ја биографијата советник ваму, советник таму, ММФ, Влада по економски и финансиски прашања тотално нелогично ми беше како влезе овој човек во МВР. Тогаш беше логично по мене, да одите во Министерството за финансии, па и да бидете премиер, но тука беше Бранко, тоа беше невозможно така што и премиер беше

невозможно оти го имавме Гошев и каде да се најде место, во МВР. Денеска кога го читав составот на Владата најмалку што очекував нов министер за внатрешни работи според вашите реченици дека треба да се задржи континуитет, мислев дека идниот министер во МВР ќе биде банкар и тоа најблиску од Комерцијална банка за да имаме добра соработка. Меѓутоа, се случува чудо и такви работи се нормални сега, или јас не бев во право кога велев или вие сватривте дека на банкар не му е место во полицијата, па излеговте со стручњак за кој кажувам секоја чест за сета работа што ја имал и ако е тоа пракса во иднина така да ги градиме работите. Но, паѓа во вода сето она ваше ангажирање во МВР затоа што навистина се потврди тезата дека во таквите институции, во таквите министерства очигледно им е местото на професионалните кадри. Сега е дискутабилно прашањето колку успешно ја завршивте работата во МВР, според владеачката гарнитура одлично според нас не е така. да не беше КФОР Чакала и Бреза кај ќе беа денеска, но важно транспарентно ги донесовме со маскирни униформи ги презедовме од КФОР, додека ги бркавме со оние униформи бегаа како зајаци никаде неможевме да ги најдеме, но факт е дека ги донесовме. Така беше со Бојку, па што дека ги донесовме кога знаат и да избегаат , па знаат судовите да ги пуштат.

Значи, оваа Влада почитувани колеги нема да направи ништо ново, како што не направила ни до сега ништо ново, или како што еден колумнист, познат професор по право, ваш драг пријател вели што очекувате од таква Влада кога до сега претседател на Влада беше Бранко Црвенковски, човек кој цел живот никаква одлука не донел. Сега, пак што очекувате од оваа Влада кога наследник на Бранко Црвенковски е повторно Бранко Црвенковски во лицето на Хари Костов, што значи и понатаму немојте да очекувате одлука, едноставно работите ќе си минат како што и почнале и ќе завршат онаму каде почнале. Цело време ќе имаме реформи без реформи пак ќе кажам со исклучок на Министерството за одбрана факт е дека прави некакви реформи.

Меѓутоа, дека е така како што велам ќе одиме со конкретни примери.

Почитувани пратеници, да ве прашам дали знаете кој е денеска министер за финансии? Додека беше Петар Гошев знаев, човекот максимално се трудеше, објаснуваше, кажуваше работи кои не се точни, кажуваше работи кои упорно ги бранеше, а ги носеше господинот Црвенковски, кажуваше дека, ветуваше, математики, проценти

дека струјата нема да поскапи дека ДДВ нема да поскапи, но барем го слушавме овде и го гледавме. Денеска на пример не гледам министер за финансии ниту го имам слушнато, ниту видено, ниту прес, ниту реформа, едноставно од кај што застана таму продолжи но и тука стои. Исто така Министерство за економија, направивме реконструкција, сега мора да кажеме дека последната реконструкција персонално повеќе може да носи име избор на Влада отколку денешната затоа што тогаш барем имавме 4 нови министри, но тогаш се викаше реконструкција зашто имавме ист премиер. Еве, добивме нов министер за економија, министер за урбанизам и градежништво, односно транспорт и врски, јас лично не гледам дека нешто во тој сегмент се подобрило освен што слушнавме коментари и муабети во однос на издавањето на дозволите, во однос на штрајковите што ги правеа , тоа го слушав и ако може од тоа да се сведе дека е реформа, голем знак на прашалник е. Инаку, прашањето зошто транспорт и врски, тоа е друго прашање, меѓутоа каков е транспортот и што во него досега направивме и тоа е дискутабилно, пак ќе речам ништо не е направено, се е мирно.

Почитуван мандатар, во Вашата програма и Вашето експозе многу чести реченици, многу дискутабилни во Република Македонија веќе носителите на власта и на јавните функции не се во ости време и носители на појавите на организираниот криминал и корупција. За одреден државен секретар нема да коментираме, тој не беше во состав на институциите на власта, можеби е во опозиција.

И ова е интересна реченица - Македонија се наоѓаше на работ на една поширока граѓанска војна согласно со уште поголеми разрешувања и жртви се врати на еден нормален колосек во кој повеќе кај граѓаните не е основна загриженост дали Македонија ќе остане како самостојна, суверена, мултиетничка и безбедносна држава, туку нивната основна грижа е економскиот просперитет, вработувањето, животниот стандрд и намалувањето на сиромаштијата.

Ова е за да ве потсетам што зборувавте. Точно е дека најосновна грижа е економскиот просперитет, вработување, животниот стандард и намалување на сиромаштијата. Меѓутоа, што направи досегашната Влада, дали и ако велите во претходното дека состојбата на безбедносен план се подобрила, но зошто и овде не велите дека се подобрила, неможете затоа што не  е така. Ниту, сиромаштијата се

намали, ниту невработеноста, напротив се зголеми. Тука не помогна ни Бранков закон, едноставно факт е дека имаме зголемување на невработеноста, а на што се должи вие како Влада најдобро знаете, наспроти оние изборни ветувања кои ги кажуваше СДСМ, а вас не можам да ве обвинам затоа што не сте член наспроти тие ветувања во кои се ветуваше и денеска наместо вработување имаме отпуштање од работа. Единствена реформа, морам да потенцирам, која оваа Влада претходната, но и ова сегашна ќе ја спроведува е тоа како да се намали бројот на вработените и тука сте многу успешни и ќе бидете, се надевам. Кај вас не е проблем како да се отпушти, туку проблем е колку да се отпушти и тука се кршат копјата. Јас можам да сватам дека целата иницијатива треба да се префли во приватниот сектор, во стопанството, но во вакви состојби во какви е стопанството не гледам како ќе се остварува политиката на вработувањето. Ако во континуитет отпиштате, се прават реформи во администрацијата, а од друга страна нема никакво вработување ниту изгледи за вработување. Тука како економист очекував дека најмалку што ќе повторевте почитуван мандаторе дека безцаринската зона Бунарџик оваа година ќе донесе толку средства, дека најмалку 100 милиони долари или евра што најави пред вас претходниот премиер ќе стасаат до крајот на оваа година иако едно време зборуваше дека Бунарџик е жива глупост, но денеска се фати за Бунарџик, па нека биде и тоа, но каде се инвеститорите. Разбирам дека проблемот со вработувањето ќе оди во стопанството и преку стопанството, сите добро знаеме дека треба да се инвестира и сега би ве прашал што ќе направи оваа Влада да ги зголеми инвестициите во Република Македонија. Едно е подобрување на безбедносната состојба а сосема се други причини и реалности кои постојат. Но, добро, се држите во рамките на правната држава, во реформите на судството за кое е јасно дека ќе има реформи, па познат е вашиот упад во Републички судски совет, сега ќе биде познат за три месеци можете да направите реизбор  на судиите и се да се заврши.

Но, главните причини остануваат. Каде се инвестициите и кога на крајот на краиштата овој народ ќе ги види. За тоа не прозборивте ништо освен вашите омилени теми мито, корупција, криминал. Овде читам некоја реченица филмови, незнам на кого се однесува, можеби на претседателот на Собранието, тој е по филмовите, еве овде намалени странски директни инвестиции за 5,5 пати. Како ќе ги вработувате луѓето

незнам и да не читам многу, да не ве замарам и вас и мене и сите. Овде држам едни стенографски белешки, се мислам дали да ги прочитам, да ве потсетам на едно кога беше реконструкцијата на Владата, тогаш нешто наговестив...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, јас давам дозвола да се чита или не.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Може ли?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ваш е изборот, а не од страна да ви се сугерира.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

При таа реконструкција наведов еден пример низ една колумна која ја кажа еден познат колумнист, ќе кажам кој не е во Хрватска, туку е тука во Македонија, скоро го гледавме на Светла точка го кажа лекот како може да се излезе од оваа работа, но за жал, никој не го слушате. Лекот бил во некој иљач на познати двајца луѓе од Прилеп, тоа не би сакал сега да го повторувам, би сакал само да ве потсетам очитледно мандатарот знае што сакам да кажам.

Господине мандатор ако го послушавте, а сега имате шанса да го послушате, така можеме да дојдеме до правилна влада, правилен состав на Влада, а не да ги повторувате старите грешки на вашиот претходник.

Со оглед на составот на Владата е таков каков што е не гледам ниту перспектива дека ниту вие сами можете се да направите затоа што ако сте можеле сами не ви требале министри, бидејќи овој персонален состав еве скоро две години врти како киша око Крагујевца, а никако да заврне, цело време глумиме реформи, цело време глумиме дека ветувањата ќе ги исполниме, а далеку сме од исполнување, јас искрено не верувам дека овој состав нешто подобро за Република Македонија ќе направи и заради тоа мојот глас ќе биде против, а се надевам почитуван мандатор дека ќе станете премиер, тоа може да биде вечерва, можеби утре вечер се зависи колку ќе трае седницата, се надевам дека во најскоро време ако ме слушате мене треба да направите реконструкција и тоа што поскоро тоа подобро.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски. Инаку што се однесува до филмовите и од нив може нешто да се научи како што сега од вашиот говор исто така нешто научив.

Господине Рахиќ барате реплика или збор? Збор.

Господине Андан Јашари, реплика или збор? Збор.

Господине Невзат Бејта, дискусија или реплика? Реплика.

Повелете имате три минути.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Почитуван претседателе, почитуван мандатар, почитувани можни кандидати за новиот Кабинет,

Ние денес на дневен ред имаме избор на нова Влада, со нов мандат, но јас тука излегов да му реплицирам на колегата Караџоски, затоа што тој во овој Парламент е познат како пратеник кој зборува многу, но ниеден збор не му е на место и се обидува цело време Парламентот да го претвори во еден театар и тука ни изведува разни комедии и пратениците, било на позицијата, било на опозицијата ги тера на смеење.

Ја спомна Адвокатската унија за интеграција. Почитуваниот господин заборава дека ДУИ е сериозна партија, раководена од човек со големи заслуги, која води политика која е во интерес на сите граѓани, непотценувајќи ниеден граѓанин од ниедна етничка заедница. Вели дека наводно при изборот на новиот претседател на државата, направиле ваков или таков договор. Ние не правиме договори, ние правиме сериозна политичка активност и сме составен дел на заедничката коалиција и имаме Влада. Владата која ја избравме претходно, Владата која ќе ја избереме и денес е докажано дека оваа Влада ја подобри состојбата на населението во сите области. Владата која вечерва верувам ќе ја избереме, верувам дека ќе има и поголеми успеси, вие почитувани господа од опозицијата, било македонската ВМРО-ДПМНЕ или албанската ДПА, занимавајте се со вашата Влада, за тоа што сте направиле. Немојте да одите со главата наназад, Господ не ги сака луѓето кои одат наназад, туку оние кои се борат за човештвото, кои им носат среќа на луѓето. Не ги сака тие кои што внесуваат немир. Немојте да одите назачки како рак, затоа што таквиот од наназад носи само немири и вие знаете што правеа вашите

властодасци кога вие ги ибривате вашите влади. Правеа такви валкани работи што и ден денес сите се плашат, посебно албанските граѓани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Барате една минута господине Караџоски.

Повелете една минута контра реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Бејта, ако не сте знаеле да ви кажам. Значи, дефиниција за политичар е многу да зборува а ништо да не кажува, а тука и вие спаѓате. Ако веќе мене така ме оквалификувавте, јас на пример не разбрав ништо што кажавте. Тоа е едно.

Овде демантирате дека ДУИ нема договор, политички, па зашто сте во коалиција ако не правите политички договори. Од љубов ли, од што?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има госпоѓа Којзеклиска Марија, нека се подготви пратеникот Славе Арсовски.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Господине претседателе, дами и господа,

Ќе почнам од едно прашање што верувам дека многумина од вас до сега повеќепати си го поставиле, а тоа што ни се случува нам овие 14 години во Република Македонија, или едно логично подпрашање: Со што ние во Република Македонија заслуживме да бидеме статисти во овој хорор филм наречен транзиција во Република Македонија. Јас овие 14 години почитувани колеги не знам дали живеам во реален или во виртуелен свет. Ако владеачката опозиција толку години наназад не убедува дека се' она што правела Владата е многу добро, дека има развој, дека граѓаните се побогати, а од друга страна имаме многу сурова реалност во кој имаме само немаштија, имаме невработеност и имаме само едно големо ништо.

Од денот на конституирањето на Владата на Социјалдемократскиот сојуз, Демократската унија за интеграција и Либерално - демократската партија од 1 ноември 2002 година, ние исклучиво се занимаваме де со реконструкција на Владата, де со избор на нова Влада од една страна, а од друга страна во Собранието на Република Македонија во тој временски период, турбо ни минуваат секакви и потребни и непотребни закони, за да на крај не добиеме ништо, или добиеме нешто на штета на граѓаните н

Република Македонија. Ми се врати чувството почитувани колеги, а можеби и вам ви се врати, ако добро ве држи меморијата, а кое искрено сметав дека нема повеќе да се врати, а тоа е дека на површината на Република Македонија жабјарникот кој постоеше до 1998 година повторно стапува на сила и тој жабјарник верувајте дека не верувам дека во најблиска иднина нешто ќе може да го разбие.

Повторно во Република Македонија апсолутно ништо ново не ни се случува во ниту една област од живеењето. Постои само почитуван колега Макрадули една огромна пајажина, која е распослана на сите институции на власта. Сите ние се фативме во таа пајажина за жал, која ќе признаете дека се плете на највисоко ниво. А експонент на таа пајажина е извршната власт, односно Владата на Република Македонија. Веќе навистина ми претставува мачнина воопшто и да зборувам за министри, за влада, за квалитетот на работењето на овој министер, на тој министер, но сепак, со оглед на тоа дека колку - толку за оваа година и пол ги запознавме или две години министрите, ќе се потрудвам малку нешто да кажам за работата на оваа Влада.

Ќе се навратам накратко, како што се навратија и другите колеги на причините зошто ние денес имаме избор на нова Влада. Значи, имавме трагично загинување на претседателот на државата господинот Борис Трајковски. Истрагата како таква нормално, органите што ја водеа, а кои се сепак дел од власта, покажаа дека виновни за смртта на господинот претседател се пилотите, кој пак зад себе имаат огромно искуство во таа работа. Е, сега дали е тоа така, јас незнам, не сум експерт да тврдам, меѓутоа, се' се заврши така како што се заврши. Тогашниот премиер, во тие моменти вети ќе го продолжи делото на господинот Црвенковски и така бидна, на господинот Трајковски, се извинувам. После многу молење, убедување, наспроти неговиот јавно искажан став дека нема да биде ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Којзеклиска, воведот мислам дека беше доволно долг, држете се до темата, а темата е избор на Владата на Република Македонија.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Да, да, изборот на влада, зошто е изборот на влада.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мандатор е господинот Хари Костов и сите други министри.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Ќе дојде на ред и Хари Костов.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Веднаш да одите инаку ќе ве прекинам ако зборувате вовед од пола сат кој што нема со темата никаква врска и контакти.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Значи, откако го избравме господинот Црвенковски за државник и за претседател, по автоматизам се ослободи место премиер во фирмата Владата на Република Македонија. И сега, доаѓаме, почитуван претседателе до клучниот играч господинот Хари Костов. Тој како мандатар на оваа Влада и како што го нарекуваат мездиумите и е вистина, е најмоќната непартиска личност во Република Македонија. Симптоматично е што господинот Костов до сега, со оглед на биографијата која ја имаме приложено, е презентиран како докажан економист, а не се најде на местото министер за финансии, како што го кажа и колегата Караџоски, за да може во пракса да го спроведе она искуство со кое господинот Хари Костов располага.

Ова сметам дека  доказ дека оваа Влада, ама баш нема никаква намера да стори нешто за економијата во Република Македонија. Целите и интересите верувам дека се длабоко скриени, нам ни се сервираат само декларативни заложби, дури и неисполнети ветувања, како што и самиот мандатар кажа во своето експозе. Имаме искуство во досегашното владеење, да видиме дека големото ништо кое нам ни се пласира како добро сработено, умешно се дефокусира на нештата каде јавноста сигурно ќе го фати мамецот, посебно, тоа беше искуство и пракса до сега на таканаречениот криминал од поранешната Влада, се со цел за да не се види дека за овие 17 - 18 месеци, колку ја имаме оваа коалиција на власт, ништо не е сработено, ниту пак во иднина, со ваков предлог на влада, воопшто има намера да се сработи. Граѓаните успеаја да се дисциплинираат квалитетно со сила и репресија преку Министерството за внатрешни работи чиј министер е сегашниот мантатар на оваа Влада. Ние бевме сведоци на јавни сослушувања на личности, бевме сведоци на јавни реконструкции, бевме сведоци на

јавно презентирање на истрага која се води за таканаречениот случај “Раштански лозја”, каде што портпаролот на Министерството за внатрешни работи госпоѓа Контевска повеќе личеше модератор на некој семинар, отколку на портпарол на Министерството за внатрешни работи.

Е сега почитувани, има една изрека, значи “стравот лозјето го чува” и ако на ова го имаме искуството од претходниот режим во бившите југословенски простори, поранешниот СССР и она што таму се спроведуваше, сликата ќе ни биде заокружена и граѓаните има да си бидат мирни и послушни, да не поставуваат непотребни прашања, за да не ги викнеме на информативен разговор, или пак да ни се даде некоја кривична пријава. Некој зборуваше дека во Министерството за внатрешни работи почнале реформи, се извинувам што прашувам, меѓутоа што беа тоа реформи во Министерството за внатрешни работи? Ова и многу други нешта се случуваа во Министерството кога министер беше сегашниот мандатар, а дали ќе остане и понатаму тоа ќе видиме и потоа речете почитувани колеги дека постојат случајности во животот.

Наследникот на господинот Хари Костов, верувам дека намерно е избран од редот на професионалците, за да се продолжи веќе воспоставената пракса на репресија и ставање на оглав на сите нас, за да не гледаме пошироко од она што ни се нуди. Имавме прилика денес да видиме од неколку дискутанти од позицијата дека се' она што го прави оваа Влада и што го правела до сега и ќе го прави во иднина е многу добро, ама ние никако тоа да го почувствуваме. Никако. Неговото височество граѓанинот со вака предложениот состав на Влада од која и тој до сега не доби ништо арно, продолжува и понатаму да се третира како граѓанин со многу, многу низок коефициент на интелегенција, со можност за постојано опаѓање. Ние со досегашната влада незнаеме што е тоа економија, земјоделство, финансии, здравство и тн. Но, добро знаеме што се невработени, што се новоотпуштени, сиромаштија, неправда и најважно што знаеме тоа е интерес, но најмногу личниот интерес.

Дали ви будат почитувани колеги асоцијации имињата на Реџеп Селмани, Муса Џафери, Славко Петров, Агрон Буџаку, како да сме ги слушале некаде, ама некако не можеме да се сетиме каде сме ги слушнале имињата. Да ви помогнам, тоа се досега стари и во иднина нови министри во Владата, кои ниту направиле нешто до сега, или пак

ако направиле нешто, тоа сигурно ниту од далеку не е добро, пошто во иднина ќе ги паметат луѓето на кои тоа им го направиле. Кога така работеле до сега, како почитувани колеги да очекуваме воопшто во иднина нешто и да сторат и да не изненадат нас, за да го цитирам господинот претседател, да не изненадат нас конечно да почнат да работат нешто.

Ова што до сега го кажавме ме наведува да размислувам дека сепак се што се работи во Република Македонија со оваа власт и до сега и отсега па натаму, се работи во интерес и во име на определена група на луѓе кои континуирано концентрираат богатство кое постои во Република Македонија. Почитуваниот министер го имаше зборот олигархија, значи не смее да има друга освен една финансиска олигархија.

Ако ја вратиме само малку меморијата station наназад и се сетиме дали откако СДСМ од 1992 година до 1998 и од 2002 година до денес го паметиме по некаква реформа, некаква мерка, некаква работа во корист на граѓаните и по која тие ќе останат запаметени како позитивен пример за иднината на Република Македонија. Напротив, се она што е започнато, задолжително завршува со неуспех, кој всушност е неуспех на обичниот граѓанин, а за организаторот тоа е неверојатен успех. Пример за тоа ни се бројните чудни приватизации кои ги имавме до 1998 година, при што од една страна работниците останаа невработени, а од друга страна на поединци им се овозможија огромни профити.

Имам непогрешиво чувство дека сите ние повторно ќе бидеме така културно излажани и тоа по којзнае кој пат и ние граѓаните. Заради сето ова, таканаречено искуство кое го нуди СДСМ сегашната Влада со сето она што е наведено во Програмата на господинот Хари Костово од имплементација на Рамковен договор, влез во Европска унија, динамичен економски развој, неверувам во иднината на Република Македонија каква до сега ја познаваме и без претерување во таа иднина која ни престои, верувајте дека нам црно ни се пишува. И покрај сите оптимистички пораки кои доаѓаат од страна на позицијата во овој денешен ден кога се бира Влада на Република Македонија. Апсолутно неважни се овие препишани програми, никакво приоритетно залагање за целосно, или делумно спроведување на Рамковниот договор, апсолутно неважно е никакво одлично петто место во приоритетите на Владата од вкупно шест, а кои се однесуваат за динамизирање на стопанската активност, иако министерот, мандатарот на Владата рече

дека сите овие одат заедно во пакет, меѓутоа сепаск постои реден број, 1, 2, 3 и завршуваме со НАТО и Европската унија. Неважно е интензивирањето на борбата на организираниот криминал и корупција, токму од причини што тој е навлезен и до најситните структури на власта, но и оди до најголемите височини а тоа е во Владата на Република Македонија. Неважно е тоа што Владата треба да работи во интерес на граѓаните на оваа земја, се' е неважно освен определен интерес, личен интерес на функционерите во власта. Несакам ни да помислам каква безнадежна иднина не очекува со ваква добро разработена стратегија за уништување и на најмала искра на надеж која постои кај граѓаните во Република Македонија.

Сите овие предложени министри треба да сфатат дека играат една епизодна улога во големото сценарио кое допрва и престои на Република Македонија. Истовремено ги жалам ако до сега тоа сами не го откриле, а исто така можам да констатирам дека сите пратеници во овој состав во Собранието на Република Македонија и сите граѓани во Република Македонија треба да бидат свесни за споредните и статистичките улоги кои ги играме и треба да одиграме до крај, а кои ги наметнува ваквата владеачка структура, или оваа владеачка структура со логистичка и секаква друга помош од посилни центри на моќ.

Сега накратко ќе се осврнам само на 2-3 дела од експозето на почитуваниот министер, кога Владата ја споредуваше со Фудбалската федерација на Македонија. Почитуван министре, споредбата воопшто не ви е во ред затоа што точно е дека фудбалот е најважната споредна работа на светот, ама државата е најважната главна работа на светот. И на нас граѓаните, а треба да Ви биде и на вас како иден премиер.

Рековте дека аналогно на тоа и државата треба само да ги пропишува општите услови за стопанисување, а конкретната стопанска активност треба да ја реализираат самите претпријатија. Како да бидеме сигурни, почитуван министре дека овие општи услови на стопанисување се правилни услови за да можат воопшто претпријатијата да ги спроведуваат. Значи останува на сите нас да видиме дали во иднина тоа ќе профункционира.

Она што посебно Ви е бисер во експозето - “Затоа, во иднина, кога пред Владата ќе се собираат и протестираат на пример млекопроизводителите, нека се сетат дека Владата не е таа која купува и продава млеко, туку дека тоа треба да го прават

претпријатијата преработувачи на млеко за потребите на домашниот и странскиот пазар. Исто така и кога ќе се собираат и протестираат вработени од фирми загубари барајќи неисплатени плати, со барање...” итн. Со еден збор мандатарот уште не станал премиер на Владата, толку ги искритикува граѓаните на Република Македонија што навистина не знам дали и што тие граѓани во иднина треба да очекуваат од почитуваниот мандатар да стори за нив, за подобрување на нивниот живот, и социјален и економски и секаков. Мандатарот убаво им порача на граѓаните со својот цитат - не прашувајте само што може државата да направи за вас, прашајте што можете вие да направите за вашата држава. И затоа, со сигурност можам да прејудицирам дека се она што ќе се случи во иднина, слушајќи го експозето на министерот, виновни ќе бидат граѓаните на Република Македонија. Тешко на нив, тешко и на нас ако тие станат единствените виновници за се она што ќе се случува во Република Македонија.

Понатаму, мандатарот во своето експозе вели: “Владата е свесна дека невработеноста и сиромаштијата се најголемите проблеми на граѓаните на Република Македонија”. На сите ни е совршено јасно дека без богати граѓани нема богата држава или поточно, со сиромашни граѓани ќе имаме сиромашна држава.

Почитуван мандатаре,

Мене, а верувам и на невработените и на сиромашните граѓани воопшто не ни е важно дали Владата е свесна или е во несвест за тоа дали постои сиромаштија или невработеност во Република Македонија, важно е да се разбуди од таа несвест и конечно да преземе нешто со што ќе се намали она за кое Владата вели дека е свесна.

Понатаму, мандатарот вели:”А каде што има сиромаштија нема демократија, нема економија, нема развој, таму важат елементарните правила на природата, борба за опстанок”. Ме плаши, доколку мандатарот дури денес разбрал дека каде што го нема сето ова има борба за опстанок. Во Република Македонија од 1991 година, почитуван мандатаре има борба за опстанок, а зошто вие денес сте го сватиле тоа и денес го кажувате во експозето, јас навистина не знам.

Она што го кажуваше г. Бранко Црвенковски од конституирањето на новата Влада го имаме и во експозето на сегашниот мандатар:”Сепак, спектакуларни резултати не може да се очекуваат на краток период”. Кога, господине Костов, тие резултати кои не

мора да бидат толку спектакуларни воопшто треба да ги очекуваме. Ние не бараме спектакуларни резултати, граѓаните не бараат, бараат да се започне нешто од некаде за да може да се виде дека има некаков напредок. Дајте направете барем сосема малку спектакуларни резултати за да почувствуваат граѓаните некаков благодет. Затоа, сметам дека во овој момент во Република Македонија сосема и во целина е применлива во македонски услови добро познатата фраза од Шекспировиот “Хамлет”: има нешто труло во земјата Македонија.

Заради сето ова што досега Ви го кажав сметам дека е депласирано веќе да се зборува за избор на Влада од која, знаејќи како досега функционира, можеме да очекуваме само уште поголемо ништо, кое и досега го имавме.

Затоа ќе гласам против изборот на оваа старо нова или ново стара Влада, како што милувате да кажете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓица Славица Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Господине претседателе,

Јас ќе реплицирам само во неколку сегменти од искажувањето на колешката Којзеклиска.

Таа рече дека во Република Македонија од 2002 година ништо не се случува, а дали се случува или не, за тоа ќе судат граѓаните. Но ќе ја потсетам дека во 2001 година дека се случи војна за време на практицирање на власта на нејзината партија, па би сакала тоа да не се повтори, без разлика колку животот би и бил помалку интересен.

Колешката, исто така, рече дека за Македонија нема надеж, а јас ќе и кажам зошто мислам дека за Македонија има надеж. Што е она што лично микажува дека за Македонија има надеж? Лидерот на нејзината партија јавно се обиде да го симне жигот од ВМРО-ДПМНЕ, оградувајќи се од своите криминогени сопартијци и луѓе се за поделба на Македонија и војна. Тоа значи дека битката за Македонија се води во најконтравезната партија, а верувам дека и ќе се добие заради иднината на генерациите што одат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика за госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Кога се случи, почитувана колешке, зголемувањето на бројот на невработените во Република Македонија, се случија многу отпуштања во Република Македонија, се случи Бранковиот закон кој заврши неуспешно, се случи финдираната земјоделска реформа итн.

А она што се случува во ВМРО-ДПМНЕ, тоа воопшто не е ваша грижа, грижа ви е вашата партија и она што следува за неа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Аднан Јашари, имате три минути реплика.

АДНАН ЈАШАРИ:

Претходниот говорник, или почитуванта колешка, спомена неколку имиња на актуелните министри од ДУИ, предложени и од мандатарот, за кои рече дека не направил ништо или не презеле ништо. Меѓтуоа, за жал, не кажа од кој аспект не направиле ништо. Ако почитуваната колешка мисли дека не направиле ништо од аспект на персонални добивки има потполно право, од причина што за среќа овие министри не го следеле патот на министрите од минатата Влада, или министрите на нејзината партија, како и многу други функционери кои денес се претвораат од луѓето на Интерпол.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика, за госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван колега,

Ова го кажав од аспект на реализирање на потребите на граѓаните, затоа што секојдневно слушаме што се случува во здравството, во министерството за транспорт, имаме случувања со ЦЕМ дозволите, министерот дали знаеше, дали не знаеше, беше нов, стар дојде во меѓувреме, а од аспект на персоналните придобивки тоа допрва ќе излезе, почитуван колега, дали имале или немале.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега за збор се јави пратеникот Славе Арсовски, а потоа нека се подготви пратеникот Блаже Стојановски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на поранешната Влада, веројатно и на новата Влада,

Ќе се погрижам да бидам пократок, да не држам како претходните дискутанти повеќе политички говори без конкретни предлози.

Денес после 19 месеци, овој Парламент расправа по втор пат за избор на нова Влада, ќе се согласите сите од објективни околности после трагичната смрт на претседателот Трајковски и после изборот на екс министерот Црвенковски за претседател на државата. На почетокот сакам да истакнам дека немам намера да дискутирам за персоналните решенија што ги предлагам мандатарот. Лично имам позитивно мислење за сите нив. Повеќе сакам да се осврнам на предложената програма на новиот мандатар, односно новата Влада што треба да работи, а во тој контекст би сакал да се осврнам и во делот на она што е сработено или не е сработено во оваа една и пол година од функционирањето на оваа веќе поранешна Влада, и како што истакна самиот мандатар, во суштина работата и на новата Влада ќе биде во контекст на еден континуитет, односно она што е предвидено во програмата за работа на Владата од 2002 до 2006 година.

Ако добро се сеќавате, а треба да се сеќавате, кога се донесуваше програмата и експозето во 2002 година, во ноември месец, односно кога ја избиравме Владата, тогаш тогашниот мандатар и премиер насочи три правци на делување на Владата кои неминовно произлегоа од затекнатите состојби во Република Македонија во 2002 година, односно состојбите кои ги наследи од минатата Влада, односно Владата на коалицијата ВМРО-ДПМНЕ, ЛП и ДПА и тие по редослед беа така акцептирани, а тоа беше: средување на безбедносната состојба во државата, борбата против криминалот и корупцијата и се разбира во тој дел создавање на економски и финансиски предуслови за стабилизирање на економските состојби во нашата земја. Во нормални земји и во нормални услови, а како среќа да беа во 2002 година такви условите, сигурно како прв приоритет нема да беше безбедносната состојба, туку приоритет ќе беше економската состојба и подобрување на целокупниот економски стандард на граѓаните во нашата земја. Но се наследи тоа што се наследи, Владата која што тогаш беше избрана мораше

да се фати во костец со овие проблеми и секогаш е најдобро за секоја земја таквите проблеми успешно да ги реши. Ако тргнеме по тој основ, сметам дека за оваа една и пол година во делот на средување на безбедносната состојба се постигнати натпросечни резултати, а токму голема заслуга во тој дел има и сегашниот мандатар, односно веројатно и идниот премиер, господинот Хари Костов, кој раководеше со МВР и сметам дека во делот на безбедносната состојба состојбите денес какви што се ако се споредат со оние пред една и пол година се драстично изменети и кој колку да сака да негера, вистината е таа. Таа вистина најдобро ја знаеме ние што доаѓаме од т.н. кризни подрачја.

Мирот сите го чувствуваме како посакувам амбиент, за да може да се остваруваат и другите значајни прашања во целокупниот општествен живот во нашата земја. Не е тука г. Марјан Ѓорчев, кој често пати неаргументирано или непознавајќи ги состојбите, можеби и никогаш не биле во такви делови, денес изнесе едни ноторни невистини дека во тие делови никој не може да појде, дека движењето по автопатот не е сигурно. Такви невистини не треба да се пласираат од аспект да се заплашуваат граѓаните, посебно во тие региони и тврдам дека такво нешто нема и не може да се исплашат граѓаните од такви изјави.

Во тој правец, сакам да истакнам дека програмите од економската сфера треба да имаат приоритет и добро е и во самото експозе, а и во самата програма, иако не е обемна, токму тие проблеми од економската сфера заземаат централно место за разрешување на истите, од аспект ако тие успешно се разрешат. Се разбира, тоа е добро за сите граѓаните на Македонија, во правец на намалување на сиромаштијата, намалување на невработеноста итн, која во суштина ги тишти сите граѓани во Република Македонија.

Тука сакам да истакнам дека често пати се злоупотребуваат многу невистини и се оперира со бројки и обичниот човек ќе свати, а верувам дека нема да свати така дека има 400 илјади невработени и дека тоа е дело фактички на оваа власт, на оваа коалиција која е на власт една и пол година. Тука мора да ги истакнеме бројките, ако треба да бидат како факти дека навистина бројката е висока. Но таа висока бројка не е достигната во овој период од една и пол година, туку таа бројка континуирано се зголемува наназад неколку

години. Само како покажател, во 1998 година бројот на невработените изнесуваше 271 илјада, во 2002 година 374 илјади, што значи над 110 илјади ново невработени и затоа одговорноста во тој однос не може да ги амнестира ниту претходната ниту оваа власт, која треба да презема соодветни активности за разрешување на овој акутен проблем во нашата земја. Во тој правец, економските реформи треба што поуспешно да продолжат и во нашата земја целосно да профункционира еден пазарен амбиент. Во самата програма што е пред нас, иако не е обемна, и не мора да биде обемна, повеќе практични мерки во тој правец треба да се превземат и сигурен сум дека новиот премиер, кој во својата досегашна кариера бил вклучен во економско финансиската сфера, добро ги познава овие проблеми и истите успешно ќе ги реши и во Република Македонија економијата постепено да почне да заздравува. Дел од законските решенија во регулирањето на оваа област и во изминатиот период се донесени, уште поголем број треба да се донесат и тука е одговорноста на нас како пратеници и законодавен дом, а нашата одговорност не може да се избегне од аспект што треба да бидеме поефикасни во донесувањето на законските решенија во тој правец, за да се разрешат ваквите суштествени проблеми со кои се среќаваат граѓаните на нашата земја.

Соработката со меѓународните финансиски институции треба да продолжи не само од аспект на одржување на макроекономската стабилност или девизниот курс на денарот или пак ниската стапка на инфлација, туку и преку соодветна помош за што побрзо да завршат структурните реформи во стопанството во нашата зема.

Исто така, новата Влада мора конечно да го разреши проблемот со загубарите, иако тој на број е намален, не се повеќе 25 загубари кои претставуваат товар и на оваа Влада и за истите, по можност, да се најдат стратешки инвеститори и истите загубари со такви капацитети со кои располагаат, за да можат да се рестартираат и во тој дел да апсорбираат соодветна работна сила, а сето тоа во контекст и на намалување на невработеноста.

Посебно треба оваа Влада да обрне внимание на донесување, а и се донесени повеќе мерки за развој на малите и средните претпријатија, кои сметам дека можат да апсорбираат поголем број работна сила во нашата земја.

Во тој правец мора да се создадат услови за нивно помагање во смисла на обезбедување на поволни кредити. Тука сакав да истакнам дека кај нас во еден долг период може да се забележи дека и каматните стапки кај комерцијалните банки ја имаат едноцифрената вредност, односно се под 10% што не значи дека тие се идеални, но ете како такви имаат тенденција на намалување кое што од друга страна можат да бидат од поголема помош во развојот на малите и средните претпријатија.

Посебно мора да се води сметка во наредниот период новата Влада што ќе ја избереме да води сметка во правец на намалувањето на зафаќањата на стопанските субјекти и во тој правец и намалувањето на јавната потрошувачка, затоа што намалувањето на зафаќањата на стопанските субјекти придонесува за нивно акумулирање на средства за нивно реинвестирање и нивен развој. Во тој правец ние треба да ја сватиме и реформата во јавната администрација, иако како реформа е болна, секое отпуштање е болно, но сите сме сведоци дека имаме преголема вработеност во јавниот сектор. Голем дел од средствата од централниот буџет одат, централниот буџет ја губи таа т.н., развојна компонента. Не може Централниот буџет 35 до 40% да одат за плати и надоместоци. Новата Влада треба да се зафати во овие сектори за да создаде предуслови за соодветен економски развој. Посебно сакам да истакнам дека новата Влада мора да ги зајакне контролните механизми во правец на исполнување на обврските што ги имаат и физичките и правните лица спрема државата. Сакале ние, или не, мораме да признаеме кај нас сеуште царува сивата економија. Сите рамноправно не ги исполнуваат обврските спрема државата. Ако сите ги исполнуваат обврските спрема државата, сигурен сум дека зафаќањата од стопанските субјекти можат да се намалат, како стапките на данокот на имот, стапките на данок на добивка, стапките за пензиско или здравствено осигурување итн., и во тој првец новата Влада мора да предложи соодветни мерки преку соодветните механизми што ги има на располагање сите на целата територија обврските спрема државата да ги исполнуваат, а не како што е досег.

Во делот на криминалот и корупцијата новата Влада мора како што е истакнато и во самата програма таа борба да и биде од првостепено значење. непобитен факт е дека криминалот и корупцијата како зло го има во сите држави, но прашањето е до кој степен е застапено истото. Кај нас сметам дека во оваа година ипол Владата направи доставо тој

правец за намалување на криминалот и корупцијата и за сите носители на таквите деанија треба да има санкциони мерки, се разбира во една нормална процедура која што ја пропишуваат законските решенија или судските постапки кои што важат во нашата земја. Тука не треба да се има милост, ниту по партиска, ниту по некоја верска припадност, пред законот треба да бидат исти сите кои што се занимаваат со такви деанија треба да бидат и казнети. Во тој правец мора да се поздрави заложбата на новииот мандатор за брза и ефикасна реформа на судството бидејќи сите се согласуваат дека имаме не ефикасни долги судски постапки, често пати без завршница, а од друга страна се губи довербата кај граѓаните особено кај странските инвеститори кои сакаат да инвестираат, или имаат инвестирано во нашата земја. Сметам дека децентрализацијата на власта односно законите сврзани со неа мораме што побрзо да ги завршиме и ние како парламент ја носиме одговорноста и законите пред се за територијалната организација и Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа треба што побрзо да ги донесеме конечно да се постигне поблиску приближување на власта до граѓаните и нивните секојдневни потреби. Во тој контекст сметам дека веројатно брзо и целосно треба да се реализираат обврските од Охридскиот рамковен договор.

Господине Костов, иако не е тука, лично сметам дека со тимот со кој што располагате, со знаењето и искуството што го поседувате, посебно во економската сфера очекувам дека ќе донесете подобри денови на граѓаните на Република Македонија како што во овој изминат период со ресорот со кој раководевте на еден успешен начин една хаотична безбедносна состојба што ја затекнавте посебно во западниот дел на Македонија, успеавте за многу кратко време да ја средите и ние од тие некогашни кризни подрачја најдобро го чувствуваме бидејќи таму сега нормално се живее за што сме многу благодарни. Така сега како нов премиер и нова влада и во делот на економијата така успешно ќе дојдете до посакуваните резултати и од тие причини и од многу други ја имате целосно поддршката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Се работи за следото. Очигледно пратеникот Славе Арсоски, не ја разбра суштината на мојата дискусија. Јас не зборував невистини. Незнам дали г-динот Арсовски бил во Танушевци. Јас сум бил во период 1983 најмалку 20 пати таму и зборував што луѓето во Танушевци кажуваа во тоа време дека државата не води грижа за нив и дека новата Влада аналогно на тоа од тоа време и сега впрочем затоа настана и конфликтот таму и треба да поведе грижа за тие луѓе кои што имаат проблеми со своите земјишни имоти, кои што во друг регион тие пазаруваа, во Витина тие се движеа натаму, а сега со определувањето на границата имаат реални проблеми. На тоа треба да се посвети внимание, на тоа треба новата Влада да работи, да ги убеди тие граѓани во Танушевци дека се полноправни граѓани на Република Македонија, да работи на концепт кој што ќе значи развој на економски би рекол одредени перспективни погони за собирање на шумски плодови, за собирање на лековити билки и сл., во еден чисто еколошки планински регион и на таков начин ние навистина да водиме грижа за граѓаните на Република Македонија на сите делови од државата, а не само со декларативни изјави дека се е безбедно и сигурно. Меѓутоа, јас говорев со факти, а не со нешто што претставува само декларативна изјава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само да го прашам нешто г-динот Ѓорчев.

Господине Ѓорчев, од каде знаете за оваа реплика, бидејќи не бевте тука присутни. Значи, тоа е дозволено. Тогаш, ќе ве рачунам за кворум кога ќе бидете и во холот.

СЛАВЕ АРСОСКИ:

Господине Ѓорчев, ве сватив, стенографските белешки постојат, вие рековте: во селата под Шара. Јас ги сваќам селата под Шара од Тетово, Гостивар итн., дека никој нема пристап, ниту инспекторите да можат да извршуваат соодветна дејност за она што и треба да ја извршуваат. Така дословно беше кажано. Јас ви тврдам дека не е вистина, дека има пристап, дека комуникацијата нормално се одвива и во тој правец мислам имам сватено правилно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза од половина час. Ги молам координаторите на пратеничките групи да дојдат во Охридската соба за да се договориме за некои работи.

(пауза од 18 до 18,30 часот)

(по паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван мандатаре, почитувани министри во Владата на Република Македонија. Сакам ова мое обраќање до вас да го почнам со следните зборови. На 15 септември народот ќе ја земе судбината во свои раце. Народот има само еден избор, Македонија има своја иднина, Македонија ќе победи. Ние имаме стратегија против сиромаштијата. Нема успешно решавање на проблемите ако тие не се решаваат сите и во исто време. Барањата на граѓаните и нивните очекувања не се ниту нескромни, ниту неприродни. Тие едноставно бараат мир, правда и достоинствен живот. Или правото и законот ќе завладеат во оваа држава, или оваа Влада ќе си оди. Политички реваншизам нема да има. Влдата на Република Македонија веќе во првите 100 дена од своето формирање во соработка со домашни и меѓународни експерти ќе изработи национална стратегија за совладување на невработеноста и намалување на сиромаштијата. Ќе се зголеми обемот и ефикасноста на инвестициите. Македонија ќе се промовира во привлечна дестинација за странските директни инвестиции. Владата ќе води политика на социјално партнерство со синдикатите за остварување и ззаштита на правата на работниците. Оваа Влада го започнува својот мандат со силно убедување дека битката за остварување на нашите стратешки аспирации не се добива во Брисел, туку тука Македонија. Стоиме зад секој збор и запирка од Рамковниот договор, ништо повеЌе и ништо помалку. Да се биде премиер, или министер е најголема чест, но да се заврши срамно на овие функции е срам што уште подолго не се заборава. Ова се ветувањата на Бранко Црвенковски пред и за време на формирањето на неговата Влада. Што имаме задача на оваа седница? На оваа седница Парламентот има само една задача, да верификува нов премиер на стара Влада. Оттука, ние денес имаме можност да дискутираме само за она што досегашната Влада на Бранко Црвенковски заедно со

претходната реконструирана Влада на истиот премиер има остварено од овие ветувања при нивниот избор на 15 септември 2002 година. Една од најголемите работи кои ги направи досегашната Влада е изборот на нејзиниот поранешен министер за финансии за гувернер на Народната банка на Македонија. Затоа сметам дека она што го наведува во своето експозе мандаторот, дека отворањето на прашањето за кадровски промени во Владата во овој момент ќе предизвика ресорски и други кадровски комбинаторики, но нема ништо суштински да измени, е точно. Тоа е точно и заради тоа што ќе отвори проблеми за идно згрижување на сменетите функционери на удобни и добро платени функции. Независно дали тоа ќе биде Народната банка на Македонија, дали тоа ќе биде некоја директорска фотеља во Телеком која што за владата е поважна за договор оваа работа отколку невиденото покачување на цената на телефонските разговори, или пак во иднина тоа ќе треба да биде некоја дипломатска функција за оние кои можат да прават некакви политички проблеми во Владината коалиција. За да ги избегне ваквите идни кадровски проблеми мандатарот решил да не прави никакви персонални измени во Владата. Ова покажува дека единствената цел која ја има мандатарот не е суштински промени во функционирањето на Владата не е утврдување на досегашните слабости во работењето на Владата, туку единствена цел е да се има мир во куќата. Со ова се потврдува дека промената на Бранко Црвенковски од премиерската функција не преставува баш никаква промена во однос на очекувањата од Владата. Едноставно кажано изборот на Владата во ист состав со ист капацитет единствено значи понатамошно економско и социјално тонење на Република Македонија. Изборот на Влада денес ќе претставува само континуитет во негрижата за егзистенцијалните и работните потреби на 185 иљади земјоделски домаќинства со над 700-тини иљади лица. Тоа значи дека тутунот и пченицата нема да имаат заштитни цени, дека нема премија за пченицата, за тутунот, за млекото, сончогледот, за шеќерната репка. Изборот на оваа Влада значи дека земјоделците не можат да се надеваат на регрес на семенскиот материјал, на минералните ѓубрива и хемиските препарати. Со оваа Влада нема надеж дека преработувачите на добиточна храна ќе добијат било какви дотации. Впрочем и во самото експозе мандаторот на оваа Влада децидно вели: за млекопроизводителите нема да се грижи Владата, за нив нека се грижат оние кои купуваат и продаваат млеко, а тоа се

претпријатијата, преработувачи на млеко. Зарем ова не претставува алиби на Владата за состојбите во оваа област и тоа уште пред нејзиниот избор. Затоа почитувани граѓани немојте да очекувате ништо. Ако протестирате пред Владата полицијата ќе ве упати во откупните претпријатија, ако тие немаат пазар за млекото ниту поддршка од Владлата ќе ви кажат дека немаат потреба од млеко и нема да ви го откупат. Тогаш единствено нешто што ќе им остане на млекопроизводителите е за да не прават само трошоци за храна и други потреби, да ги продадат своите крави и да се откажат од производството на млеко. На овој начин со колењето на кравите се решава проблемот со млекопроизводството и Владата повеќе нема ваков проблем. Единствено што сите оние луѓе кои живееле од производство на млеко се упатуваат во бирото за социјална заштита и стануваат корисници на социјалните фондови од Буџетот на Република Македонија. Од истиот буџет кој се полни од зафаќањата во стопанството, кои се се поголеми, а Буџетот се полни се помалку. Но, за мандатарот единствено е важно да нема проблеми кои би произлегле од кадровските комбинаторики на владеачката коалиција. Владата била свесна дека невработеноста и сиромаштијата се најголемите проблеми за граѓаните на Република Македонија. Замислете, била свесна. За некој да биде свесен дека невработеноста и сиромаштијата се најголемите проблеми во Република Македонија не треба да биде член на Владата, тоа е општо познато. Но, Владата мора да има концепт и оперативни капацитети за надминување или ублажување на сиромаштијата и невработеноста, а не само да биде свесна дека тие се најголеми проблеми на граѓаните. И тоа само да го констатира. Владата мора да биде свесна и за тоа дека сите показатели велат дека не само што не се прави ништо за да се намалат сиромаштијата и невработеноста, туку напротив со ваквото работење на Владата 60% од граѓаните на Република Македонија во 2003 година живееле полошо отколку во 2002 година. 72% од граѓаните велат дека приходите не ги задоволуваат нивните најосновни егзистенцијални проблеми. Граѓаните на Република Македонија се плашат, живеат во страв дали наредниот месец ќе ја задржат работата, или дали ќе земат плата. Економијата назадува и тоа турбо. Фирмите и државата не инвестираат ништо. Македонија полека станува земја на трговски центри во кои може да купува само мал процент привилегирани. Остатокот од населението кое претставува огромно мнозинство во државата живее чекајќи ја

социјалната помош, или пензијата, со исклучен телефон, без решено станбено прашање, без надеж. Претходниот премиер велеше дека граѓаните не можеле да ги видат позитивните резултати, но допрва ќе ги почувствувале. Ова експозе на мандатарот Хари Костов може да се каже дека во целост е сублимирано во оваа реченица на претходниот премиер Бранко Црвенковски. Ние денес треба да бидеме нова Влада без никаков отчет од старата. Но оваа Влада всушност и не е нова.Таа е истата онаа која невработеноста ја решаваше со бранковиот закон. Сега, овој закон само ќе добие ново име, Законот на Хари. Заради овој закон беше покачена цената на струјата, на јавниот превоз, на лековите, на средствата за лична хигиена. Се надевам, дека нема повторно со новиот почеток на Владата на сегашниот премиер да ни се случат слични шокови, или пак тие ќе бидат поголеми. Ќе бев изненаден ако во програмата на оваа Влада прочитав дека оваа Влада Ќе го почитува Законот и колективните договори кои предвидуваат исплата на К-15, и на другите надоместоци во образованието, во здравството и во другиот административен апарат.Но, не ме изненадува што Република Македонија го дели едно од последните места по слобода на медиумите.

За да може да се владее со граѓаните, а не да се управува со државата, на Владата и е неопходна контрола над медиумите. Затоа, за местото и положбата на медиумите и за мерките за надминување на оваа состојба во експозето на мандаторот нема место. Овде е се како што треба. Во експозето нема ништо, ниту за јавно преземената обврска на досегашниот премиер дека нивото на вкупните инвестиции во 2004 година ќе биде поголемо за 200 милиони долари во однос на 2003 година. Нема ништо за економскиот бум кој беше најавуван за оваа година. Нема ништо од градежните локации кои се сопственост на Република Македонија , а кои по пат на лицитација требаше да бидат продадени на заинтересирани инвеститори или требаше најпрво, да се изруши она што е изградено на тие локации и повторно да се изгради овој пат легален објект. Но, дали е се легално во Тетово, во Мала Речица, во Зајас. Зошто со чистење на локации не се почна од овие места, за да се овозможи како што беше најавено инвестирање на албанската емиграција во Република Македонија .Или, инвестирањето во Македонија албанските емигранти го сваќаат на друг начин. Со одржување на сеалбански

конгрес во Македонија, што ќе биде доказ за во иднина за историските традиции на албанците во Македонија или за нивното инвестирање во иднината на Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине стојановски отидовте малку подалеку од темата на точката на дневниот ред.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Понатаму, немаме информации дали оваа Влада ќе продолжи со активностите за реализација на толку извиканиот проект Бунарџик. Колку средства и во кој рок планира да вложи за реализација на патната, електроенергетската, водоводната и телекомуникациската инфраструктура. Кога ќе се понудат бесплатните 400н градежни парцели. Што е со изградбата на гасната комбинирана централа во Скопје која беше дел од најавите за економскиот бунт во 2004 година. Гасната централа која требаше да учествува со 100 милиони долари во вкупната инвестициона активност што требаше да и се случи на Македонија во оваа година. Во обраќањето на мандаторот нема ниту збор за проектот кој беше најавуван повеќе како политички, историски и национален, отколку како инвестиционен во економска смисла. Се работи за проектот кој е во врска со 60 годишнината од АСНОМ , а кој беше силно најавуван од претходниот премиер на оваа Влада. За изградба на меморијален центар посветен на АСНОМ. Дали неспомнувањето значи откажување на Владата од овој проект  или пак тој само служеше како изговор за несоодветното одбележување на 100 годишнината од Илинденското востание во минатата година. Се надевам дека во наредната реконструкција на оваа Влада премиерот односно сегашниот мандатар нема да им се обрати на пратнеиците и на целата македонска јавност со зборовите на неговиот претходник: “Ако ме прашате дали во изминатиов период грешевме, одговорот е да. Ако ме прашате дали сум задоволен од постигнатото, одговорот е не. Но, јас имам јасен концепт и визија за тоа што работиме. Зошто го правиме тоа и кои  цели ќе ги постигнеме, тогаш одговорот е да”. Затоа што работи оваа Влада , зошто го прави тоа, најдобро знае коалициониот партнер ДУИ а целите што ги постигнува ги чувствуваат сите граѓани на Република Македонија .

Г-дине мандатар, на Македонија и се потребни брзи, видливи и недвосмислени резултати. На Македонија и се неопходни инвестиции. На Македонија и е потребно отворање на нови работни места. Услов за овие приоритети претставува почитувањето

на принципот на владеење на правото, без упаѓање во Републичкиот судски совет, со реформи во судскиот систем, кои ќе ја зголемат независноста на судството и ќе ги отстранат можностите за негова политичка зависност. Неоходна е изградба на судство во кое нема да ни се случува и Врховниот и Уставниот суд за ист случај да се прогласуваат за ненадлежни, како што беше случајот со доделените социјални станови. На Република Македонија и треба борба против сиромаштијата, но реални мерки, а не доделување на земјиште кое што нема со што да се обработува од страна на социјалните случаи.

На Македонија во последните 2 години и се нема случено рестартирање на фирма која отишла во стечај. Се уништуваат оние фирми кои досега успешно работеа со штрајкови подржани однадвор и од структури блиски до власта.

Состојбата во која се наоѓаат младите е исклучително лоша. Ако ги прашате 60% од нив ќе ви одговорат дека сакаат да ја напуштат Македонија. Зошто? Зарем не се прашувате зошто сакаат да ја напуштат, како што вие велите просперитетната и сигурна Република Македонија . Тоа е затоа што сакаат да живеат во земја каде владее правото, каде се отвораат наместо трговски центри, работни места. Во земја каде што можат да почнат и да водат бизнис без притисоци од власта. Сакаат да студираат на универзитети каде постојат образовни стандарди, во земји од каде можат без визи да патуваат насекаде во светот. Сакаат да живеат во земја во која нема раселени лица, во која ветеното се исполнува, а не служи само како политички маркетинг за време на избори. Сакаат да ја видат Република Македонија во ЕУ и НАТО. Земја, во која постои надеж , која е без апатација, без несигурност, земја со иднина. Младите сакаат да живеат во таква Македонија, во земја во која се исполнуваат предизборните ветувања, во земја во која извршната власт го црпи својот легитимитет од реалната волја на граѓаните, а не од гласачки ливчиња кои сами влегуваат во гласачките кутии или од 1/6 од гласачкото тело. Македонија не треба да биде земја во која виновник за падот на производството не е политиката на Владата, туку Заводот за статистика. Патот кон Европа единствено води преку економскиот просперитет на Република Македонија . Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Стојановски.

Г-динот Зоран Томиќ има реплика три минути.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Благодарам претседателе,

Често пати во својата дискусија почитуваниот колега Стојановски истакнуваше и го повторуваше прашањето незнам колку пати што работи оваа Влада, мислејќи на досегашниот состав на оваа Влада, па јас ќе се обидам само со три сегменти да му кажам што тој изработи за оваа Влада до сега.

Прво, често пати се манипулира во поглед на индустриското производство, па се кажува пад или незнам што, меѓутоа, се бега од вистинските податоци. Само ќе потсетам дека на пример во 1999 година имаме пад на индустриското производство од мину 2,6% , а славната 2002 година е завршена со рекорден пад на производството од минус 5,3%. За потсетување оваа Влада во 2003 година имаме пораст на индустриското производство од 5,2% .

Второ, исто така ќе земам еден интересен параметар за пример, девизните резерви во 2002 година беа 735 милиони долари, а 2003 година токму оваа Влада направи девизните резерви да бидат 829 милиони долари.

Трет параметар што исто така би го дал исто така илустрирано со пример ќе кажам и ќе ги потсетам и јавноста и сите нас дека наследивме една ситуација од 78 илјади раселени лица, а денес само после 18 месеци има 1800 раселени лица, за кои јас сум убеден дека токму оваа Влада ќе се избори и последното раселено лице да се врати во својот дом.

Конечно, се заборава да се каже уште еден многу битен факт што сработила оваа Влада, а тоа е нормализирање на односите помеѓУ Република Македонија со ММФ и склучувањето на стенбај аранжманот од страна на бордот на директори на 20 април 2003 година. Меѓутоа, бидејќи често пати луѓето сакаат да поверуваат на некои нешта што некои странци ќе ни кажеа, а јас ќе цитирам само една реченица, а тоа е дека стенбај аранжманот со Македонија се спроведува позитивно. Главниот предизвик во следниот период ќе биде интензивирање на економскиот раст и отворање на нови работни места. Ги подржуваме напорите на Владата да се пдобри инвестиционата клима, борбата против корупцијата и за пдобрување на квалитетот на јавната администрација. Бордот на извршни директори на ММФ, 20.10.2003 година. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута, г-дине Стојановски, повелете .

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас ќе му одговорам на колегата многу кратко. Ова ми личи на она што го кажав дека зборовите на претходниот премиер кој велеше дека граѓаните неможеле да ги видат позитивните резултати, но допрва ќе ги почувствувале. Значи, ова е дел од таа реченица, а каква е ситуацијата можете слободно да ги прашате и раселените лица и невработените и младите брачни парови без решено станбено прашање и отпуштените работници и земјоделците сточарите и луѓето што се занимаваат со некој бизнис, пензионерите со поскапите лекови, стечајните работници, социјалците со телефонски сметки кои се повисоки од сметките на електрична енергија, студентите со нивното супстандардно живеење итн. долг е овој список, кој навистина ги покажува кои се резултатите од функционирањето на оваа Влада. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Насуфи, а нека се подготви пратеникот Илија Србиновски.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Г-дине претседател, дами и господа, мандатар, членови на Владата,

Интимно мислам дека едсна земја како што е Македонија која доживува една длабока криза, како од областа на економскиот развој , како во преобразбата, во трансформацијата на општеството , како со еден остар мониторинг на меѓународните финансиски инсистуции, но истовремено и со една висока напнатост на меѓуетничките односи, со една војна неодамнешна, мислам дека е под нивото на едно експозе и на една програма која се претстави овде во овој парламент, за да излеземе од оваа состојба или за посериозен пристап за да излеземе од оваа состојба. Затоа, мислам г-дине Костов, програмата која ја понудивте не одговара на овие предизвици, многу значајни предизвици. Сите ја посакуваме Европа, ја посакуваме ЕУ , сите го посакуваме НАТО. Овде неможеме да имаме разлики помеѓу позицијата и опозицијата, но со ваква програма, која за жал, според мое длабоко размислување , повеќе му приличи на еден манифест, со кои манифести и документи сме навикнати од минатото, бидејќи немаме конкретни програми, немаме временски рокови, немаме носители на три значајни

компоненти, без кои неможе да се лоцира одговорноста. Значи, ќе карикирам, г-динот Хисни Шакири вели дека има успешни министри. Значи, треба да се успешни или неуспешни министри, но тие треба да се именвуаат.

Ќе почнам повторно со една последна реченица што г-динот лмандатар ја зеде од еден научник политичар, претходно го повтори и една колешка дека граѓанинот нема што да бара од државата, туку треба да се праша што тој има дадено на самата држава. Оваа поговорка, бидејќи поговорката има пораки што човекот сака да ги нагласи. Ова неможе да одговара за Македонија. За жал, бидејќи ниту македонците, ниту албанците, ниту овој амбиент не е тој амбиент за кој е наменета таа поговорка. Ве молам, народот ви ја даде довербата и легитимноста еве две години. Наспроти ова имаме сиромаштво и имаме економска влошена добробит, ова е неоспорен факт. Вие г-дине мандатор сте економист, но за жал, сте банка, јас го прегледав и составот на Владата и сите речиси ги имаат поминато почетокот и завршувањето на кариерата во фотељите на државната администрација. Што е сега пикантно во овој Предлог кој денес го разгледуваме. Интересно е тоа што премиерот не е член на партијата. Јас лично не верувам , но неразмислувам дека треба за ова треба да ми се даде книшка што на крајот накраиштата убеденоста на г-динот мандатор е негово лично прашање. Тоа е негова слобода и негово право и во тоа никој не треба да навлегува. Тоа е Влада на СДСМ и СДСМ раководи со оваа Влада, ја основа оваа Влада.

Втората пикантерија е во однос на тоа што мене позитивно ме фасцинира, а би се извинил ако не е така.

Господинот Костов и етнички и припаѓа на една етничка заедница која историски се покажала секаде, во сите средини каде работела, во позитивно светло. Би сакал тоа да биде еден позитивен сигнал за Македонија. Можеби утре зошто не и еден албанец да не биде мандатар на Владата. Нека биде и од редовите на коалицијата, значи од ДУИ.

Сега би зборувал за приоритетите.

Повторно, таква каква што е програмата заслужува неколку проценки кои се надоврзуваат и на минатиот период, но треба да се надоврзат и на сегашниот период, со господинот Костов. Претпоставуваме дека тој ќе биде новиот премиер.

Прва предност е Охридскиот договор. За жал, искрено, убеден сум дека Охридскиот договор сега од оваа Влада само се употребува како еден инструмент за институционализирање на неправдата или продолжување на неправдата врз албанците во институциите на системот. Јас припаѓам на областа на правото и ќе се послужам со еден конкретен факт.

Во Охридскиот договор, во членот 11 многу јасно пишува дека во 2004 година, на пример структурите на вработените во полицијата, не само униформираните, ќе го изрази составот на населението. Ве молам дајте ми го одговорот, господинот Костов, таа структура дали денес е таква. Не сметајте само на тие во униформи.

Во јавните претпријатија, има неколку години, еве три години, бидејќи сум ги следел овие движења бев член на Владата, овде не е добро што и Муса Џафери не помага во тоа. Ниту еден албанец во јавните претпријатија не е вработен во последнава година. Токму бившата Влада има оставено една структура на албанци во јавната администрација, некаде околу 10 до 11%. Не верувам таа бројка дека е денес 7%. И ние не можеме да се повикаме на имплементација на Охридскиот договор. Всушност, сакале или не, тоа е една политичка демагогија. И ние како ДПА, но и јас лично тоа не можам да го прифатам.

Карактеристично е и прашањето на јазикот. На вас тоа ви изгледа банално, но за никого тоа прашање не треба да изгледа банално, туку напротив треба да биде животно прашање.

Амандманот 5 или членот 7 од Охридскиот договор е многу конкретен. Сите устави во светот кои го регулираат прашањето на јазикот или билинквалноста или трилинквалноста, се вели службен јазик. Тој е службен јазик, значи официјален јазик. Сега што се случува со албанскиот јазик. Министерот е албанец и не смее да зборува на албански јазик. Пратеникот смее да говори овде на говорница, како што зборувам јас, на албански јазик, а за другите сегменти нема право. Тоа е една реалност.

Што е уште подрастично господине мандаторе вие сте предлагач на Законот за патните исправи. Овде имаме еклатантна деформација на уставните начела. Министерот за правда треба да биде овде, бидејќи е повеќе повикан за тоа. Дали пишува во Законот, албанецот да стекне пасош на албански јазик, треба да даде барање. Од каде го

измисливте тоа. Тоа е едно измислување. Албанецот значи треба да побара пасош во кој ќе пишува на албански јазик. Ве молам, па нема шанси во Битола или во Ресен албанец да поднесе барање и да му се издаде пасош на албански јазик. Затоа Охридскиот договор не се спроведува, господине премиер, на овој начин. Затоа треба да имате поинаков пристап. Не сакаме Охридскиот договор да послужи како една политичка флоскула, било на оваа политичка група, било на друга политичка група. Ниту една политичка групација нема право Охридскиот договор да го употреби како политичка флоскула, поради фактот што и Меѓународната заедница, и Европа и Америка и овдешните структури се свесни дека тоа е основен предуслов да се отворат вратите на Европа. Но не само тој. Не мислиме дека Охридскиот договор е единствениот кој ќе ни ги отвори вратите. Но, за земјите како што е Македонија со меѓуетнички турбуленции, значи тоа е алфа и омега и како таков секаде го разгледуваме и анализираме.

И господинот Бранко Црвенковски, но мислам дека и господинот Хари Костов милува да го употреби слоганот унитарна држава и мултиетничко општество. Добро е и на јавноста да и објаснат што подразбираат со тоа, со унитарна држава и со мултиетничко општество. Ние секогаш сме размислувале и во Охрид разговаравме, едно е мултиетничко општество, друго е мултиетничка држава. Ние сакаме да изградиме заедничка држава. Не можете да зборувате господине мандатор само за мултиетничко општество. Треба да зборувате и за мултиетничка држава. Тоа е забелешка што ние како партија ја даваме.

Во однос на економските прашања и економската рамноправност е еден многу значаен сегмент кој на сите ќе ни го отвори патот кон перспективата. Значи на сите заедно, но би било добро, забележав еден ден во еден весни, средбата на господинот претседател на државата, господинот Црвенковски со бизнисмените од Македонија, меѓу кои еден добар дел ги познавам, бидејќи сум соработувал со истите. Но искрено да ви кажам дека би сакал во таа група на бизнисмени да имаше и некој албанец. Се говореше на таа средба не само за политика, туку и за бизнис и за други работи. На тој начин се создава заедничкатsа моќ од областа на економијата која е еден предуслов,можеби и многу политички прашања да се решат сами по себе.

Имам и една друга сериозна забелешка во тој правец. Токму оваа Влада, голем дел од средствата во Западна Македонија, би ја спомнал канализацијата во с.Велешта, ќе ги спомнам средствата во Тетово, ќе ги спомнам средствата во Третиот ТВ канал на новото ТВ студио, ќе го спомнам и Арачиново. Сите овие средства со новиот буџет се зедоа и не се инвестираа во овие места. Ве молам да внимаваме бидејќи и новата Влада ако нема начелен пристап во областа на инвестициите што ќе бидат од корист за сите заедници, тогаш нема да создадеме солидарен амбиент за развојот.

Би кажал неколку збора и за личната, персоналната структура на оваа Влада.

Постоеше едно правило уште од Бивша Југославија. Полицискиот кадар одеше во политиката. И од политиката одеа во полиција. Значи обратно. Мислам дека е стратешка грешка, иако господинот мандатар не потекнува од полицијата, но самото доаѓање од секторот на полицијата не е добар знак. Уште полошо е што на функција министер за внатрешни работи доаѓа едуциран работник и професионално обучен човек, не по негова лична лична вина, туку тоа е професионално дефомиран и му даваме помалку или повеќе елементи на една држава во која овие два сектори треба да ги контролираат цивилни лица. Тоа е сосема во ред. Можеби на место на господинот Бучковски има и генерали, многу поспособни воени лица кои можат да го раководат тој сектор и не се сомневам во тоа. Но секаде во демократските држави со овие два сектори раководат цивилни лица. Тоа е мојата забелешка во однос на структурата. Нема да навлегувам во составот на другите членови. Воглавно мислам дека тие еднаш го добија мандатот на овој Парламент, ќе го добијат повторно. За нас како позиција е подобро да не покажат успеси, бидејќи тоа е шанса на опозицијата. Но, за тоа треба да размислува мандаторот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Насуфи.

Имате збор господине Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Навистина немав намера во овие споредни дискусии да се јавам, меѓутоа, бидејќи од оваа говорница беше, најблаго да кажам, кажана една невистина, морам да реагирам.

Беше спомнато изградбата на водоводот во Тетово и дека наводно Владата ги одземала парите што беа доделени за учество на државата и тоа беа пари од Телекомот, за изградба на водоводот во Тетово.

Оваа Влада не зема ниту еден денар од тие средства. Меѓутоа ќе биде добро господинот Насуфи, со луѓето кои учествуваа во таа злоупотреба на средствата, на 143 милиони денари, доделени од Телекомот, навистина да ни ја каже вистината што се случи со тие пари. Од 143 милиони денари кои се дадени за учество во финансирањето на изградбата на водоводот во Тетово, извршени се работи замо са 43 милиони денари кои се потврдени од надзорниот и контролниот орган. Навистина тука ќе треба и на нас и на луѓето од Тетово тој да им објасни каде отиде разликата од парите и зошто тој водовод сега не може да се доврши.

Многу пати спомнував околу пасошите и нема да се повторувам. Меѓутоа, верувам дека и господинот Насуфи не седи дома и на некој од полицијa му текнало да му однесе пасош. Пасошот не е лична карта и пасошот се добива само доколкку било кој човек поднесе лично барање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи беше помалку од три минути излагањето, тоа се смета за реплика.

Имате една минута контрареплика господине Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Не знам господине Костов дали ми одговори како мандатар или како министер за внатрешни работи. Тоа како прво.

Второ, деталите во однос на водоводот во Тетово јас сигурно не ги знам. Но, не сум против тоа злоупотребите да се истражуваат било каде да се и од било кој да се извршени. Тие да се прогласат на транспарентен начин и на правичен начин.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Претходно имаше реплика господинот Талат Џафери.

Повелете.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Во два сегменти сакам да му реплицирам на господинот Насуфи.

Првото се однесува за повикот за начални инвестиции и цивилната контрола врз одбранбените структури.

Господине Насуфи, околу вашите инвестиции, јасно им е на албанците во Македонија каков пристап имавте и за средствата во однос на Третиот државен ТВ канал. Многу е јасно дека тие средства, еден дел се инвестирани во милениумскиот крст на Водно.

Околу водоводот и школите ние разговаравме на седница на пратенички прашања.

Што се однесува до цивилната контрола за безбедноста, како правник треба да знаете дека првиот човек на ова Министерство треба да биде цивил. Но цивилната контрола треба да има авторитетна државна функција, во однос на тоа што значи ингеренција за надгледување на овие министерства, а една од овие функции е цивилна контрола на Парламентот, врз овие министерства. Така што не стои, кога говорите за професионална припадност, или професионална подготвеност на министерот за внатрешни работи или пак министерот за одбрана. Така што во тој правец мислам ќе се корегирате и треба подобро да ја гледате работата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Насуфи имате една минута контрареплика.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Мене ми е јасно дека еден дел од пратениците не е информиран, но за Третиот ТВ канал претходната Влада има одвоено од средствата на Телеком 11 милиони денари. Пет милиони денари отидоа за мрежата, шест милиони денари требаше за внатрешната опрема да се доделат на ова студио. Тие средства се општествени средства. Секој може да отиде и да изврши контрола. И органите се тука. Сите работи постојат. Овие работи треба да излезат на виделина.

Овде е министерот за транспорт и врски. Третиот канал кој емитува програма на заедниците, работи во тешки услови и во таа смисла треба да се разбере мојата забелешка. Повлете, направете истражување каде се овие средства. Така како и за училиштето Зеф Љуш Мрку за кое во тоа време се доделени седум милиони марки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарма г-дине претседателе, почитувани пратеници, почитуван мандатар,

Некој вика “кучињата лаат, караванот врви”, па да гокажам и јас моето. Граѓаните на Република Македонија во септември 2002 година, ја дадоа довербата преку искажувањето на својот глас за една политичка опција која мошне детерминирано нудеше, пред се социјална, економска благосостојба во својата промотивна политичка кампања, а луѓето кои стоеја зад целиот тој политички циркус се претставуваа себе си дека токму тие и единствено тие се најспособни да обезбедат економски и финансиски развој за државата кој на крај ќе резултира со забрзано приклучување на Република Македонија во Европската унија што, воедно, е крајна цел на сите политички опции во Македонија, а не само на оваа владеачка гарнитура.

Сето тоа напишано на хартија прекрасно изгледаше, но во практика се покажа нешто сосема спротивно. Наместо просперитет и економски раст добиваме стагнација или подобро речено деградација на економски план. Рамноправни позиции на сите стопански субјекти се промовираше и сеуште се практицираат политички реваншизам на уништување на се она што е сторено од претходната власт, а донело позитивни резултати. Тотална безидејност и слух за решавање на општествените проблеми, не подготвеност за прифаќање на барањата од ЕУ за членството што се огледа најмногу во немањето изготвена државна стратегија за членство во ЕУ и секако општо масовно владеење на сивата економија која е зголемена според официјални Владини извори за 200% од минатата година, а секогаш е пропратен елемент на економската политика на Бранко Црвенковски кој не само што не ја сузбивал , туку и секогаш ја користи како најдобар инструмент за релаксирање на социјалното задоволство во општеството.

Со ваквото однесвуање власта сака да демонстрира надмоќност и способност, но го постигнува сосема спротивниот ефект за што граѓаните не ги интересираат политичките препукувања, туку тие сакаат конкретни видливи резултати на економски план и сосема јасно дека на владеачката коалиција нема да и поминат демонстрациите на сила, замолчување на медиумите и дефокусирање на јавноста со разно разни афери зад кои се крие нејзината неспособност да се справи со тековните проблеми и состојби и

огромните грешки и малверзации кои ги направи и повеќе од сигруно дека ќе продолжи да ги прави.

Зошто предложениот состав од минситри е скоро сосема ист како досегашниот? Грешките и пропустите на оваа Влада, а како што напоменав ова важи и за идната поради идентичноста на персоналот со негативно впечатливи ступидно нелогични, но со огромен повеќетраен деструктивен ефект за македонската економија во идниот период.

Погледнати од денешна истанца во изминатите две години Владата направи такви катастрофални потези кои и штетат на државата, но и на самата владеачка коалиција, што само по себе е парадокс.

Листата на овие катастрофални потези е доста долга, што е нејасно за толку кратко време успеа да направи толку грешки и пропусти на економски план, па да ги спомнам најкардиналните.

Во период кога соработката и помошта од ЕУ е мошне важна и потребна за Република Македонија како и на јасно искажана определба на Владата за зголемвуање на странските инвестиции во земјата од страна на Европската Инвестициона банка добивме многу разочарувачки констатации. Имено, од 18 милиони евра кредит одобрени за мали и средни претпријатија искористени се само 2,2 милиони евра, додека останатите одобрени средства ќе пропаднат во јуни, а 130 милиони евра одобрени за подобрување на инфраструктурата во државата искористени се едвај 15%.

Неостварувањето на овие проекти се смета дека дел е поради недостигот на искуство во менаџирање на проекти, но поголем дел и поради неажурност на ресорните министерства во процесот на пласирањето на кредитите и се во период кога сосема јасно се утврдени главните барања и насоки од ЕУ за нас меѓу кои е истакнато дека основна клетка на македонската економија пред се треба да се мали и средни претпријатија со особен акцент на претприемаштво.

Индолентниот и пасивен однос на Владата кон дирекните странски инвестиции е општо познат, но јас ќе го илустрирам имено кога се тврди од страна на Владата дека очекува економски бум и се декларира е отворена за странски инвестиции, на барањето за давање локација за остварување на инвестиција во вредност од 25 милиони евра од компанија која има ланец на супермаркети не се одговара 9 месеци. Неразбирливо е

држава која се декларира дека е отворена за странски инвестиции самата го кочи нивното реализирање, па наместо Владата сама да ги привлекува директните странски инвеститори, тие се приморани сами да го пронаоѓаат излезот од неспособните и непријателски расположени административни лавиринти. Ова е еден од многуте случаи како Владата на СДСМ и нивните коалициони партнери создаваат саркастично речено поволен амбиент за инвестиции и економски развој.

Исто так апо подолго време од опстојувањето на оваа Влада или подобро речено владеачка коалиција никако да ги видиме резултатите од масовнопрокламираната заложба за влегување на економска благосостојба и релаксирани меѓучовечки односи чие промовирање започна уште во изборната кампања 2002 година. Наспроти тоа имаме многу лоша секојдневна социјална и економска слика проткаена со редовно одржување и најавување на штрајкови во сите сфери од општествениот живот. Да набројам самонеколку од поактуелните и многу актуелниот штрајк на просветарите, масовен штрајк во Македонски железници, секојдневен штрајк и протест на Лавовите и воено-полициските бранители, штрајк во “6 Ноември” од Валандово, штрајк во “Тале Целески” од Кичево, штрајк во “ЕМО” Охрид, предупредувачки штрајк во “Жито Лукс” Скопје и т.н., најавен, па откажан штрајк во судството,одбраната, јавната администрација, здравството и многу други. Ако е се идеално како што се прикажува од страна на Владата од каде тогаш ова масовно незадоволство кое не завршува само на овие примери. Веднаш на ова се надоврзува и масовното незадоволство на сите учесници во земјоделието. Во тој контекс треба да се спомне следното:

Сите сигнали од странските економски стратешки партнери на Македонија укажуваат дека спасот на државата од длабоката економска криза што ја зафати во последната година и половина треба да го гледа преку развој и унапредување на земјоделието и промовирањето на земјоделските производи како примарна стопанска гранка. Меѓутоа, Владата не наоѓа заедничко тло за соработка со земјоделците за кои сведочат нивните се почести негодувања, конфликти и интереси кои тие јавно ги одбележуваат и бараат нивно решавање како што е прашањето за наметнување на купување поскапо ѓубриво од земјоделците кое е есенцијално за нив, бидеки од него директно зависи квалитетот на производството, потоа неконтролираното продавање

неисправни хемиски препарати, потоа неволноста на Владата за помош на земјоделците да ја остварат пролетната сеидба и многу ригорозните услови за кредитирање на земјоделието, конфузијата која постои во производството на тутун, а како последен негативен податок од оваа обалст е намалувањето на вредноста на вкупните земјоделски производи во март оваа година до 66,5% помалку во однос на истиот период лани.

Ова се само некои од многу те проблеми во оваа сфера, а за чие нерешавање земјоделците неодана се заканија со кревање на “селанска буна”, меѓутоа повеќе пати истакнуван проблем е за разрешување на спорните ситуации во земјоделието е изготвување на државна стратегија во земјоделието.

По препораките на ЕУ која од своја страна многу јасно истакна дека производството на еколошки чиста и здрава храна е една од основните предности на Република Македонија и главен предуслов за привлекување на странски инвестиции, па оттаму и  потребата за изготввуање на една таква стратегија во која јасно ќе бидат дадени приоритетите и начините преку кои оваа примарна стопанска гранка ќе треба да се развива и со тоа ќе претставува главен иницијатор на севкупниот економски развој на Република Македонија.  Меѓутоа, Владата во своето досегашно работење не најде засходно да изготви ваква стратегија што не може да се разбере никако поинаку , туку како целосна нејзина флагрантност, неспособност и покрај силните заложби за влез во ЕУ на Република Македонија во најкус можен период да ги овозможи примарните услови за остварување на тој процес.

Кога се зборува за земјоделието, природно се наметнува и споменувањето на таканаречената аграрна ренесанса спроведена со заедничко залагање на Министерството за земјоделство и Министерството за труд и социјална политика кои ја сметаат оваа аграрна реформа за најдобро решение за многубројната армија социјалци, но повеќе од се сигурно е дека таа ќе заврши со дебакл, како нејзин така и на останатите министри, а сето тоа е резултат на ништо друго, туку на неажурноста и незаинтерсираноста на Владата и ресорните минситерства целосно да ја реализираат таа програма зошто имаат постојано друг политички ангажман како на пример избор на претседател на Република Македонија кој бараше нивен целосен ангажман, па затоа

нивните обврски за кои впрочем го добиле мандатот од граѓаните и Собранието на Република Македонија се ставени на втор план.

Понатаму, уште едно од барањата на ЕУ кое намерно се саботира од страна на оваа позиција е нецелосно спроведување на процесот на национализација чија цел во Република Македонија е за поправање на една огромна неправда нанесена од чисто идеолошки причини во еден одминат период. Но, фактите говорат дека сеуште постојат поединци во власта кои ја оправдуваат и ја сметаат за исправна таквата постапка на национализација во сосема незаконски причини и ја кочат оваа процедура започната од претходната Влада. Иако се соема свесни за неминовноста од нејзино остварување тоа го прават од ниски побуди само со цел за уништување на се она што е сторено од Владата на ВМРО-ДПМНЕ и нејзините коалициони партнери.

Како потврда се многубројните опструкции на самата денационализација кои се појавуваат во многу различни форми, како на пример поништувањето на правосилни решенија од страна на второстепена владина комисија само затоа што не се во согласност со интересите на поединци од сегашната власт. Наплаќање на судски такси иако законски не биле предвидени, не основано обжалување на судски решенија од страна на Јавното правобранителство во Битола, мистериозно снемување и затурување на судски предмети, сите овие постапки го враќаат процесот на денационализација на мртва точка.

Што се однесува допостоењето на митото и корупцијата во редовите на оваа Влада, нема да одам подалеку, туку само ќе госпомнам случајот на апсење на еден од највидните членови на СДСМ со висока функција во Министерството за одбрана заради примање на мито кој случај е со најнов датум, потоа финансискиот криминал на службеници во Управата за приходи обвинети за проневера на средства од ДДВ и големата афера со издавањето на ЦЕМ дозволите во Министерството за транспорт и врски што е еден евидентен пример за тоа како Владата преку ресорните министерства ги кочи, а со тоа директно ги уништува стопанските гранки и нивни оделни сегменти.

За што станув азбор во конкретниот случај, накратко, за да може појасно да се увиди деструктивното работење на Владата. Критериумите за добивање на тие дозволи се точно прецизирани со акти на Владата, но тие не се почитуваат и се работи според

некои неконвенционални криминални критериуми и се добива состојба во кои фирми кои воопшо не поседуваат транспортни возила да ги добијат дозволите со цел полесно да ги префрлаат, а превозници кои не само што ги поседуваат бараните критериуми, туку и таа дејност им е единствен извор на егзистенција се лишени од добивање на дозволи за транспрот за европските земји со што дирекно е закочен...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Србиновски јас знам дека читате говор, но ве молам држете се до темата, не употребувајте изрази криминални и други работи, бидјеки се сеќавате на почетокот на мојот мандат токму тоа вам ви пречеше и јас ја опоменав позицијата , додека не се докаже нешто. Ве молам, ќе ви го одземам зборот, вратете се на темата.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Добро, вие можете во секој момент да ми гоодземете зборот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе ви го одземам зборот затоа што воопшто не зборувате за темата.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

На крајто ќе се навратам на почетокот, граѓаните ја дадоа довербата на денешна позиција во 2002 година каков е спорот од нејзиното владеење со Република Македонија и како таа ја оправда таа доверба до сега е повеќе од евидентно. Сива економија, според официјални владини податоци опфаќа 43% бруто домашен производ, пад на индустриско производство, највисок процент на невработеност, закочени странски инвестиции и процеси на приватизација, во моментот има 400 илјади невработени, 47 илјади стечајни работници и технолошки вишок, 100 илјади работници нередовно земаат плата, а 60 илјади семејства живеат од социјална помош. Во внатрешноста на државата процентот на вработени жители е 10% и на крај како што може да се забележи од моето излагање ни едно од барањата на ЕУ не се исполнува и згора на сето тоа човекот кој најдирекно ја презеде одговорноста која произлегува од дадената доверба и победа на парламентарните избори своеволно и без и малку срам и грижа на совеста ја напушти позицијата премиер и покрај тоа што не оствари нити едно од дадените предизборни ветувања за подобрување на животниот стандард на граѓаните на Република Македонија.

Сега, сосема истата целосно неспособна Влада на чело со еден тотално политички аматер и чија единствена препорака е тоа шо ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВКСИ:

Господине Србиновски јас незнам кој ви го пишувал говорот, тоа морам да ви го кажам дека претеравте. Ве молам, завршувајте. Не е дирекна навреда некој да се нарекува криминалец, аматер, мислам дека е недостоинствено. Ве молам да бидеме коректни затоа што сме коректни едни спрема други. Завршете г-дине Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Не е во ред претседателе да ме прекинувате во мислите, сега треба да почнам од почеток. Претседателе јас ве почитувам , почитувајте ме и вие мене. Уште 5 минути ќе завршам. Во интерес на времето што и да кажам јас не сум за оваа Влада. Се знае што направи оваа Влада на чело и со вас претседателе. И вие читавте па никому ништо.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршете ја дискусијата, а се извинувам ако погрешно ме сфативте, но навистина имаше одредени изрази во вашиот говор кој не се долични, барем настојував така да биде , нешто научивме, воспоставивме еден начин на комуникација.

Повелете г-дин Хусеин Хусеинџевад, а нека се подготви пратеникот Силвана Бонева.

Значи комуникето што го слушнавме беше доста инспиративно, охрабрувачко и надежно. Сакам заслужениот аплауз, што го имаше на крајот новиот премиер да го има и на крајот на неговиот мандат од нас и од сите граѓани на Република Македонија. Можеби заслужува посебен нагласок решавањето на проблемите во основното образование и до универзитетското образование. Треба да го признаеме фактот дека во географската распределба на просторот на Република Македонија на школските објекти, недостатокот е видлив. Но ова е катастрофално во Западна Македонија каде исто така и Албанците и Македонците и Турците. Мислам дека ова треба да се реши пред финализирањето на проектот на децентрализација, бидејќи општините нема да имаат моќ и долго време оваа голема потреба да ја исполнат. Инаку, ако не се земат мерки, акутни мерки во оваа насока, можеме слободно да кажеме дека немаме ниту основно образование, ниту

средно образование во Тетово, Гоставар и на други места. Не е добро децата кои учат по влажни подруми со 50 ученици во училница и овој факт да го сметаме како судбина на децата, бидејќи живеат во Тетово на пример.

Новиот премиер и неговата Влада ќе се залагаат верувам во ова да ги остварат стремежите на Владата, на државата и секогаш имајќи го предвид фактот дека фундаментот на успешното раководење е правдата. Не е речено попусто: "јустиција фундаментум регнорум ест". Неколку зборови, бидејќи немав можност да реплицирам, односно конструктивната опозиција ќе ги надополнеше предлозите со предлози и конкретни сугестии како што направија двајцата пратеници од опозицијата на господинот Љубисав Иванов - Ѕинго и на господинот Стојан Андов, со едно омаловажување тоа не се прави, но повеќе ова ми личи и на носталгичните извици за изгубената власт, заборавајќи дека тие самите се едно "дежави". Бев краток ние ќе гласаме за оваа Влада. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Бонева, повелете, а нека се подготви пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на старо новата Влада, почитувани колеги,

Пред нас мандаторот господинот Хари Костов достави Програма за работа на Владата на Република Македонија, од само три листа, во која што декларативно се наведени залагања, од кои навистина неможев да видам што реално ќе прави Владата и што можат да очекуваат граѓаните во наредниот период од две години.

Основните заложби, основните приоритетни цели и активности кои што ги наведува господинот мандатор, според тоа, како овде се дадени, најпрвин се почнува од целосното и доследно спроведување на уставните измени и законските прописи, кои што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор и исполнувањето на преостанатите обврски од него. Навистина, овде имате консензус од сите политички партии, бидејќи речиси сите се потписници на Рамковниот договор и бидејќи се работи за имплементирање на уставните амандмани, навистина нема да има воопшто проблеми,

бидејќи уште само неколку закони останаа навистина, да ги пружи овој пакет, што произлегоа од промената на Уставот и уставните амандмани.

Овде зборувате дека ќе се залагате за соодветна и правична застапеност. Кажав дека навистина, немаме ништо против, јас лично и партијата на која и припаѓам, она што е во Рамковниот договор, што е превземено како обврска да се спроведе, меѓутоа сакам да прашам дали моделот на правична застапеност на етничките заедници ќе се сведува и понатаму на отпуштање на македонците, а на нивно место вработување на претставници од албанската етничка заедница и дали понатаму рационализацијата во администрацијата ќе биде на грбот на политичките неистомисленици со власта, односно ќе биде сведена на пресметка со опозицијата. Синоќа имавме можност да чуеме дека вицепремиерот Муса Џафери кажа на телевизија дека рационализацијата во администрацијата произлегува од економската состојба во државата. Ќе верував дека е така доколку навистина, на местото на технолошките вишоци кои што во овие две години сега што следуваат немаше да бидат вработувани претставници од власта, или претставници на дригите етнички заедници. Сакам да напомнам, да не се свати наопаку она што го зборувам, воопшто не сум против соодветната и правична застапеност. Меѓутоа, бркањето на едни луѓе од работа, под изговор дека се технолошки вишоци и дека се потребни реформи, а вработување на нивно место со договор за повремена работа на партиски војници и на претставници од другите етнички заедници за мене не е модел за соодветна и правична застапеност на етничките заедници.

Понатаму, овде зборувате во вашата програма дека ќе го довршите процесот на враќање на внатрешно раселените лица, со почитување на принципот на доброволност. Дали почитуван мандаторе може да се спроведе овој процес кога не ни функционира вистински правната држава на целата територија на Република Македонија, еве ќе ви дадам само пример, жителите на кумановското село Матејче по осми пат ја уништуваат црквата “Свети Ѓорѓи”,споменик на културата од 13-иот век и за овој вандализам, по којзнае кој пат Републичкиот завод за заштита на спомениците, неговиот директор поднесува кривични пријави против непознати сторители иако директорот, тоа го прочитавме во печатот вели дека јасно се знае кој и како постојано ја уништува црквата. Но, што прави МВР? Зошто не ги изведува сторителите пред лицето на правдата, да ги казни, за да не се повторува тоа. Како може сега овој премиер, кој што претходно беше

министер за внатрешни работи да му веруваме дека ќе го доврши овој процес на враќање на раселените, кога сеуште палат и се уништвуваат не само црквите, туку и домовите кои што се реконструирани на граѓаните од овие краишта, а сторителите се на слобода. Како понатаму може да се има доверба во оваа Влада кога за време на нејзиниот мандат се случуваат толку многу убиства,кои што не се разрешија и кои што прават граѓаните да бидат исплашени и навистина да се чувствуваат несигурно.

Поантаму во вашата програма се навраќате и на тоа дека како ваша приоритетна цел ќе го завршите процесот на новата територијална поделба на општините и децентрализацијата и финансирањето на локалната самоуправа. Повторно, мое лично мислење е, а тука се и моите колеги и сите претставници на опозицијата, воопшто нема да имате опструкција, бидејќи децентрализацијата како процес е навистина потребен во Република Македонија, меѓутоа, ме загрижува вашата констатација која што ја имате дадено во вашата програма, каде што велите дека и покрај определени спротивставени дискусии кои што се одвиваа во јавноста во локални рамки, па и во самото Собрание на Република Македонија, а кои што беа мотивирани од определени политички или ситни локални интереси, сепак неспорен е фактот дека досегашната територијална поделба на општините во државата, со поголем број општини и начинот на нивно досегашно финансирање неможе да опстане.

Зошто велам дека ме загрижува ваквата констатација. Навистина јас неможам да разберам како може да давате вакви квалификации дека се ситни локални интереси огромниот број на референдуми кои што ги имавме низ Република Македонија, каде што граѓаните повеќе од 90% се изјаснија за опстојување на нивните општини, токму заради нивните локални ситни интереси и незнам дали сметате дека треба да постојат локалните самоуправи, не за ситните интереси на граѓаните од локалните самоуправи, туку за ќејфот на власта. Дали, повторно ќе кажам, за ќејфот на власта треба да се уништат селата кои што туку што пркнаа и кои што доживеаја невиден процвет во периодот откако станаа независни, односно самостојни општини. Дали да и се даде доверба на Владата која спроведува децентрализација без приложување на анализа на финансови показатели од кои може да се види дали некој општини ќе опстојат или не. И најсетне, финансирањето и законите за финансирање на локалната самоуправа, ако навистина

сакате вистинска децентрализација, а не централизација многу добро треба да размислите за процентите од даноците кои што треба да се вратат на општините.

Понатаму, се осврнувате како приоритетна цел дека е реформата на судството во Република Македонија имавме можност само пред неколку дена генералниот секретар на НАТО да го чуеме од оваа говорница како не потсетува дека треба да ги спроведеме реформите во судството. Мене ме изненадува тоа што после две години мандат на оваа старо нова Влада, повторно ви се потребни уште три месеци за да направите реформа на судството во Република Македонија. Знаете многу убаво каква е состојбата со судството во Република Македонија, колку просечно експертите имаат пресметано колку вкупно денови се потребни за судска разврска некаде околу 509 дена а во земјите на Европската Унија за половина, некаде 235 дена. И не само тоа, на какви се тортури се подложени граѓаните и каква е самата демографија во Република Македонија можевме многу добро, ние барем пратениците да видиме, според извештајот на Народниот правобранител кој што беше доставен во собраниска процедура во кој што видовме дека за 40% се зголемени претставките до Народниот правобранител. Тоа е само за оние граѓани кои се обратиле до него, а да не зборуваме за оние кои што навистина не се обратиле да бараат помош. Тој вели дека 3854 граѓани, чии што права биле повредени во државните органи и институции се обратиле за помош. Навистна тоа покажува каков е степенот на демократија кога граѓаните се жалат не само на нивните повредени права во судските постапки туку и прекршување на нивните социјално економски права, меѓутоа и на бавното и тешко остварување на правата во имотно правните односи. Но не е само тоа што загрижува. Многу битно е тоа што таква оценка даваат граѓаните за функционирањето на полицијата. Каков е односот на полицијата кон граѓаните дека нивнот однос е непрофесионален, дека имаат недолично и грубо однесување, злоупотреба и непочитување на законските обврски, особено при приведувањето и задржувањето на граѓаните во полицијата. Наместо полицијата да ја известува јавноста само за прашањето од нивна надлежност, таа продолжува да се впушта во прашања кои што произлегуваат од нивниот делокруг и кој сериозно ја доведуваат под прашалник декларативната заложба на Министерството за почитување на човековите права и слободи и се прикажува повеќе како орган на партиска пропаганда, отколку како државен орган. Имавме можност да читаме во весниците и за оценките на Хелшинскиот комитет,

кој што исто така, зборува дека не само што упорно МВР ги игнорира уставните забрани за приведување без судски налог и за дискриминација на граѓаните по основа на политичка припадност, туку обратно ги користи меѓупартиските судири како основа за сопствено дејствување, при што прва жртва на таквото апсолутно неправедно однесување е продукцијата на невиност.

Почитуван мандаторе и поранешен министер за внатрешни работи, јас никде не видов во вашата пргорама во Програмата на новата Влада дали така мислите да продолжите и понатаму,каква ќе биде одговорноста на полицијата доколку навистина продолжи со кршење на правата на граѓаните во Република Македонија и уназадување на демократските процеси во Република Македонија.

Понатаму, се осврнувате на натамошното интензивирање на активностите во борбата против организираниот криминал и корупцијата. Навистина убаво, сите декларативно зборуваат за борбата против организираниот криминал и корупцијата. Велите во вашата програма дека не само што ќе продолжите да ги интензивирате активностите туку, ќе работите на подигање на општествената свест и свеста на секој поединец и граѓанин за штетните последици од корупцијата и за изградба на морален систем на вредности, во која корупцијата ќе биде високо ризична и неисплатлива активност. Навистина да видиме како тоа го правевте досега, па да знаеме што можеме да очекуваме бидејќи оваа декларативна заложба друго немаме.

Јас ќе започнам со финансиската полиција. Финансиската полиција знаеме со месеци беше без прв човек на нејзино чело. Незнам и денес дали има поставено. Знаеме дека 9 луѓе се на се ги има во финансиската полиција, кој што беа затворени во една соба, кој што немаа основни средства за работа и беа обучувани од една американска агенција и толку беше со борбата што треба да ја води финансиската полиција и вашата загриженост за профункционирањето на оваа финансиска полиција.

Понатаму, треба да кажам нешто и за тоа како администрацијата, државната адмиистрација, која што треба да се справува со борбата против корупцијата може навистина професионално да си ја гледа работата, кога постојано над нејзината глава стои метод на Владата, односно заканите дека ќе има повторно рационализација, дека ќе има повторно отпуштање, е тогаш, нека му ја мисли тој што ќе се крене да каже некој збор за корупцијата во редовите на Владата и на власта, нека се бори некој од државната

администрација, која постојано се уценува за нејзините работни места дали таа може да се бори и против корупцијата во редовите на власта.

Понатаму, да спомнам само за шверцот со цигари кој што секој ден пред носот на полицијата и на сите граѓани на Република Македонија, за пример да го земеме Бит Пазар, го имав тоа и како пратеничко прашање, меѓутоа, никому ништо, шверцувани цигари се продаваат на секое ќоше без никаква одговорноста на Владата и јас незнам како таа ќе се справи по шверцот, еве конкрето со цигари и никако неможам да видам како ќе ја води таа борба, ниту пак досега имаше сериозен одговор.

Понатаму ќе спомнам за договорот, односно штетниот договор кој што се случи со Мајал Софт со далекусежни негативни последици за целокупниот информатички развој на земјата. За овој договор почитувани дами и господа, освен тоа што јас многу пати досега ви одземав од вашето драгоцено време, уште пред да биде потпишан договорот, се изјасни и Антикорупциската комисија дека договорот и постапката за негово вклучување се нетранспарентни и спротивни на македонските закони за јавни набавки. Сега што направи Владата по однос на ваквите забелешки и каков пример може да биде за другите правни и физички лица во Република Македонија, за тоа запрашајте се вие. Не распиша тендер, постапката е водеше тајно, фаворизираше само една фирма, што е спротивно на законот, против ограничување на конкуренцијата, создавајќи уште еден монопол во државата, а ќарот од овој договор директно го има семејството на досегашниот премиер на Република Македонија.Тоа ли е почитувани дами и господа добар пример за подигање на општествената свест за борбата против корупцијата и така ли ќе ги убедите граѓаните дека тоа е високо ризична и не исплатлива активност.

Овде сакам да се осврнам и на делењето под рака што беше спомнато пред малку на ЦЕМ дозволите во Министерството за транспорт и врски,протестите на камионџиите цел месец што беа и никој од надлежните немаше слух за нив и за нивните барања да се поништат нелегално поделените дозволи, меѓутоа овде господинот Хари Костов и Министерството за внатрешни работи се покажаа навистина експедитивни, експресно реагираа само за тоа да ги оневозможат да ги блокираат улиците.

А им требаше повеќе од еден месец да потврдат дека дозволите навистина се делеле нерегуларно и според личните финансиски интереси на поединци од

Министерството за транспорт. А штетите за двомесечното неработење на камионџиите, ни криви ни должни, им паднаа на грб.

Почитувани претставници на старо-новата влада, дали сметаме деак на тој начин ќе ја интензивирате вашата активност во борбата против корупцијата? Дали сметате дека граѓаните на Република Македонија ќе ви веруваат само на вашите декоративни заложби, без да се каже што конкретно ќе направите да не се повторуваат ваквите случувања, или да ги спроведете укажувањата на Атикорупциската комисија.

Понатаму, ќе потсетам и на секојдневните скандали во здравството, не нефункционирањето на системот на здравствена заштита, на незадоволството на граѓаните, но и на незадоволството на вработените во здравството, на недостигот од најнеопходни материјали и инструменти, на недостигот од лекови и помагала секогаш кога им требаат на луѓето кои имаат мака. Луѓето се принудени да ги набавуваат од приватни аптеки, дури и од други држави.

Ќе се осврнам сосема накратко и на новиот Закон за јавни набавки, во кој процедурата е подолга и навистина потранспарентна, да не се случуваат вакви нешта како што се случуваа во здравството, меѓутоа, по мислење на стручни луѓе од оваа област, здравствените организации и пациентите за набавка за нешто што им е потребно ќе чекаат два пати можеби и три пати подолго отколку до сега. Тоа значи дека хаосот и во здравството продолжува, а немаме ниту збор во Програмата што ќе се случува и како ќе се разрешат овие состојби во областа на здравството.

Овде сакам да спомнам дека мандатарот не нашол за потребно да напише два збора ниту за образованието. За сферата на образованието нема многу да зборувам, бидејќи кога имавме интерпелација на господинот министер за образование Положани доста зборував. Сега само сакам на него и на Владата да им обрнам внимание дека навистина треба да се насочат да ги решаваат реалните потреби и проблемите на граѓаните во државата и да се научат навистина да ги слушаат нивните потреби. Зошто и овде го велам овде? Затоа што, почитувани дами и господа, во последниве два месеци Владата си играше и со судбината на матурантите кои секојдневно чекаа да се објави конкурсот за упис на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј”, да ги дознаат условите за упис за да можат да се подготват за приемните испити. Ректоратот уште на крајот на месец

март го испратил до Владата, меѓутоа, одговор немаше од Владата. Матурантите се жалеа дека не им остана време да се подготват за приемните испити и со тоа им се намалуваат шансите за влез во државната квота. И студентскиот правобранител, господинот Борче Давитковски, изјави: Односот на Владата е некоректен, жално е за студентите кои ќе немаат време да го подготват приемниот испит. Наставничките совети на факултетите ги утврдија предметите што ќе се полагаат, но чекаа одобрување од Владата. Исто така, министерот за образование мораше на време на каже кои од приватните универзитети работат според законот, односно кои имаат решение за работа, за да ги заштитат студентите од манипулација. Но Владата си тераше избори, сите беа републички изборен штаб и навистина овие проблеми на младите не беа и нивни проблеми.

И во оваа сфера повторно ќе се осврнам на Законот за јавни набавки кои предвидува факултетите да набавуваат стоки, да објават тендер само еднаш годишно и тоа до износ од 3.000 евра. Деканите на факултетите јасно предупредија дека со тоа ќе настане целосна блокада на факултетите. Тоа почитувани дами и господа, повторно зборува за тоа дека при носење на законите оваа Влада не се консултира со оние на кои им ја крои капата. Ако го прави тоа, нема да ни се случуваат вакви нешта и навистина ќе имаше барем неколку зборови, ако се увидеше дека решенијата кои се понудени не можат да функционираат онака како што треба или ќе блокираат одредени институции. Во оваа програма тоа требаше јасно и гласно да биде наведено, за да знаат луѓето што можат да очекуваат од оваа старо - нова Влада. Да не зборувам сега за штрајкот на образованието, за повредата на достоинството на просветните работници кои до ден денес не го оствариле своето право, за повеќето од 300.0000 ученици кои повеќе од две недели беа без настава, и повторно ќе кажам дека нема ни збор во оваа програма дали нешто ќе се изгради во образованието, дали училиштата кои се без покриви, без инвентар и без основни услови за работа и понатаму ќе продолжат или имаат можност да се понадеваат дека оваа Влада конечно ќе размисли и за овие прашања. Повторно ќе кажам, ниту збор за овие суштенствени прашања од областа на образованието.

Сега сосема накратко ќе се осврнам и на земјоделството, кое исто така воопшто не се спомнува во Програмата на Владата, освен тоа што е, почитувани дами и господа, што

можат земјоделците во Република Македонија да го очекуваат од оваа Влада, освен она што го видоа до сега, бидејќи ниту збор нема нешто убаво да се каже, барем да се понадеваат дека Владата мисли и на нив. Освен тоа што оваа Влада го укина Фондот за земјоделство и кажуваше приказни дека субвенции и премии не може да има за земјоделците, бидејќи навистина тоа го бара Европската унија, Меѓународниот монетарен фонд и тн., па го зголеми данокот на додадена вредност и ги оптовари уште толку земјоделците, репроматеријалите за нивно производство и навистина уште толку им ја отежна состојбата, а вистината само за субвенциите и премиите е дека половина од Буџетот на Европската унија гоинава, значи повеќе од 100 милиони евра се даваат за субвенции во земјоделството. Значи, треба ли и понатаму оваа Влада да има рестриктивен однос кон сопствените земјоделци и сточари, или конечено треба да размислува дека треба да го поттикнува развојот на земјоделството и сточарството кое е од интерес за сите граѓани во Република Македонија, бидејќи таму можат најголем дел од невработените да си ја најдат сопствената егзистенција.

Да не зборувам за млечната криза која беше спомната во експозето на господинот мандатар, која на задоволство на сите граѓани во Република Македонија само ден пред изборите се најави дека конечно нема млечна криза и се решени сите проблеми. Меѓутоа и понатаму си продолжува увозот на млеко, земјоделците и понатаму, сточарите се жалат дека после изборите нема никакво решавање на овој проблем, туку повторно овој проблем искрсна после изборите, значи тие беа излажани. Понатаму, да не зборувам за увозот на поефтини земјоделски и сточарски производи од земји каде земјоделците добиваат премии и субвенции, како и извозни стимулации, па му конкурираат на нашето земјоделско производство и навистина нашите земјодлци се немоќни да се борат против ваквата конкуренција, а со тоа се уништува нашето земјоделство. Мислам дека оваа Влада толку многу ги осиромаши земјоделските производители, што навистина од нив направи социјални случаи и оваа Влада покажа до сега нека нема концепт и стратегија и нема знаење за да обезбеди развој на земјоделството и сточарството во Република Македонија и токму затоа ни с еслучува овој хаос, а бидејќи не кажува ниту збор во врска со овој огромен проблем на огромен број граѓани во Република Македонија кои се занимаваат со земјоделство и сточарство, бидејќи не кажувате ништо господине

мандатаре за наредните две години што може овие луѓе да се надеваат, останува да мислиме дека за жал земјоделците и сточарите ќе бидат социјални случаи во Република Македонија.

Понатаму, сосема накратко ќе се осврнам и на културата, бидејќи во вашето предизборно ветување кажавте дека, ако дојде СДСМ на власт, ќе има култура по која ќе не распознава светот. Се порадуваа културните работници кога господинто Благој Стефановски беше ставен за министер за култура и си рекоа човек од културата навистина ќе води сметка за развојот на културата во државата. Меѓутоа, се случи токму спротивното нешто, од културата да бидат тргнати од челните места и позиции во институциите на културата луѓе кои навистина ја задолжиле Република Македонија со својот минат труд. Ќе го спомнам само за пример Заводот и Музеј - Охрид, каде директорот беше заменет со правник по професија. Беше намален буџетот за културата, се зборуваше за неефикасна и глобална администрација и најави справување со истата, меѓутоа, се зголеми бројот на луѓето кои се вработија во културата со договор на дело. Бидејќи многу често зборувавме овде за културата, ќе кажам само едно: жално е тоа што ингеренциите на ова Собрание со законите кои ги носевме од областа на културата се пренесоа на министерот за култура и не можат пратениците, кои се директни претставници на граѓаните од местата од кои доаѓаат, да одлучуваат за проблемите кои ги имаат културните институции од областа на културата во локалната самоуправа и тоа е веќе надлежност на министерот за култура.

СДСМ вети ќе се донесат прописи за стимулативна даночна и царинска политика и прописи за стимулирање на донаторството во областа на културата, со што би се придонело за развој на културниот туризам, но од сето тоа нема ниту трага ниту иницијатива. Дури, и благородната идеја на ВМРО-ДПМНЕ во таа насока, со промените што ги дадовме за измена на членот 20 од Законот за данокот на добивка, со цел да се создаде поволен амбиент, преку стимулативната даночна стапка односно се предвидуваше даночно олеснување во областа на културата и со тоа се сакаше да се придонесе за поголемо инвестирање во капитални објекти и дела од областа на културата, меѓутоа, знаеме како завршија предлозите дадени од ВМРО-ДПМНЕ и тука нема многу да се задржувам. Сепак ќе кажам, според експозето и Програмата на

мандатарот и овде и за оваа сфера не можат да видат културните работници во кој правец натаму ќе се движи културата во Република Македонија.

Понатаму, се зборува за активностите што ќе ги продолжи Владата за интегрирање на Република Македонија во Европската унија и НАТО. Јас ќе кажам само тоа дека факт е дека Република Македонија е буквално во кафез. Граѓаните на Република Македонија визи немаат само за неколку држави во светот. Тоа е нашето отворање. Тоа покажува колку во овој период Владата ја приближила Република Македонија до Западна Европа и до светот. Сметам дека периодот што претстои пред нас, а посебно кога ќе пристигне прашалникот со 4.000 прашања треба навистина сериозно, реално да се одговори какви се состојбите во државата и конечно од деклративните заложби на Владата да се премине на дело со јасно утврдени рокови што треба ние како Парламент да сработиме за да можат навистина идните генерации, барем од утре натаму да се гордеат дека имало некој кој поставил некакви основи за нашето приближување кон Европската унија.

Сега сакам да им поставам прашање на претставниците на Владата кои навистина многу често, граѓани на Република Македонија со кои сум разговарала на оваа тема ни го поставувале и навистина јас сметам дека во овој момент треба да биде поствено а тоа е: дали старо - новата Влада воопшто чувствува барем морална одговорност за смртта на претседателот Борис Трајковски, затоа што владината авио служба не работела според стандардите, затоа што не бил исправен уредот за снимање на податоците на летот на алуминиумска фолија во црната кутија, кој била должност да си направи така; затоа што се штедело и на авионско масло; затоа што техничката документација за одржување на авионот не се водела ажурно, а авио службата немала прирачник за оперативни постапки. Дали почитувани дами и господа, тоа ќе ви биде поука за во иднина за посериозно однесување кон такви сериозни и навистина за живот значајни прашања не само за поединци туку и за Република Македонија како држава.

Понатаму, зборувате дека ќе ги динамизирате стопанските активности, рструктурните реформи, ќе привлечете странски инвестиции, ќе ја намалите невработеноста и сиромаштијата во Република Македонија. Зборувате дека со своите мерки Владата ќе настојува да создаде позитивен макроекономски амбиент и општи услови за стопанисување еднакви за сите учесници на пазарот. Бидејќи немате наведено

кои се тие мерки, да не не сполета повторно некој нов Бранков закон, бидејќи тоа што го декларирате овде го деклариравте и пред 18 - 19 месеци. А што направивте? Навистина имавме Бранков закон со кој успеавте да ги честите газдите, бидејќи со овој закон се вработија работници кои претходно работеа на цено, а не се вработија невработени лица. Ова не беше економска мерка. Го прекршивте Уставот на Република Македонија бидејќи овој акт беше дискриминаторски кон пазарната економија за која се залагате и во оваа економија, ги ставивте во подредена положба работодавачите кои плаќаат придонесе за дотогашните регистрирани вработени во однос на работодавачите кои за вработените со Бранковиот закон не ги плаќаа понатаму овие придонеси и со тоа навистина добија многу پониска крајна цена за нивните производи, а стопанствениците, почитувани претставници на Владата упорно бараат да се интервенира со закон што би ги стимулирал инвестициите, по што ќе се наметне и потребата од новите вработувања. Не кажувате, господине мандатаре ништо за тоа дали ќе ги намалите даноците, бидејќи тоа беше ваше предизборно ветување, односно ветување на партијата, која ја претставувате како мандатар. Наместо во овие две години да се насочи сета енергија кон заживување и рестартирање на постојните капацитети во државата, со тоа што ќе им се овозможи на работодавците да користат поволни кредити со мали камати и да го намалите процентот на износот за придонеси и даноци на плата од 70% на пример на 50%, со што реално и подеднакво би биле третирани сите работодавци, вие направивте нееднаквост на пазарот и го применивте Бранковиот закон.

Да не зборувам понатаму навистина за неспособноста на Владата да го реши овој горчлив проблем од кој што немаме навестување ниту во оваа програма како ќе го решите и како ќе се занимавате со сериозните проблеми од социјалната свера. Почитувани претставници на Владата, најважна цел треба да ви биде даденото предизборно ветување заради што и гласаа граѓаните во 2002 година, а тоа беше вработување на по еден член од секое семејство. Досега од тоа не видовме ништо, сама бркање од работа и скоро 400 илјади невработени. Само во оваа година имаме нови 5 илјади невработени, се навестуваат и нови отпуштања во државната администрација и јавните претпријатија, а на крајот на претходната година тогашниот премиер рече: оваа 2003 година беше година на безбедносно, меѓуетничко, економско и меѓународно

стабилизирање и нормализирање на државата. Но, економската офанзива во 2004 година ќе биде нашиот вистински пат. А пак министерот Стевчо Јакимовски во интервјуто во Утрински весник од 12.12.2003 година кажа дека оваа година ќе биде година на инвестиции, а се очекува на македонскиот пазар да влезат и големи нафтени компании со кои ќе се домонополизира пазарот на горива. Ги чувствуваме сите ние овие благодети од цените на горивата во Македонија, а посебно од огромните инвестиции во Република Македонија. А немате ниту збор за приватизацијата на ЕСМ која што виси над сите нас. Треба да се крстиме значи на изградбата на трговскиот центар на Коч и да профункционира Бунарџик. Тоа се засега најголемите инвестиции и најголемиот инвестиционен бум, со новите 5 илјади невработени. Но повторно ќе кажам, Владата имаше друга поважна работа, мораше да биде изборен штаб на г. Бранко Црвенковски, а народот ако досега не умре од сиромаштија, може да почека уште малку, па ќе се врати старо-новата Влада и на инвестициониот бум и на вработувањето. Меѓутоа, оваа Влада мора да гледа дека се случи самоубиство заради прекинување на социјална помош и заради прекинување на струја на граѓани на Република Македонија, дека се најдоа луѓе во нивните домови умрени од глад.

Почитувани дами и господа,

Елементарниот недостиг на храна, недостиг на кров над главата, на здравствена и социјална заштита во Република Македонија претставува најотворена повреда на достоинството и вредноста на човекот и за голем дел од населението ја прави беспредметна расправата и за култура и за образование и за малцински права и за развојни политики и за граѓански права. Граѓаните на Република Македонија се доведени во ситуација на таква сиромаштија која се манифестира како потполна зависност, без помошност и подложеност на искористувања од најнизок вид да не го почитуваат законот, да ја хранат корупцијата, да го овозможуваат непотизмот, да го прифатат партиското припаѓање како единствен начин да преживеат. Тоа почитувани дами и господа не е само мој заклучок, тоа е заклучок и на Хелсиншкиот комитет. За тоа ли ја добивте почитувани дами и господа довербата од народот? И затоа сметам дека не ве бива како што не го биваше ниту вашиот премиер кој што избега во претседателската фотелја, не ве бива ниту вас претставници на старо - новата Влада, да ги решавате проблемите на граѓаните

во Република Македонија од сите причини кои што ги наведов досега. Токму заради тоа нема да гласам за вашата доверба и се надевам дека наскоро и граѓаните на Република Македонија масовно ќе го направат тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓа Лилјана Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Почитувана колешке Бонева, мислев дека ќе го видиме вашето ново лице. Меѓутоа, сепак го видовме старото лице на ВМРО-ДПМНЕ. Каде тоа застанале демократските процеси во Република Македонија навистина не ми е јасно кога на Македонската телевизија во времето на Владата на ВМРО-ДПМНЕ единствено гледавме дали Љубчо се изговара со “б” или со “п” и весниците беа масовно контролирани, а сега имаме плејада на весници во приватна сопственост. Во борбата против корупцијата прв пат во овој мандат на овој Парламент и на оваа Влада беа потпишани анкетни листови за имотната состојба на јавните личности и носители на јавни функции, исто така и на пратениците кои ги потпишавме и владеачкото мнозинство своите анкетни листови ги даде на увид на јавноста, додека ВМРО-ДПМНЕ не дозволи да бидат дадени на увид на јавноста, меѓутоа тоа прашање е за дискусија. За новите  вработувања и структурните реформи кои што требаше ВМРО-ДПМНЕ да ги направи до крајот на 2002 година, само да потсетам дека имаше според Бранковиот закон 29 илјади нови вработувања од кои 15 илјади беа во приватниот сектор, а 20 илјади вработени беа отпуштени заради структурните реформи кои што ВМРО-ДПМНЕ требаше да ги направи до крајот на 2002 година заради реформите во Република Македонија. И да ја потсетам колешката Бонева дека прв пат во самостојна Македонија беа пломбирани бензински пумпи заради измама на граѓаните и продавање на дизел или екстра лесно гориво. Тоа е заради измама на бензински пумпи. Сепак, жалам што не го видов новото лице на колешката пратеничка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Госпоѓата Лилјана Ивановска не мора да се грижи за моето ново лице. Новото лице на граѓаните на Република Македонија ќе го видите сите вие претставници на власта

заради тоа што навистина демократските процеси многу добро ги чувствуваат граѓаните на Република Македонија. Вие навистина изгледа живеете во виртуелен свет и не гледате што се случува во Република Македонија, не слушате што зборуваат граѓаните, што зборува Хелсиншкиот комитет. Сметам дека конечно треба да ги отворите очите и да видите што правите вие како власт. Жал ми е што навистина наместо да размислите сериозно за сето она што го наведов, бидејќи тоа е гола вистина, тоа е вистина констатирана и од Народниот правобранител и од Хелсиншкиот комитет и вистина која што произлегува од маките на граѓаните на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г. Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Господине претседателе, господин мандатор, не е тука и дами и господа,

Денешната седница е избор на нова Влада, а прашање е дали можеме да ја крстиме дека е седница за избор на нова Влада, или потврда на стара Влада. И по она што беше експозе на мандаторот за денешнава седница прв кој излезе да зборува беше г. Љубисав Иванов Ѕинго кој што врз база на неговото искуство претпоставувам политичко и амбиентално како долгогодишен пратеник кажа дека овде нема атмосфера за избор на нова Влада итн. Мене се ова што се случува и каква е атмосферава не ми личи ова како за избор на нова Влада, повеќе ми личи како интерпелација на старата Влада. Практично и на тоа се сведува. Ова е стара нова Влада. Затоа што едноставно имаме само нов мандатор кој што е извлечен од истата Влада и кој што го пополнува само местото на министерот за внатрешни работи. Меѓутоа, очигледно дека и тоа Министерство останува дефинитивно под најдиректна контрола на самиот мандатор. Според тоа, во едни вакви услови оваа Влада дефинитивно нема право на 100 дена молк. Ова е Влада која е во континуитет. И поради сето тоа јас ова ќе го сватам како интерпелација и поради неефикасноста, грешките во функционирањето на оваа Влада итн, ќе гласам со не, против оваа Влада, затоа што не мислам да го легитимирам неуспехот кој треба да продолжи и понатаму да функционира и да ја води државата на се пониски гранки не само во нејзиниот развој демократски, туку воопшто и економски и во секој смисол што може да се види и во самото експозе. Зошто викам неуспешна? Затоа

што не сакам да ги набројувам сите овие работи кои што одредени пратеници ги набројуваа како случаи и афери, меѓутоа ќе кажам некои поеклатантни работи. На пример, во Владата Министерство за здравство како да нема едноставно, а всушност и нема министерство затоа што во тоа Министерство нема ни директор во Бирото за лекови, нема заменик министер, министерот не се појавува во јавност. Работите во здравството се случуваат едноставно во некоја колотечина, се јавуваат проблеми кои можат да се решат за два дена и тие не се решаваат и со денови тоа стои во медиумите, меѓутоа луѓето и понатаму страдаат. Значи, имаме практично едно Министерство кое е во крајно пасивна состојба, или конзервирано кое не функционира. За разлика од него на пример Министерството за земјоделие не можеме да го крстиме како Министерство за земјоделие, него би го крстил јас Министерство за борба против земјоделците. Ама буквално како се стигна, баш од Министерството за земјоделие се мава по земјоделците и мислам ќе успее министерот со вака продолжениот мандат да стигне до крај и да ги уништи комплетно.

Трета работа што е исто така прашање на Владата и што овие денови ни се случува е еден државен вандализам, она што се случува во Охрид со рушењето. Ако некој немал прилика би требало да појде и да види како научна екскурзија да му биде за да свати што значи елементарна непогода, или во најлоша варијанта кажано дури и државен тероризам. Бидејќи некој ако појде таму и не знае што се случува, ќе праша дали е ова некој терористички акт толку рушења што се направени. Обезличено е крајбрежјето на Охридското езеро со еден крајно вандалски чин, а тоа е одговорност баш на оваа Влада. Истовремено продолжува праксата во МВР каде што и најавата на сегашниот мандатор за полициска држава и тоталитарен систем. И како награда претпоставувам за тоа тој го доби сега и мандатот што зборува во прилог дека таму работите и во доменот на човековите права работите можат и понатаму да се нарушуваат во подрастични мерки од она што беше. Во јавноста посебно ми беше забележителна изјавата на мандаторот г. Хари Костов дека тој нема да дозволи формирње на нова финансиска олигархија во Македонија. Значи тој дефинитивно признава дека постои финансиска олигархија која е под негов патронат и тоа е многу опасна ситуација за Република Македонија и функционирање на економијата. Кога имате таква финансиска олигархија, тогаш не може

ни пиле да прелета, не може ниеден друг бизнис да се реализира во оваа земја. И тоа е практично кочницата на економскиот развој во оваа земја. Истовремено гледаме дека ни претстои повторно еден нов амбиент како што беше практично транзицијата, или приватизацијата на општествениот капитал, сега повторно по истиот терк имаме приватизација на државниот капитал. Нема агенција, нема ништо. Тоа е дозволено право на министрите без никаква јавност и транспарентност да го оутѓат државноит капитал, дали тоа ќе биде во одбрана, дали ќе биде ваму, или таму, образование и градинки, да не зборуваме. Меѓутоа ни се случува и тоа е уште опасна работа после таа неуспешна приватизација. И сега на сето ова мора да кажам во целата агенда досега на работа на оваа Влада единствено што можам да согледам досега што било позитивно, тоа е работата по агенда на господинот Бучковски кој сепак функционираше и еволуираше и стигна да некој напредок. Меѓутоа сите други сектори кој помалку, кој повеќе или не функционирале, или крајно погрешиле, или дефинитивно се промашени како такви.

Трета работа што сакам да ја напоменам, тоа е дека оваа Влада фингира практично реформи. Кои реформи сега за судскиот систем. Требаше некој да дојде и да не опоменува. Па ние до пред некој месец бевме во ситуација да укажуваме на тоа што се случува со судството најмногу преку гласањата на Републичкиот судски совет. И тоа беше издржано до крај, иако беа најавувани реформите. Нема реформи во судството, на овој начин сигурно нема, а не гледам ни дека ќе се реализираат, ќе се фингираат и ќе се демонстрира дека нешто се прави, ќе се обвинуваат и судиите и ќе се обвинува сé живо, меѓутоа Владата ќе излезе  од сето тоа дека таа прави напори и дека ќе успее да ги реализира реформите во судството. Не и одговара едноставно да ги реализира тие работи.

Друго што би рекол, тоа е за безбедноста. Овде имаме полемика дали безбедноста е подобрена, неподобрена. Меѓутоа во овој пост кризен период ние сме сведоци на повеќе убиства и повеќе експлозии отколку што имаше и во време на кризата кога имаше воени дејствија. Така што безбедноста ако ја третираме вака, или онака, или ја рангираме е многу тешко да ја прецизираме во секој случај. Македонија не е безбедна земја и тоа треба да го прифатиме дека е така и дека треба да се работи на тој план, а не дека се постигнати резултати кои дефинитивно Македонија ја дефинираат како безбедна земја.

Како посебен сегмент во сето ова јас би го наброил практично она што е злоупотреба на Рамковниот договор. Рамковниот договор е потпишан, потоа се изгласани уставните амандмани околу тоа. Меѓутоа, злоупотребата на Рамковниот договор доведува, а таа злоупотреба е од страна на Владата. Владата тука треба многу внимателно да работи, зато што злоупотребата на Рамковниот договор без разлика колку Рамковниот договор нуди практично решение на меѓуетничките односи. Неговата злоупотреба нуди влошување на меѓуетничките односи. Кога почна Владата да работи зборувавме за отпуштања заради осовременување на администрацијата, па технолошки нови процеси и ред други работи за да после година дена срамежливо веќе се најави и се кажа дека практично тоа е создавање на простор за поправична застапеност на етничките заедници во структурите во општеството. Владата за таква сериозна работа требаше да направи стратегија и да се води по таа стратегија и таа стратегија со консензус како и за Рамковниот договор да биде донесена и да има буквално еволуција во сето тоа. Бркање на еден за да биде внесен друг, создава револт кај оној што сте го избркале. Него повеќе не можете да му објаснувате  Рамковниот договор и не можете да му ги објаснувате бенефитите на Рамковниот договор, посебно во вака изострени економски и социјални услови во кои што е самата држава.

Меѓутоа, кривицата за се ова е и во Владата од една страна, затоа што наместо да работи, таа два месеци беше во кампања и наместо да работи оваа Влада направи практично најголем фалсификат на изборите од осамостојувањето на Македонија до сега. Практично, на овој начин претходниот мандатор избега од Владата и сега јас не гледам причина кога тој избега, зошто пак ние да ја бираме. Тоа е едно.

Второ, ако е во тоа поентата, тоа е дека практично вака како што е наместена самата Влада, повторно самата Влада ќе ја води г-динот Бранко Црвенковски, меѓутоа од сенка и без одговорност, што е уште полоша состојба за самата Влада

Мене, на крај, потполно ме изненади ова експозе кое што овде го имаме од страна на мандаторот. За ова експозе незнам едноставно што да мислам. Прво, што мислам, пред се, дека мандаторот и по искуство и по знаење и по други работи има знатно големи капацитети од ова овде што се нуди. Така, ми станува дефинитивно нејасно зошто ваков концепт се нуди. Дали мандаторот знае повеќе работи што ние не ги знаеме и кои што кои

за разлика од неговиот претходник ете, не сака да излаже, па вака го кажува. Меѓутоа, ако е тоа така, дефинитивно сите сме се откажале од она што е перспектива, развој и дефинитивно Македонија не за следните 10, туку за 20 години нема да влезе во ЕЗ.

Фројдовски гледано мене посебно ме зачуди еден дел, тоа е на страница 13, каде што вели за тоа дека Владата е свесна дека невработеноста и сиромаштијата се најголеми проблеми и продолжува со реченицата, каде што има сиромаштија нема демократија, нема економија, нема развој, таму важат елементарните правила на природата од односно - борба за опстанок. Народот македонски воопшто сите граѓани на Македонија треба да го чујат ова. Вие сите веќе сте, меѓутоа, ќе влегувате во многу поинтензивна борба за опстанок и многу поголема сиромаштија. Ова мене ми личи на книгата животинска фарма, каде што на крај меѓусебе самите се испоизедеме и ќе завршиме како такви. Ова експозе не нуди излез од оваа ситуација и мислам дека вакво експозе, со вакви капацитети на луѓе кои не се докажаа не нуди перспектива. Токму од такви причини не мислам да гласам за оваа Влада.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Оровчанец.

Само една мала корекција, ние во Деловникот немаме интерпелација за Влада, имаме само доверба и интерпелација за избрани и именувани функционери.

Повелете господине Замир Дика, а потоа нека се подготви пратеникот Никола Груевски.

ЗАМИР ДИКА:

Господине претседател, почитувани членови на предложената Влада, господине мандатар, почитувани колеги,

Ги делам мислењата и проценките на претходните говорници и јас лично се подготвував за да имам дискусија во врска со една нова програма, една нова визија која што ќе понуди нова енергија, за да се надмине актуелната ситуација и едноставно лично се изненадив кога ја видов оваа програма и го прочитав експозето што го имаме пред нас, кое што за жал не нуди ниту еден реален проект како да се соочиме со феномените кои што треба да се идентификуваат такви какви што се, ниту конкретни рокови кога тие

програми и на каков начин ќе се реализираат. Затоа, анализата на новиот состав предложен од мандатарот се однесува за една констелација на претходната стара влада, речиси иста Влада и затоа во овие наши анализи ние ја анализираме работата на досегашната Влада. Затоа што, самиот мандатар во неговата програма се повикува на континуитет, што со други зборови кажува дека е задоволен со работата што ја направи Владата и бидејќи нема никаква измена се согласува со ситуацијата во земјата. Но, каква е ситуацијата во земјата. Како да излгеда дека овдека се недоразбирањата. Јас мислам, доколку некој е задоволен со тоа што е направено и се прави во Република Македонија од досегашната Влада, тогаш имаме проблеми со индентификација на проблемите. Ќе се обидам г-дине мандатар, да помогнам со еден агол на гледања од моја страна од досегашната работа на Владата, значи од агол на опозиција за да ви помогнам да ги подобрите вашите програми и вашите чекори во реализација на таа програма. Се што започнува од мандатот што го доби оваа влада треба да се потсетиме на ова. Тоа беше конфликтот, војната, разурнувањата, убиствата,многу инвалиди, многу трауми семејни, сето ова беше параван на парламентарните избори, од каде што произлезе и мандатот на оваа Влада. И оваа влада е тесно поврзана со мировниот договор тн., Рамковен договор, што некои не сакаат да го слушнат, бидејќи тоа е веќе минато. Но, имајќи ја предвид оваа инвестиицја, овие премиси, од кои произлегува мандатот на оваа Влада, мислам дека е многу значајно, да се кажат некои работи. Рамковниот договор е донесен од незадоволствата, за да се забрза или пак на револуционерен начин да се вратат правата на албанците во Република Македонија. Ова според Рамковниот договор се реализира на два начина. Преку преамбулата која што ги става албанците во Македонија како државотворен народ, се верифицира за разлика од другите народи кои што се спомнуваат во преамбулата со официјалната службена употреба на албанскиот јазик или пак 20%, што е уставна категорија и како такво во преамбулата ги нагласува албанците како државотворен народ.

Исто така, Рамковниот договор се заснова на принцип на донесување на одлуки за изградба на мултиетничко општество. Сега со нови премисии на мултиетничка држава. Адекватното учество гарантирано со уставен амандман да се направи брзо, итно, на револуционерен начин и квалитетно и квантитетно. Децентрализацијата е дел од

Рамковниот договор, затоа што да се елиминира фискалната дискриминација и институционалната дискриминација, различни програми за ресоцијализација во зоните на криза, предуслови кои што треба да го вратат вербата, лојалноста, да се вратат раселените, сите овие работи во Рамковниот договор се со рокови. Се добива впечаток дека се спомнува Рамковен договор, тоа е еден поим, а не како категорија која што ги мери унапредувањето на правата на албанците во Македонија. Тоа е категорија која што може да се мери. Јас се обидувам да ги воспоставам механизмите кои што мерат, бидејќи Владата во својата програма, мандатарот не даде ниту еден елемент каде е Рамковниот договор, што е направено и што е останато и уште што треба да се направи, да се реализира. Исто така, мандатот на оваа Влада во континуитет кажува нови длабоки форми во борба против корупцијата, вработување на еден член од семејството итн. Што направи Владата, што е реализирано, и колку.

Што се однесува до албанскиот јазик без да се цитира уставниот амандман многу јасно и децидно пишува дека албанскиот јазик е официјален јазик во Република Македонија и вели дека треба да се донесе посебен закон за употреба на албанскиот јазик во државните органи. Поминаа две години и сеуште немаме закон за употреба на албанскиот јазик во државните органи. Тоа е уставна обврска и ниту еден механизам не може да го попречи оваа Влада да го донесе овој закон. Има мнозинство гласови и вие имате основа, политички консензус имплементиран во Рамковниот договор. Што направивте меѓу време? Меѓу време се донесоа закони кои што на парцијален начин дифунираат употреба на алабанскиот јазик во неколку делови или во неки делови. Немам друг збор, освен еден обид за редукција на официјална употреба на албанскиот јазик. За деградирање на употребата на албанскиот јазик, кој што требаше да се гарантира со Уставот и да се донесе закон за употреба на албанскиот јазик. Законот за пасоши, се намалува тоа прво, а не обврска на државата да им се даде пасоши на припадниците на албанскиот народ. Законот за измена на високото образование, каде што исто така албанскиот јазик се поставува на еден, навистина, многу лошо ниво, каде што албанците имаат право да организираат високообразовен англиски јазик на одредени студиски програми, тоа е едно прашање, кое што може да се соочи доколку нема некоја посебна волја со Врховниот суд. Сеуште сите сметки доаѓаат на еден јазик. Законот за локална

самоуправа на парцијален начин ја дефинира употребата на албанскиот јазик и во моменти кога што треба да се донесе еден закон за употреба на албанскиот јазик, ќе се рече еве ние ја донесовме оваа употреба со едни парцијални други закони и несвесно или свесно ние институционализираме редуцирање на употребата, официјалната употреба на албанскиот јазик, предуслов кој што, сепак, го донесува сето она што е кажано за албанскиот народ како државотворен народ. Имаме закон за менување на тргови, плоштади, за спомен обележја, кој што сега имплементираат механизам на консензус во делови каде што треба да се унапреди позицијата на албанците таа да се употреби или пак се заобиколува, а во овие закони да се подобри и целата дискриминација во културата, тогаш на дециден начин се импонира консензусот. Спомнав и претходно во местата каде што живеат албанци, каде што се мнозинство сеуште имаат улици како што се ЈНА и некои револуционери ки што некои и не ги слушнале итн. Значи, зарем нема можност да се променат тие имиња, бидејќи се ќе зависи всушност од гласот на еден советник, а сето тоа произлегува од еден рамковен договор, од една криза која што беше на праг на една граѓанска војна. Се што беше на место, да се предложи една програма, каде што ќе се елиминираат досегашната институционална дискриминација на албанскиот јазик, а потоа да се имплеменмтира консензусот, а со тоа ќе се почитуваат културните придобивки, кои што се евидентни. Инсистирам на овој столб кој што е значаен околу јазикот, бидејќи не имплементирањето на јазикот е елемент. Доколку тоа не се направи ние ќе направиме нешто лошо. Владата ќе постигне неуспех во областа на рамноправноста како прв предуслов од Рамковниот договор, а оваа нерамноправност се рефлектира во сите сектори, во сите области од живеењето. Нерамноправноста потоа произведува дестабилизација, економски и севкупен. Адекватното учество, да речам, таму се слушаат некои работи дека луѓето се бркаат од работа. Да речеме, вчера еден ветеринар беше отстранет од работа. Тој е татко на две деца, меѓувреме дипломирал на ветеринарен факултет со просечна оценка 9%, а тој бара работа во пицерија. Што ќе мисли тој кога нема семејство, а кога гледа дека неговиот колега ветеринар со семејство е одстранет од работа. Синојка бев во Дебар на една погребна церемонија, излегува еден родител и тој ми вели, слушнав дека од работа ќе ги отстрануваат луѓето. Ве молам, внимавај да не ми го отстранат мојот син од работа. Еден почитуван наставник ми рече,

ве молам, сушнав дека ќе отстранат од работа наставници. Г-дине Костов, вие сте задоволен од работата на Владата. Ова ваше задоволство мислам дека ќе го засновате на нешто релевантно, а можеби релевантен фактор за вас е изборот на претседателските избори. Значи, победата на претседателските исбори. Доколку ова за вас е основа врз која што градите континуитет, а не предложите ништо ново, ќе ви речам дека имате голема грешка. На овие пртседателски избори со целосна одговорност велам дека е направена кражба, фалсификување со една единствена цел да се победи Бранко Црвенковски, а пред се потценување на албанскиот електорат. Во оваа фаза на флагрантна кражба на гласови, што значи задоволство или незадоволство нанашите граѓани, за процесите што ги реализира оваа Влада, но во Дебар јас сум сведок за заканите со отстранување од работа на сите оние кои во моментов се на работа. Можеби читавте дека синоќа имавте една сообраќајка многу чудна на нашиот потпретседател на партијата кој што беше во тоа возило вчеравечер беше приведен потпаролот на ДПА на г-динот Сулејман Рушити. Значи, полицијата влезе и го приведе г-динот потпарол. Исто така, имавме и приведување на еден пратеник од страна на полицијата на незаконски начин.

Господине мандатар, ве молам, ниту еднаш не спомнувајте го зборот дека еден албанец старец ме задржа и ми рече дека верува на Министерството за внатрешни работи и верува во вас. Ве молам, јас сум млад, но се сеќавам дека во комунизмот секогаш излегуваше еден албанец со бело капче кој што бевте задоволен од постигањата на тогашната социјалистичка држава. Навистина, жалам господине мандатар но вашите проценки врз кои вие нудите континуитет ми мириса на комунизмот. Гледаме темни облаци за Република Македонија во континуитет. Која е другата област? Повторно со дебарчаните.

Ме прашуваат интелектуалци дебарчани како г-дине пратнеик, има двајца координатори, од двете парламентарни партии, има еден министер за транспорт и врски. И еве година и пол ниту еден метар пат,  ниту една инвестиција нема во Дебар. Што е работата? Тоа е историска шанса Дебар барем малку да излезе од овој хаос што постои веќе 100-тина години. Некој од нив велата можеби виновник е тој дебарчанецот што е министер за транспорт и врски. Јас си велам не е вината кај него, туку вината е во

концептот на интегрирањето кој , навистина, ги гази автотоните концепти за реално унапредување на позицијата на албанците во Република Македонија .

Имам информации дека нема ниту еден вработен во Министерството за финансии. Понатаму во Министерството за надворешни работи година ипол нема ниту еден вработен албанец со решение и во голем број во други министерства нема ниту 1% од албанците вработени .

Соодветно на тоа претставување, квантитетно и квалитетно, на албанците во системот, г-дине мандатар е една компонента без која неможе да се гради мултиетничко општество. Вие година ипол не дадовте ниту 1% како оди прогресот на имплементирањето на овој уставен амандман. Парцијално дадовте информации за неколку министерства, а ниту еднаш не дадовте релевантна информација како се реализира уставниот амандман. Каде се албанските компании. Каде се албанските фирми.

Од еден колега беше спомнат Законот за државјанство дека е едно постигање на оваа Влада. Ние како пратеници имаме канцеларии за прием на граѓани. Тие граѓани кога доаѓаат за да разговараме за нивните потешкотии, ние им рековме имаме нов закон, имаме навистина големи ветувања дека ќе се направи нешто и се добро ќе биде. Но, истите луѓе доаѓаат после неколку месеци и ни ги кажуваат проблемите со кои се соочуваме. Значи имаме закон за државјанство, но имаме голем број албанци без државјанство. Децентрализацијата е столб што е гаранција , фискална децентрализација , да го попречи механизмот на дискриминација. Финансиска децентрализација, што се спомнува 1% од ДДВ да оди во Центарот, а потоа од Центарот да се распределува и механизам на дотации што се зема како контрола од страна на централната врз локалната власт што ќе исполни еден многу силен услов, а тоа е попречување на институционална дискриминација. Тоа е мислам дека е како трет столб . Тука морам да го спомнам проблемот на Скопје. Наместо , Скопје, како и во сите мултиетнички општества или држави , главните градови се административни, заеднички зони. Со Предлогот што е прва фаза, не само што не се почитува тоа, туку и начинот на создавање на една општина во Скопје, сеуште ги гетоизира албанците и нема никаква врска со концептот на интегрирање.

Во образованието имавме усвојување на законот за отворање на нов државен универзитет, додека во Буџетот, во стапката каде што се дестинираат парите за високото образование, немаме ниту една пара, туку Универзитетот се финансира од волјата на еден министер кој е албанец. Нема дадено ниту една пара во стапката за високото образование на албански јазик. Во фазата на имплементирање на овој проект, се гледа распад на академскиот амбиент на албанците што навистина ми е жал што оваа Влада со незнам каква политика приоѓа кон ова чувствително прашање на албанците.

Социјалната помош, не зборувам за други општини, еве за Дебар, голем број на семејства повеќе не уживаат во социјална помош односно таа им е прекината што барем малку влиаеше за да се подобри таа тешка социјална положба на тие семејства.

Од економски аспект, имаше неколку обиди , да се рече дека Рамковниот договор е илеревантен, но економскиот просперитет ќе гарантира овие меѓуетнички прашања да ги гледаме со едно поинакво око. Јас мислам дека многу е погрешна оваа проценка, бидејќи за Европската интеграција треба да се исполнат тир столбови. Столбот на економскиот развој постојано оди со столбот на меѓуетничките права и политичките процеси. Неможеме да речеме дека односно да зборуваме само за еден столб и со ветувања дека ќе ги минимизираме нивните права, правата на албанскиот народ.

Јас повеќе нема да навлегувам во таа проблематика, бидејќи не сум економски експерт, но сакам да го нагласам следното. Зголемувањето на ДДВ за животни производи електрична енергија итн. а невработеноста се зголемува. Кога веќе година ипол продолжува еден ваков тренд, и сме во ситуација да гласаме за нова Влада, излегува мандаторот и тој се повикува на континуитет. Незнам дали има некој научник или пак економски аргумент што може да го прифати тоа.

Лично јас од г-динот Хари Костов очекував дека ќе понуди нешто ново, бидејќи граѓаните очекуваат да слушнат нешто ново. Но, за жал немаме таков случај. Ние ќе имаме континуитет на нереализирање на Рамковниот договор, ќе имаме континуитет на негативен тренд во економијата, негативен тренд во вработувањето. Жал ми е, но јас мислам, со овој предлог што го имате вие г-дине мандатар, немате ресурси, немате капацитети, немате време да се соочите со овие предизвици. Затоа ДПА и нашата парламентарна група ќе гласа против овој нов состав на Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Дика.

За реплика се јавува г-динот Рафис Алити.

РАФИС АЛИТИ:

Јас ќе му реплицирам на колегата Замир Дика што навистина имам почит кон него. Иако се кажаа многу невистини овде, ние овде не сме за да се занимаваме со возачки исправи, кој каде има несреќни случаи. За тоа има надлежни органи кои треба да ги направат истрагите. Но, како и да е. Неколку пати од претставниците на ДПА имаше обиди да се дезинформира јавноста во Република Македонија во однос на прашањата дека во текот на претседателските избори се наполнети кутиите за гласање. Тоа го велам со целосна одговорност, бидејќи ние како политичка партија го повикавме нашето гласачко тело да гласа во втор круг и нивниот глас да го даде на СДСМ, за претседател лна Републикава. Тоа го направивме јавно. Како и да е ДПА и г-динот Замир Дика излегоа со друг слоган во “заштита на албанскиот глас”, бидејќо ако некој во минатото го има прекршено и омаловежено албанскиот глас, тоа е токму ДПА која во минатите претседателски избори гласаше во неколку случаи, или ги наполни кутиите, гласаше и за мртвите. Но, г-дине Дика треба да ви биде јасно дека албанското население но и јас лично не сум имал потреба од вас, вие да го браните мојот глас. Така што , ако ние сакавме да ги напониме кутиите, можеби ќе ги напоневме. Но, велам, тоа не го направивме. Ние јавно го повикавме албанското население, гласачкото тело на ДУИ, да го даде својот глас за кандидатот на СДСМ, г-динот Бранко Црвенковски кој е и сегашен претседател на Републиката.

Јас не би сакал да зборувам за минатото, бидејќи тоа не придонесува за иднината. Сите ние треба да влечеме поуки од минатото, во текот на вашето владеење, на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Дика имате една минута контрареплика.

ЗАМИР ДИКА:

Почитуван колега мислам дека и вие ќе го поделите моето мислење. Не станува збор за возачки дозволи, туку за несреќни случаи каде што беше инволвиран и

потретседателот на мојата партија. Може да се рече дека станува збор, можеби и за политички инцидент.

Што се однесува до гласовите објаснете ми го овој феномен. Требвош и Палатица се две села кои се многу блиску. Во Требош г-динот Црвенковски имаше 18 гласови, а во Палатица 1200 гласови, а реков толку се блиску. Објаснете ми го ова. Или пак г-динот Шаќири овде. Нека ми гарантира г-динот Хисни Шакири дека 11 иљади албанци од Склупчане, Оризаре, Матејче, излегле физички и го дале својот глас за г-динот Бранко Црвенковски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има г-динот Хусеин Џеват Хусеини.

ХУСЕИН ЏЕВАТ ХУСЕИНИ;

Јас целосно ве разбирам дека опозицијата може да зборува се. Ова е Парламент и треба да се говори тука, да го изразите вашето размислување и вашата загриженост, како и ние нашата. Но, мене ми изгледа дека вие некогаш за црното велите дека е бело. Сега велите обратно, за белото велите дека е црно. Тоа е за вас е една парламентарна игра.

И јас имаме нешто да кажам за кражбата на гласовите, за што многу инсистирате. Сакам да ми кажете, како може на пример два субјекти кои не се познаваат еден со друг, не се во контакт , да бидат виновни за еден единствен деликт. Ја окривувате ДУИ а ги окривувате и вашите членови, како и другата опозициона партија за неуспехот на изборите. Тоа јас не го разбирам. До колку сакате можете да ми го објасните тоа прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута г-дине Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Г-дине претседателе, кражбата на гласовите и фалсификување на записниците и полнењето на кутиите, за сите тие работи мораме да разговараме, бидејќи со тоа се деградираат многу работи.

Почитуван колега, вие заборавате дека две години сте во власта и дека од вас се очекува да инсталирате демократија. Јас незнам како да ви одговорам на тоа прашање.

Селото Требош и селото Палатица се многу блиску. Во Требош, како што реков имаше 18 гласа за Бранко Црвенковски, а во Палатица 1200.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, имаме уште 8 дискутанти.

Бидејќи работиме три часа континуирано, дава кратка пауза од 15 минути.

(по паузата седницата продолжи со работа во 21,30 минути)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Имавме договор пратениците да не земаат збор по втор пат. Меѓутоа, сега имаме двајца пратеници пријавено по втор пат.

Дали се откажувате од дискусија? (не)

Бидејќи не се придржувате кон договорот ја прекинувам седницата.

Продолжуваме со работа утре во 10,00 часот.

(седницата прекина со работа во 21,35 часот)